# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.**

**Петок, 13 април 2001**
**Скопје**
**Број 28** **Год. LVII**

**Аконтацијата за 2001 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 500 денари. Жиро сметка 40100-603-12498**


**659.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10. 04. 2001 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРЕСМЕТКА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1. 01. ДО 31. 12. 1999 ГОДИНА

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишната пресметка за периодот од 1. 01. до 31. 12. 1999 година, бр. 01-137/3 од 28. 02. 2000 година, донесена на седницата на Управниот одбор на ЈП "Македонска радиодифузија"-Скопје, одржана на 28. 02. 2000 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-918/1
10 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**660.**

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97 и 16/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 април 2001 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ, ВИСИНАТА, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Во Одлуката за условите, критериумите, висината, начинот и постапката за утврдување и остварување на правото на социјална парична помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/98 и 21/98) во членот 7 став 2 зборовите: "месецот во кој е поднесено барањето" се заменуваат со зборовите: "наредниот месец по поднесувањето на барањето".

Член 2

Во член 14 став 1 бројот "48" се заменува со бројот "60".

Во алинеја 2 по зборот "третата" се додаваат зборовите: "и четвртата", а во алинеја 3 зборот "четвртата" се заменува со зборот "петтата".

Во ставот 2 бројот "4" во заградата се заменува со бројот "5".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2001 година.

Бр. 23-2213/1
10 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**661.**

Врз основа на член 110 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00 и 103/00), Комисијата за хартии од вредност на 10-04-2001 година, донесе

### РЕШЕНИЕ

1. Се дава согласност за именување на Колев Зоран, со завршен Економски факултет за директор на брокерската куќа "КБ-БРОКЕР" АД, со седиште во Скопје, кеј "Димитар Влахов"бр. 4.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-309/2
11 април 2001 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност,
Претседател,
**Никола Груевски**, с.р.

---

**662.**

Врз основа на член 110 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00 и 103/00), Комисијата за хартии од вредност на 10-04-2001 година, донесе

### РЕШЕНИЕ

1. Се дава согласност за именување на Дамев Младен, со завршен Економски факултет за директор на брокерската куќа "ФЕРШПЕД БРОКЕР" АД, со седиште во Скопје, ул. "Народен Фронт" бр. 17.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-302/2
11 април 2001 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност,
Претседател,
**Никола Груевски**, с.р.

---

**663.**

Врз основа на член 110 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00 и 103/00), Комисијата за хартии од вредност на 10-04-2001 година, донесе

### РЕШЕНИЕ

1. Се дава согласност за именување на Сашо Китановски, рударски техничар за директор на брокерската куќа "БИТОЛА-БРОКЕР" АД, со седиште во Битола, ул. "Васко Карангелевски" бб.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-296/2
11 април 2001 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност,
Претседател,
**Никола Груевски**, с.р.

**664.**

Врз основа на член 10 од Законот за тутун ("Службен весник на Република Македонија" бр. 69/96 и 15/98), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА КОЛИЧЕСТВАТА НА СУРОВ ТУТУН ВО ЛИСТ ШТО ЌЕ СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ ВО 2001 ГОДИНА

1. Врз основа на проценката направена според планираните површини за производство на тутун како и можностите на претпријатијата од тутунската индустрија за пласирање на произведениот тутун на домашниот и странскиот пазар, се определува производство од вкупно 20.600 тони суров тутун во лист.

2. Производството на тутун од став 1 на ова решение по типови изнесува:

| | |
|---|---|
| Од ориенталски тутуни: | |
| - "Прилеп" | 11.000 тони |
| - "Јака" | 7.000 тони |
| - "Џебел" | 400 тони |
| Вкупно: | 18.400 тони |
| Од полуориенталски тутуни: | |
| - "Отља" | 600 тони |
| Од крупнолисни тутуни: | |
| - "Вирџинија" | 1.500 тони |
| - "Берлеј" | 100 тони |
| Вкупно: | 1.600 тони. |

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-3213/1
10 април 2001 година
Скопје

Министер,
**Марјан Ѓорчев,** с.р.

---

**665.**

Врз основа на член 46, став 1, алинеја 1 од Законот за рибарството ("Сл. весник на РМ" бр. 62/93) и дел I под Дојранско Езеро, точка 1 од Наредбата за ловостој на одделни видови риби и други корисни животни од рибниот фонд по одделни риболовни подрачја и ревири, како и ограничување на уловот за време на ловостој ("Сл. весник на РМ" бр. 3/94), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ЛОВОСТОЈ НА СИТЕ ВИДОВИ РИБИ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО

1. Заради заштита на рибниот фонд во Дојранското Езеро, се наредува ловостој на сите видови риби, односно тотална забрана на риболовот во ова езеро во времетраење од 10. 04 2001 година во 12,00 часот до 10. 05. 2001 година во 12,00 часот.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 10. 04. 2001 година.

Бр. 08-3441/1
9 април 2001 година
Скопје

Министер,
**Марјан Ѓорчев,** с.р.

---

**666.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

## РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Прибачево - Општина Оризари.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2071/1
12 април 2001 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Зоран Цветаноски,** с.р.

---

**667.**

Врз основа на член 2 точка 5 и 7 и член 9 став 3 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXVI седница, одржана на 12.04.2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДЕФИНИРАЊЕ И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ

1. Со оваа одлука се определуваат основите, според кои, од аспект на ограничувањата на сопственичката структура на акциите со право на управување и од аспект на кредитната изложеност, се утврдува поврзаност на два или повеќе субјекти.

2. Под субјекти, во смисла на Законот за банките и оваа одлука се подразбираат домашни и странски правни и физички лица.

3. Два или повеќе субјекти се сметаат за поврзани доколку претставуваат единствен ризик, бидејќи еден од нив директно или индиректно остварува контрола во другиот субјект или во неколку други субјекти.

4. Два или повеќе субјекти меѓу кои не постои контролен однос, претставуваат единствен ризик, бидејќи се поврзани на тој начин што доколку едниот субјект има финансиски проблеми, тоа може да предизвика потешкотии во отплата на обврските на другиот субјект и субјектите поврзани со него, односно бидејќи резултатите од работењето на едниот субјект можат значително да влијаат врз работењето или резултатите од работењето на другиот субјект или субјектите поврзани со него.

5. Субјекти поврзани со банката, во смисла на оваа одлука се:

- лицата со посебни права и одговорности, во смисла на Законот за банките;
- акционер кој што остварува влијание врз работењето на банката;
- субјекти кои во смисла на оваа одлука се поврзани со субјектите од алинеја 1 и 2 од оваа точка;
- субјект кој што остварува значителен интерес во друг субјект, во кој што банката исто така остварува значителен интерес.

Под акционер кој што остварува влијание во банка, во смисла на оваа одлука, се подразбира акционер кој што поседува директно или индиректно повеќе од 5% од акциите со право на управување со банката.

6. Контрола, во смисла на оваа одлука значи:

- директно или индиректно поседување или преземање на најмалку 20% од акциите со право на управување, односно уделите на правно лице од страна на други субјекти;
- можност еден или повеќе субјекти сами или заедно со други субјекти поврзани со нив значително да влијаат врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки на едно или повеќе правни лица;

- право на субјектите сами или заедно со други субјекти поврзани со нив да ги назначуваат и разрешуваат мнозинството на членовите на органите на управување, директорите или претседателите и лицата со посебни права и одговорности во едно или повеќе правни лица; и

- остварување на доминантно влијание на било кој друг начин.

Во остварувањето на контролата од став 1, алинеја 2, 3 и 4 од оваа точка, физичките лица се јавуваат како поединци или како претставници на правните лица и истите остваруваат функција на директор или претседател, лице со посебни права и одговорности или член на органите на управување.

7. Покрај начините определени во точка 3 и 4 од оваа одлука, два или повеќе субјекти се сметаат за поврзани и кога:

- заедно, сами или со други субјекти поврзани со нив, ја определуваат деловната политика и работат во координација еден со друг, со намера да обезбедат вообичаени комерцијални предности;

- повеќе од 50% од директорите или претседателите, лицата со посебни права и одговорности и членовите на органите на управување се исти во двете правни лица;

- кога едното физичко лице е сопруг, родител или дете на другото физичко лице;

- два субјекти заедно, сами, или со други субјекти поврзани со нив остваруваат контрола во трет субјект;

- две или повеќе правни лица се контролирани од едно или повеќе физички или правни лица, поединечно или заедно.

8. Поврзаноста на субјектите ќе се утврдува како со преглед на финансиската и друга документација која комитентите редовно ја доставуваат до банката, така и со преглед на документацијата која Народната банка на Република Македонија, во рамките на своите овластувања ќе ја побара банката, или на друг начин со примена на вообичаените стандарди на професионалното работење, со цел да се утврди дали влошувањето или подобрувањето на материјалната и финансиската состојба на едно правно или физичко лице може да предизвика влошување или подобрување на материјалната и финансиската состојба на едно или повеќе правни или физички лица, бидејќи помеѓу нив постои можност за пренос на загуба, добивка или кредитна способност.

9. Од аспект на ограничување на износот на кредитите од член 35 и 36 од Законот за банките, две физички или правни лица се сметаат за поврзани доколку кредитите одобрени на едното лице директно или индиректно служат за финансирање на активностите на другото лице, или доколку имаат заеднички извор на отплата на обврските.

10. Поимот значителен интерес во смисла на Законот за банките е подетално определен со точка 4, 5 и 6 од оваа одлука.

11. Се што е определено во оваа одлука, важи и за штедилниците во Република Македонија.

12. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена, од денот на нејзиното објавување во "Службен весник на Република Македонија".

13. Со влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на капитална, управувачка и роднинска поврзаност на правни и физички лица ("Сл. весник на РМ" бр. 53/96).

О.бр.02-15/LXXXVI-1/2001
12 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

**668.**

Врз основа на член 58, став 4, точка 4 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и член 63, точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ бр. 29/96 - пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXVI седница, одржана на 12.04.2001 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕТО ДОЛЖНИЦИ НА БАНКИТЕ

1. Со оваа одлука се утврдува методологијата која ќе се применува од страна на банките за утврдување на нето должниците.

2. Под нето должници, во смисла на оваа одлука, се подразбираат правните и физичките лица кај кои просечните годишни обврски спрема банката се повисоки од просечните годишни побарувања од банката и номиналната вредност на вложените средства во капиталот на банката.

3. Како обврски и побарувања на едно правно, односно физичко лице, се подразбираат и обврските и побарувањата на правните и физичките лица кои согласно Одлуката за дефинирање и начинот на утврдување на поврзани субјекти во согласност со Законот за банките ("Службен весник на РМ" бр. 28/2001), се сметаат за поврзани со тоа лице.

4. Под обврски спрема банката, во смисла на точка 2 на оваа одлука се подразбираат сите обврски евидентирани во билансната евиденција, како и обврските прекнижени во вонбилансна евиденција согласно Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките и штедилниците ("Службен весник на РМ" бр. 26/96 и 27/98).

5. Под побарувања од банката, во смисла на точка 2 на оваа одлука, се подразбираат сите побарувања по основ на депозити, позајмици и други побарувања од банката.

6. Просечните годишни обврски се добиваат така што збирот на износите на обврските на последниот работен ден, од последните пет квартали, се дели со 5. На ист начин се пресметуваат и просечните годишни побарувања.

7. Пред одржување на годишното собрание на акционерите на кое се усвојува годишната пресметка, банката е должна да ги утврди нето должниците од листата на комитенти кои имаат обврски спрема банката. Обврските спрема банката се утврдуваат согласно дефиницијата од оваа одлука.

Непосредно по одржувањето на годишното собрание на акционерите, банката е должна листата на утврдените нето должници на банката да ја достави до Народна банка на Република Македонија.

8. Се што е определено со оваа одлука, важи и за штедилниците во Република Македонија.

9. Оваа одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

10. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за методологијата за утврдување на нето должниците на банките и штедилниците ("Службен весник на РМ" бр. 53/96 и 61/98).

О.бр. 02-15/LXXXVI-2/2001
12 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески**, с.р.

**669.**

Врз основа на член 25 став 2, член 26 став 1 точка 2 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000), член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 26/96-пречистен текст и бр. 37/98) и Уредбата за поблиските услови за отворање и работа на претставништва на странски лица во Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 25/95, 59/97 и 54/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXVI седница, одржана на 12. 04. 2001 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТИ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ**

1. Во Одлуката за потребната документација за издавање на согласности и доставување на известување според одредбите на Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 111/2000), се вршат следните измени и дополнувања:

"- Во глава I, точка А, потточка 6, сврзникот "и" на крајот од реченицата се брише.

- Во глава I, точка А, потточка 7, точката на крајот од реченицата се брише и се додава сврзникот "и".

- Во глава I, точка А, се додава потточка 8, која гласи:

отворање претставништво на странска банка или друга странска финансиска организација.

- Во глава II А, се додава точка 8, која гласи:

За добивање согласност за отворање претставништво на странска банка или друга странска финансиска организација, кон барањето се поднесува:

а) Одлука на надлежниот орган на управување со банката, односно финансиската организација, за отворање претставништво;

б) Извод од регистарот во кој е запишана банката, односно финансиската организација која отвора претставништво, од кој се гледа правниот облик и датумот на упис или доколку банката, односно финансиската организација се основани во земја во која не се врши упис во регистар, веродостојна исправа за нивно основање, која ќе биде јавно заверена, согласно со прописите на странската земја во која банката, односно финансиска организација има седиште и од која ќе се види правниот облик и датум на основањето;

в) Ревизорски извештај за последната година, изработен од меѓународна ревизорска куќа;

г) Елаборат за оправданоста за отворање на претставништво на банката, односно финансиската организација;

д) Согласност од надлежна институција (Централна банка, Министерство за финансии и сл.) во матичната земја на банката, односно финансиската организација за отворање на претставништво во странство. Доколку законодавствата на матичната земја на банката, односно финансиската организација не предвидуваат добивање на согласност за отворање претставништво во странство, кон барањето се поднесува соодветен документ од таа земја, заедно со доказ дека согласноста не е потребна и

ѓ) Податоци за седиштето и лицето, кое ќе раководи со претставништвото.

По доставување на комплетната документација потребна за одлучување по барањето, подносителот на барањето е должен во дневен весник да ја објави намерата за отворање претставништво, најмалку три дена последователно, која треба да содржи: назив и седиште на претставништвото и активности кои ќе ги извршува. Образецот на објавата е составен дел на Упатството за лиценцирање, кое гувернерот на Народна банка ќе го донесе врз основа на точка 6 од глава III на оваа одлука. Доказ за објавениот оглас се доставува до Народна банка, најдоцна во рок од 5 дена од денот на неговото објавување во дневен весник.

Во рок од 15 дена по извршениот упис во регистарот на претставништва на странски лица во Република Македонија, до Народна банка се доставува писмен доказ за извршениот упис. Народна банка се известува за промена на: седиштето, раководното лице и затворање на претставништвото, во рок од 5 работни дена од денот на настанатата промена."

2. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXXXVI-3/2001
12 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**670.**

Врз основа на член 29 став 1 точка 3 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96-Пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVI седница, одржана на 12.04.2001 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ ОТВОРЕНИ ДЕВИЗНИ ПОЗИЦИИ НА БАНКИТЕ**

1. Во Одлуката за утврдување и пресметување отворени девизни позиции на банките ("Сл. весник на РМ" бр. 33/2000, 77/2000 и 79/2000), се вршат следните измени и дополнувања:

а) Точка 6, се менува и гласи:

Банките се должни да и доставуваат на Народна банка на Република Македонија извештај за движењето на отворената девизна позиција по валути, отворената збирна девизна позиција и отворената агрегатна девизна позиција и тоа:

- Извештајот ОДП-д (декадно), со состојба на 10-ти и 20-ти во месецот, се доставува во рок од 2 работни дена по истекот на датумот за кој се доставува извештајот;

- Извештајот ОДП-д (дневно) се доставува во рок од 2 работни дена по истекот на датумот за кој се доставува извештајот; и

- Извештајот ОДП-д (декадно) со состојба на последниот ден од тековниот месец и извештајот ОДП-м се доставуваат најдоцна до 8-ми во наредниот месец.

б) Во точка 7 став 1, датумот "01.04.2001 година", се заменува со датумот "01.01.2002 година".

в) Во точка 7 став 2, зборовите: "периодот од 01.10.2000 година до 31.03.2001 година", се заменуваат со зборовите: "периодот од 01.04.2001 година до 31.12.2001 година".

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Се задолжува Дирекцијата за правни, организационо-кадровски и публикациски работи да изготви пречистен текст на Одлуката за утврдување и пресметување на отворени девизни позиции на банките ("Сл. весник на РМ" бр. 33/2000, 77/2000, 79/2000 и 28/2001).

О.бр.02-15/LXXXVI - 4/2001
12 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка на
Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје I - Скопје во тек е постапка по тужбата на тужителот Рафис Шаќири од Скопје, ул."Рифат Бурџевиќ" бр. 68, XIV. П.бр. 685/00, а против тужените Назиф Зулфиов, Неди Зулфиов и Наџи Сулејман, сите од Скопје, ул."Рифат Бурџевиќ" бр. 68, тужениот Махмут Екрем, ул."Рифат Бурџевиќ" бр. 66-а, и тужените Машовиќ Сефо, Машовиќ Мустафа и Машовиќ Реџеп со непозната адреса на живеење.

Се повикуваат тужените Машовиќ Сефо, Машовиќ Мустафа и Машовиќ Реџеп да се јават во судот во рок од 30 дена од објавување на огласот и во истиот рок да ја достават својата адреса на живеење.

Доколку тужените или нивниот полномошник не се јават во овој рок во судот, постапката ќе продолжи преку привремен старател што ќе им биде поставен на тужените и кој ќе ги застапува нивните интереси во парницата П.бр. 685/00, се додека тие или нивниот полномошник не се јават во судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIV.П.бр. 685/00. (7395)

---

Од страна на тужителот ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ Подрачна единица Скопје до овој суд доставена е тужба за отказ на договор за користење на деловен простор против тужениот Горан Џаџу од Скопје, бул."Партизански одреди" бр. 63.

Со оглед да тужениот е отселен од посочената адреса, заради што од страна на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на општините на град Скопје со решение бр. 3020-273 од 28.04.2000 година за привремен старател определен му е Фидовски Тахир адвокат од Скопје кој ќе ги штити неговите интереси се до негово јавување пред судот или до правосилно окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XV.П.бр. 1822/98. (7152)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води парнична постапка по тужбата на тужителката Жаклина Игњатовска од Скопје, ул."Радишанска" бр. 115, Скопје, а против тужениот Трајче Игњатовски со привремен престој и непозната адреса во Италија, за развод на брак.

На тужениот Трајче Игњатовски му се поставува привремен застапник адвокат Мирјана Јованоска, бул. "АВНОЈ" бр. 74, локал 1, Скопје која ќе ги застапува интересите на тужениот до правосилното завршување на постапката или се додека тужениот сам не се јави пред судот во смисла на член 78 став 2 точка 4 од ЗПП.

Се повикува Трајче Игњатовски во рок од 30 дена по објавување на овој оглас да се јави пред судот и да ја преземе постапката во својство на тужен, а во спротивно, неговите интереси ќе ги застапува вака поставениот привремен застапник.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XX.П.бр. 1060/00. (7452)

---

Пред овој суд во тек е постапка по тужба на тужителот Мухамед Шерифи од Скопје, против тужената Јелена Рашковиќ од Скопје, со непозната адреса на живеење, за развод на брак.

Се повикува тужената Јелена Рашковиќ од Скопје, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во овој суд или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку тужената не постапи по налогот на овој суд ќе и биде поставен привремен старател и тоа Багеска Љиљана адвокат од Скопје, ул."Рузвелтова" бр. 46-2/9, кој ќе ги застапува нејзините интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, V.П.бр. 2430/00. (7614)

### ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Основниот суд во Битола и тоа судијата Иван Стојановиќ во вонпроцесниот предмет на предлагачката Љубица Апостоловска од Битола, ул."Стив Наумов" бр. 9-А, заради утврдување на смрт, врз основа на член 86, во врска со член 79 од Законот за вонпроцесна постапка.

Митевски Велјан Димитрије, роден 1862 година во с.Лавци, Битола, оженет со Дора Митевска сега покојна, наводно погубен во месец септември 1944 година.

Се повикува секое лице кое нешто знае за смртта на Димитрија Митевски или за неговиот живот во рок од 15 дена од денот на објавување на овој оглас во "Службен весник на РМ" да се јави во Основниот суд во Битола во просторија бр. 40.

По протекот од 15 дена судот ќе спроведе постапка и ќе донесе одлука по предлогот за утврдување на смртта.

Од Основниот суд во Битола, ВПП.бр.30/01. (7209)

### ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

Пред овој суд е заведен предмет на тужителот Феми Сулејмановски од Берово, против тужените Туше Демировски од Берово и Кајмета Демировска сега со непозната адреса во странство, по предмет П.бр. 176/00 за сопственост и владение, вредност на спорот 40.000,00 денари.

Се повикува второтужената Кајмета Демировска сега со непозната адреса во странство да се јави во Основниот суд во Берово, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или да одреди полномошник кој ќе ја застапува по предметот П.бр. 176/00.

По истекот на овој рок судот ќе и постави на второтужената привремен застапник кој ќе се грижи за нејзините права и интереси во постапката.

Од Основниот суд во Берово, П.бр.176/00. (7236)

### ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

Основниот суд во Велес во парничниот предмет П. бр. 312/01 по предлог на тужителот Авни Еминовски од с.Горно Оризари против тужениот Салија Селмани со непознато место на живеење и престојување, за привремен застапник на тужениот Салија Селмани го постави стручниот соработник во Основниот суд во Велес, Валентина Перчинкова - Стојанова, согласно член 78 став 2 точка 5 од ЗПП.

Привременот застапник ги има сите права и должности на законски застапник по споменатиот предмет, се додека тужениот или негов полномошник не се јави пред судот, односно се додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Основниот суд во Велес, П.бр. 312/01. (7541)

---

Основниот суд во Велес во парничниот предмет П.бр. 249/01 по предлог на тужителката Анамша Сулковиќ од с.Мелница, против тужениот Ќанија Сулковиќ со непознато место на живеење и престојување, за привремен застапник на тужениот Ќанија Сулковиќ го постави стручниот соработник во Основниот суд во Велес, Валентина Перчинкова, согласно член 78 став 2 точка 5 од ЗПП.

Привременот застапник ги има сите права и должности на законски застапник по споменатиот предмет, се додека тужениот или негов полномошник не се јави пред судот, односно се додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Основниот суд во Велес, П.бр. 249/01. (7542)

### ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар заведен е спор по тужбата на тужителот Исмаили Зурап Беќир од Гос-

тивар, против тужениот Попоски Андонов Тоде од Гостивар, денес со непозната адреса на живеалиште и престој во странство по основ на сопственост, вредност неопределена. На тужениот Попоски Андонов Тоде му се поставува привремен застапник лицето Небојша Милошевски адвокат од Гостивар кој ќе ги застапува интересите на тужениот додека тој или негов полномошник или застапник не се јави на главната расправа пред овој суд, односно се додека органот за старателство не му постави старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 876/00. (7543)

---

Пред Основниот суд во Гостивар се води постапка по тужба на тужителот Зеќири Изет од Долна Бањица, против тужената Зеќири родена Кило Султане, сега со непозната адреса во Република Албанија, а за развод на брак согласно член 41 од Законот за семејство.

Бидејќи тужената Зеќири родена Кило Султане е со непозната адреса во Република Албанија за привремен застапник и се поставува Алији Елјеса стручен соработник при Основниот суд во Гостивар.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 190/01. (7613)

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

Пред Основниот суд во Кавадарци во тек е постапка за развод на брак, по тужбата на тужителката Елизабета Еисенеггер, родена Демироска од Кавадарци, застапувана од адвокат Манчо Манчев од Кавадарци, против тужениот Николас Карл Еисенеггер со непозната адреса.

Судот на тужениот му назначи привремен застапник, Благородна Аранѓелова - стручен соработник во Основниот суд во Кавадарци, која ќе ги застапува интересите на тужениот.

Се повикува тужениот да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот.

Доколку во овој рок тужениот или неговиот полномошник не се јават во судот, истиот се предупредува дека назначениот привремен застапник ќе го застапува во постапката се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно се додека Органот за старателство не го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд во Кавадарци, П.бр. 51/01. (7544)

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово се води постапка по извршен предмет, по предлог на доверителот Тошо Величковиќ од Куманово, и Драги Величковиќ застапуван од полномошник Александар Маневски адвокат од Куманово против должникот Ридван Мемети од Куманово, ул."Димитрије Туцовиќ" бр. 20.

На должникот Ридван Мемети од Куманово кој се наоѓа во Германија му се поставува застапникот Тони Цветковски адвокат од Куманово, да го застапува по предметот И.бр.13-2105/98, на Основниот суд во Куманово до завршување на постапката или до појавување во судот на погоре наведеното лице со непозната адреса.

Од Основниот суд во Куманово, И.бр. 13-2105/98. (7465)

---

Пред Основниот суд во Куманово се води постапка по извршен предмет по предлог на доверителите Тошо Величковиќ и Величковиќ Драги двајцата од Куманово, против должникот Ридван Мемети со непозната адреса за наплата на парично побарувања од 392.779,00 денари.

На должникот Ридван Мемети од Куманово со непозната адреса, му се поставува застапникот Тони Цветковски адвокат од Куманово да го застапува по предметот И.бр.13-3440/98 на Основниот суд во Куманово до завршување на постапката или до појавување во судот на погоре наведеното лице со непозната адреса.

Од Основниот суд во Куманово, И.бр. 13-3440/98. (7466)

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Пред Основниот суд во Ресен заведена е оставинска постапка по оставината на покојната Наумка Наумовска порано од с.Болно, која починала на 16.02.1969 година во с.Јанковец.

Оставителката Наумка оставила тестамент составен пред Општинскиот суд во Ресен, под Р.бр. 49/65 од 13.02.1965 година.

Се повикуваат наследниците на покојната Наумка Наумовска порано од с.Болно, да се јават во рок од една година сметано од денот на објавувањето на огласот или пак да достават точна адреса на живеење или престојување, а во спротивно доколку не се јават во определениот рок од судот ќе им биде поставен привремен старател кој ќе се грижи за нивните интереси во текот на оставниската постапка со оглед да истите се со непозната адреса на живеење.

Од Основниот суд во Ресен, О.бр. 83/00. (7612)

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

Основниот суд во Струга како првостепен вонпроцесен суд составен од судијата Никола Спасески како судија поединец во постапката за прогласување на исчезнато лице како умрено, на лицето Цаноски Ариф Азем од с.Октиси на ден 21.03.2001 година.

Се повикува лицето Цаноски Ариф Азем од с. Октиси, како и секој друг што знае за неговиот живот, да се јави во Основниот суд во Струга во рок од 3 месеци од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", ако не се јави во судот во определениот рок ќе се смета дека исчезнатото лице Цаноски Ариф Азем од с. Октиси е умрено.

Од Основниот суд во Струга, Р.бр. 24/01. (7229)

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

Кај Основниот суд во Струмица е заведен спор по тужба на тужителот Андоновски Душан од Струмица, против тужениот Кадиев Гаврил со непозната адреса, за долг од извршена услуга.

Се повикува тужениот Кадиев Гаврил со непозната адреса да се јави пред овој суд во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на овој оглас, или во тој рок на судот да му достави точна адреса.

Доколку истиот не се јави во тој рок ќе му биде поставен привремен застапник, а тоа ќе биде лицето Лорета Ѓорѓиева од Струмица, стручен соработник при овој суд кој ќе ги застапува интересите на тужениот Кадиев Гаврил, се додека тој или пак негов полномошник не се јават пред овој суд.

Од Основниот суд во Струмица, П.бр.921/95. (7709)

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово, по тужба на тужителот Реџепи Рахим од с.Г.Речица против тужената Реџепи Лирије од с.Г.Речица, а сега со непозната адреса во Швајцарија, се води постапка за развод на брак.

Се повикува тужената да се јави во судот да достави адреса или да овласти полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Во спротивно, судот прекуЦентарот за социјални работи во Тетово ќе и постави привремен застапник.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 305/01. (7532)

---

Пред Основниот суд во Тетово по тужба на тужителот Амети Бафтијар од Тетово, против тужените Етеми Јалдазе, Куртиши Рамије, Азири Медије, Етеми Пешадије, Асани Фетије, Ибраими Лирије, Идризи Арифе, Амети Ејуп, Алија Назиф, Алии Исак, Алии Неџби, Алии Аслан и Куртиши Курмије сите од Тетово, а сега со непозната адреса во странство се води постапка за исполнување на договор за купопродажба на недвижен имот.

Се повикуваат тужените да се јават на судот да достават адреса или да овластат полномошник кој ќе ги застапува во оваа постапка до нејзино окончување.

Во спротивно, по протекот на 30 дена судот преку Центарот за социјални работи во Тетово ќе им постави привремен застапник.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 215/01. (7533)

---

Пред Основниот суд во Тетово е поднесена тужба од страна на тужителите Идризи вд.Хаки Хава, Идризи Хаки Шемседин и Идризи Хаки Абдураман сите од с.Слатино, Тетово, против тужените Серафимовски Захарије Мито и Серафимовска вд.Захариева Пера од Р.Србија, со непозната адреса, за исполнување на договор за купопродажба на недвижен имот.

Како тужените се со непозната адреса во странство т.е. во Р.Србија, се повикуваат тужените Серафимовски Захарије Мито и Серафимовска вд.Захариевска Пера од Р. Србија со непозната адреса на живеење да во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јават пред Основниот суд лично или испратат свој полномошник заради заштита на своите права, во спротивно ќе им биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува до окончувањето на оваа постапка.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 111/01. (7534)

---

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка за амортизација на хартија од вредност по предлог на предлагачот Ибраими Ариф од Тетово, ул."Струшка" бр. 2, против издавачот на исправата "Интерпромет" АД Тетово.

Се повикува држателот на исправата-акциите да ја пријави во судот како и на секое лице во рок од 30 дена или да достави приговор против поведувањето на постапката или да го извести судот за лицето кое ја држи исправата односно акциите, во спротивно по протекот на тој рок исправата, акциите ќе бидат поништени, ако никој не се јави дека ја има исправата односно акциите или не стави приговор против предлогот за поништување на исправата.

Од Основниот суд во Тетово, Р.бр. 722/00. (7536)

---

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка за поништување на исправа по предлог на предлагачот Фатиме Даути од Тетово, ул."Питу Гули" бр. 15, против издавачот на исправата "Интерпромет" АД Тетово.

Се повикува држателот на исптавата-акциите да ја пријави во судот како и на секое лице во рок од 30 дена или да достави приговор против поведувањето на постапката или да го извести судот за лицето кое ја држи исправата односно акциите, во спротивно по протекот на тој рок исправата-акциите ќе бидат поништени, ако никој не се јави дека ја има исправата односно акциите или не стави приговор против предлогот за поништување на исправата.

Од Основниот суд во Тетово, Р.бр. 766/00. (7537)

---

Пред овој суд во тек е постапка за докажување на смрт на лицето Избирка Крстова Ефческа, порано од Тетово, по предлог на предлагачот Александар Ефчески од Тетово.

Се повикува лицето Избирка Крстова Ефческа од Тетово, да се јави во судот во рок од 15 дена од објавување на огласот или пак секој друг што би знаел нешто за нејзиниот живот.

Од Основниот суд во Тетово, Р.бр. 780/00. (7539)

Пред овој суд се води спор за долг, против тужената Кузмановска Тања од Тетово, ул."Илинденска" бр. 217 Д/Х-29, со непозната адреса во Скопје.

Се повикува тужената Кузмановска Тања од Тетово, ул."Илинденска" бр. 217Д/Х-29, сега со непозната адреса да се јави пред овој суд или определи нејзин полномошник кој ќе ја застапува во овој спор, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, во спротивно ќе и биде определен привремен застапник кој ќе ја застапува до окончување на овој спор.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 157/01. (7651)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка по тужба на тужителот Асани Самет и други од с. Камењане, против тужениот Куртиши Ибрахимов Муарем од Тетово, а сега со непозната адреса во Турција, поради исполнување на договор.

Како тужениот Куртиши Муарем е со непозната адреса, за истиот да биде објавен оглас да во рок од 15 дена од објавувањето се јави во судот или да одреди свој полномошник, а во спротивно на истиот ќе му биде поставен времен старател кој ќе ги застапува неговите интереси.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 96/01. (7652)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води спор за поништување на договор за поклон, по тужба на Намик Рамадани од Тетово, ул."М.Бафтијари" бр. 135, против Сабит Рамадани од Тетово, ул."М.Бафтијари" бр. 133.

Се повикува тужениот Сабит Алија Рамадани од Тетово, ул."М.Бафтијари" бр. 133, а сега со непозната адреса во Германија да се јави во Основниот суд во Тетово, во рок од 30 дена од објавување на огласот или да одреди полномошник, а во спротивно преку Центарот за социјана работа во Тетово ќе му биде одреден застапник.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 1382/00. (7653)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка по тужба на тужителот Осигурување и реосигурување Македонија АД Скопје филијала Тетово, против тужениот Муареми Идриз од Тетово, ул."Никола Тесла" бр. 19, сега со непозната адреса во странство поради регресно побарување.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса за истиот да биде објавен оглас да во рок од 15 дена од објавување на огласот се јави во судот или да одреди свој полномошник, а по протекот на овој рок на истиот да му биде поставен времен старател преку Центарот за социјална работа - Тетово.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 106/01. (7654)

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

Во Основниот суд во Штип поведена е постапка за развод на брак, по тужба на тужителката Фатиме Зејнелова од Скопје, ул."1181" бр. 35, против тужениот Селајдин Зејнелов со непозната адреса.

Се повикува тужениот Селајдин Зејнелов во рок од 15 дена по објавување на огласот да се јави во Основниот суд во Штип и да достави точна адреса на живеење или да определи свој застапник или полномошник. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси до завршувањето на спорот.

Од Основниот суд во Штип. (7504)

---

Пред овој суд е заведен спор по тужбата на тужителот Исмаил Рушидов од Пробиштип, против тужената Снежана Рушидова со непозната адреса, а за развод на брак.

Со оглед дека постапката пред овој суд е во тек, а на тужената адресата е непозната од тие причини се повикува тужената Снежана Рушидова во рок од 15 дена да се јави во овој суд или да достави точна адреса или назначи свој полномошник, во спротивно судот по службена должност согласно член 78 од ЗПП ќе постави привремен застапник кој ќе ги брани нејзините интереси пред овој суд, до правосилноста на постапката.

Од Основниот суд во Штип, П.бр. 525/98. (7540)

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 997/2001, од 6. 04. 2001 година, на регистарска влошка бр. 02021998?-7-11-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на овластено лице за застапување на Јавно претпријатие Службен весник на Република Македонија ЦО Скопје, ул. "Партизански Одреди" бр. 29.

Се брише: Лељохин Марија, директор и одговорен уредник на Јавно претпријатие Службен весник на Република Македонија ЦО Скопје, ќе застапува и потпишува без ограничување.

Се упишува: Кокан Лазаревски-в.д. директор и одговорен уредник на Јавно претпријатие Службен весник на Република Македонија ЦО Скопје, ќе застапува и потпишува без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 997/2001. (7630)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 1331/99, во регистарската влошка бр. 02012527?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар запишувањето на лице овластено за застапување на ЦЕПТЕР МАК друштво за трговија ЦЕПТЕР ХОЛДИНГ АГ и ЦЕПТЕР ХОЛДИНГ БВ друштво со ограничена одговорност, бул. "Св. Климент Охридски" бр. 17, ламела 4, Скопје.

Лица овластени за застапување во внатрешниот и надворешнотрговскиот промет се Злате Пунтевски и Миомир Диниќ, управители на друштвото со ограничени овластувања.

Управителите го застапуваат друштвото заеднички.

Ограничените овластувања се состојат во надлежноста на управителите да одлучуваат со претходно одобрение на содружниците за следните прашања:

- да се воспостават нови деловни активности кои не се поврзани со постоечките деловни активности на компанијата,
- да се воспостават нови деловни / работни објекти / погодности или филијали,
- да предизвика фузионирање со други страни или да предаде, оптерети со долгови или пројави интерес за друга деловна дејност или фирма, било да е корпорација, партнерство, исклучива сопственост или друг вид на фирма,
- глас, хипотека, трансфер или располагање со акции во сопственост на компанијата во други поврзани или неповрзани компании,
- издаде или откупи вредносни хартии на компанијата или нејзини обврски кои се повеќе од македонска валута изразена во доларска противвредност од УСД 10.000 (десет илјади УСД),
- да гарантира зајмови или други обврски за било која страна, било за физичко или правно лице,
- даде пари на заем (не на муштерии на компанијата при нормално работење) или земе пари на заем повеќе од УСД 10.000 во противвредност во македонска валута (десет илјади УСД),
- организира, растури или ликвидира сестрински компании,
- освен при вообичаено работење, набави, продаде или на друг начин се лиши или стави под хипотека било кои основни средства (актива) со добра пазарна вредност поголема од УСД 10.000 во противвредност во македонска валута (десет илјади УСД),
- влезе во, или измени оригинален и изменет договор за вработување во кој вкупната компензација, вклучувајќи ги сите потребни плаќања во вид на бонуси или слично, било спомнато или не во таков договор е повеќе од УСД 20.000 (дваесет илјади УСД) во противвредност во македонска валута годишно,
- склопи било каков договор или спогодба (вклучувајќи лизинг спогодби, спогодба за дистрибуција, договор за недвижен имот итн.) чија вредност ја надминува македонската вредност изразена во УСД долари 20.000 (дваесет илјади УСД) или за период од една (1) година или подолг период,
- добие лиценца за користење на или на друг начин обелодени на било кој начин патентирана или непатентирана технологија, технички податоци, технологија или други доверливи информации што компанијата можеби ги знае,
- влезе во спогодба подолга од 12 (дванаесет) месеци,
- причини да компанијата се растури или ликвидира, или назначи ликвидатор или поднесе петиција за банкротирање на компанијата,
- ре-инвестира профити или дистрибуира / подели дивиденти,
- да го зголеми или намали капиталот на компанијата,
- направи поединечен трошок или се задолжи на сума поголема од УСД 10.000 (десет илјади УСД) во противвредност на македонска валута, или прими поедини нарачки од еден клиент за период од една (1) година со вредност повеќе од УСД 20.000 (дваесет илјади УСД) во противвредност на македонска валута, и
- произведе, користи, продава или дистрибуира производи вон Македонија.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 1331/99. (24816)

---

Основниот суд Битола - Битола, со решението П. Трег. бр. 1063/2000, на регистарска влошка бр. 001215, ја запиша во трговскиот регистар промената на овластено лице, усогласување со националната класификација, измени во статутот, промена на структура на главница на Акционерското друштво за производство и промет на алати АЛАТНИЦА, ул. "15-ти Корпус" бр. 1, Охрид.

Промена на структурата на главницата на друштвото која изнесува 5.110.586,00 ДЕМ.

Усогласување на дејностите со Националната класификација на дејностите: 28.62, 28.71, 28.72, 28.73, 28.74, 28.75, 29.24, 29.40, 29.56, 25.21, 25.22, 25.23, 25.24, 28.11, 28.12, 28.40, 28.61, 28.52, 28.63, 52.74, 28.51, 31.10, 50.20, 20.40, 36.14, 37.10, 37.20, 45.21/1, 45.22, 45.25, 45.31/2, 45.31, 45.33, 45.34, 60.24, 40.20, 40.30, 65.12/2, 65.12/3, 74.40, 74.13, 74.84, 51.14, 51.15, 51.18, 58.19, 74.20/2, 74.20/5, 73.10/2, 74.14, 72.10, 72.20, 74.30,74.12, 74.11, 72.30, 72.40, 72.60, 52.11, 52.12, 52.24, 52.21, 52.22, 52.23, 52.25, 52.26, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 50.10, 50.30/2, 50.40/2, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 50.30/1, 50.40/1, 51.70.

И престанува овластувањето за застапување на Поликсена Проева и се брише од трговскиот регистар.

Лица овластени за застапување се: Шикоски Перо, генерален менаџер и Секулоски Димче, извршен директор.

Од Основниот суд Битола - Битола, П. Трег. бр. 1063/2000. (45986)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 7811/99 на регистарска влошка бр. 02035879?-3-09-000 го запиша во трговскиот регистар усогласување со ЗТД на Агенција за економско-правна поддршка и процена, ПРО АГЕНС ДОО ул. ІНаум Наумовски-Борчег бр. 68/4 Скопје.

Дејности: 17.72, 17.54/1, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 17.40/2, 17.54/2, 15.61, 15.51, 15.91, 15.71, 22.21, 22.22, 22.23, 22.25, 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.13/1, 01.22/1, 01.23, 01.24, 01.25, 02.01, 02.02, 60.23, 60.22, 60.24, 63.21, 52.24, 52.21, 52.22, 52.23, 52.25, 52.11, 52.27, 52.63, 52.41, 52.42, 52.44/3, 52.43, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.44/1, 52.44/3, 52.43, 52.45, 52.63, 52.41, 52.42, 52.44/3, 52.43, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/4, 52.26, 52.33, 52.50, 52.12, 50.10, 50.30/2, 50.40/2, 50.50, 51.21, 51.31, 51.34, 51.23, 51.32, 51.33, 51.36, 51.37, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.24, 51.43, 51.54, 51.33, 51.56, 51.25, 50.30/1,

51.24, 51.43, 51.54, 51.53, 51.56, 51.25, 50.30/1, 50.40/1, 51.51, 51.45, 51.61, 51.64, 51.52, 51.42/1, 51.44, 51.70, 63.30, 21.21, 21.25, 63.12, 74.40, 51.11, 51.13, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 70.20, 63.40, 74.12, 72.30, 72.40, 72.60, 74.83, 74.84, 22.12, 22.13, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со соседните земји: Грција, Бугарија, Албанија, и СР Југославија, меѓународен транспорт и шпедиција, меѓународен транспорт на стоки, реекспорт на стоки, консигнација, застапништво, посредништво, агенциски услуги.

Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и за обврските одговара со сиот свој имот.

Управител на друштвото е Павле Гацов со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет.

Борка Маневска од Скопје истапува од друштвото, како содружник.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 7811/99. (46927)

---

## ЛИКВИДАЦИИ I

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II.Л.бр. 516/2000 од 03.07.2000 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за производство, услуги и трговија "ВЕКОВ" д.о.о. експорт-импорт од Куманово, ул. "Веселин Маслеша" бр. 52, Куманово, со жиро сметка бр. 40900-601-46652.

За ликвидатор се определува лицето Драги Трпевски, ул."Христо Чернопеев" бр. 1 а од Скопје.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (7444)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд I.Л.бр. 595/2000 од 02.10.2000 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие "БОГАТИНОВСКИ" ц.о. за внатрешна и надворешна трговија од Куманово, ул. "Бајрам Шабани" бр. 22, Куманово, со жиро сметка бр. 40900-601-3684.

За ликвидатор се определува лицето Драги Трпевски, ул."Христо Чернопеев" бр. 1 а од Скопје.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (7443)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд I.Л.бр. 887/2000 од 02.02.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за производство, услуги и трговија "ЕВРОТЕКСИ" ДОО од Куманово, ул. "ЈНА" бб, Куманово, со жиро сметка бр. 40900-601-46444.

За ликвидатор се определува лицето Драги Трпевски, ул."Христо Чернопеев" бр. 1 а, од Скопје, тел. 177-801.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Се задолжуваат должниците да ги намират долговите према претпријатието во ликвидација во рок од од 30 дена, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (7442)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II.Л.бр. 122/2001 од 23.03.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за производство и трговија на големо и мало "БАДРА" експорт-импорт ДОО од Скопје, ул. "Загребска" бр. 45, Скопје, со жиро сметка бр. 40100-601-299375.

За ликвидатор се определува лицето Драги Трпевски, ул."Христо Чернопеев" бр. 1 а од Скопје.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (7440)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд Л.бр. 1503/2000 од 22.02.2000 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за промет и услуги "НИРВАНА КОМЕРЦ" увоз-извоз ц.о. од Скопје, ул. "Алексо Демниевски 27" бр. 1 а, Скопје, со жиро сметка бр. 40120-601-379960.

За ликвидатор се определува лицето Георги Божиновски, ул."Ленинова" бр. 63-2-7 од Скопје.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Се задолжуваат должниците да ги намират долговите према претпријатието во ликвидација во рок од од 30 дена, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (7432)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд Л.бр. 1562/2000 од 14.03.2000 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за производство и трговија "ТОБАКО КОМПАНИ" д.о.о. експорт-импорт од Скопје, ул. "Поп Богомил" бр. 2 а, Скопје, со жиро сметка бр. 40120-601-372954.

За ликвидатор се определува лицето Георги Божиновски, ул."Ленинова" бр. 63-2-7 од Скопје.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Се задолжуваат должниците да ги намират долговите према претпријатието во ликвидација во рок од од 30 дена, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (7431)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд I.Л.бр. 43/01 од 26.02.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за трговија на големо и мало "ИРМАН КОМЕРЦ" ЦО експорт-импорт од Гостивар, с.Чегране, Гостивар, со жиро сметка бр. 401510-601-23995.

За ликвидатор се определува лицето Манојловски Кире, ул."Живко Брајковски" бр. 69 од Гостивар.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (7514)

## ЈАВНИ ПОВИЦИ

Врз основа на член 10 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во Министерството за одбрана на Република Македонија, објавува

### ОТВОРЕН ПОВИК БР. 16-506/44 ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

1. Набавувач во јавниот повик е Министерството за одбрана на Р. Македонија, ул. "Орце Николов" бб, Скопје.

2. Предмет на набавката е прибирање на понуди за:

2.1 Каре свинско 15.000 кгр.

Бараниот производ мора во целост да ги исполнува условите предвидени со Правилникот за квалитет на заклани свињи и категоризација на свинското месо. Количините во повикот се ориентациони годишни потреби за Секторот за услуги и производство.

Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите правни и физички лица.

Нема можност за поделба на набавката.

Постапката за Отворениот повик се спроведува согласно Законот за јавни набавки.

3. Содржина на понудата

- цена со пресметан ДДВ. ДДВ да е посебно пресметан и искажан,
- начин и услови на плаќање,
- квалитет на понудениот производ и потекло,
- рок на испорака.

4. Придружна документација

Со понудата, понудувачот е должен да ја достави следната придружна документација во оригинални примероци или заверени кај нотар и тоа:

- извод од регистрација на дејноста,
- документ за бонитет од носителот на платниот промет во согласност со Правилникот за содржината на документот за бонитет ("Службен весник на РМ" бр. 32/98),
- изјава дека понудувачот не е под стечај и во процес на ликвидација, потпишан и заверен од надлежен судски орган,
- техничко-технолошки можности за производство и испорака на бараните производи.

5. Доставување на понудата

- Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98) на адреса: Министерство за одбрана на РМ, ул. "Орце Николов" бб - Скопје, најдоцна до 09.05.2001 година или на денот на јавното отворање.

Јавното отворање на понудите ќе се изврши на ден 09.05.2001 година со почеток во 10 часот, во просториите на Министерството за одбрана на РМ, ул. "Орце Николов" бб - Скопје.

Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

6. Критериум за избор на најповолен понудувач:

| | |
|---|---|
| - цена - | 40%, |
| - квалитет - | 30%, |
| - начин и услови на плаќање - | 5%, |
| - рок на испорака - | 10 %, |
| - техничко технолошки можности за производство и испорака - | 15 %. |

Документацијата што нема да биде доставена во утврдениот рок и онаа која нема да биде изработена според барањата содржани во повикот нема да се разгледуваат.

Дополнителни појаснувања може да се добијат на телефон 02/ 28 23 84.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 13 и член 33 од Законот за јавни набавки ("Сл.весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки на Народна банка на Република Македонија, објавува

### ОГРАНИЧЕН ПОВИК БР. 12/4-2001 ЗА ПРИБИРАЊЕ ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕТХОДНО УТВРДУВАЊЕ НА ПОДОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ (ПРЕТКВАЛИФИКАЦИЈА) БЕЗ ЈАВНО ОТВОРАЊЕ ЗА НАБАВКА НА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувач на ограничениот повик е Народна банка на Република Македонија.

1.2. Предмет на овој ограничен повик е прибирање документација за претходно утврдување на подобност (претквалификација), на понудувачите како можни носители на набавка, испорака и монтажа на:

1. Brand name PC desktop - количина 70
2. Notebooks, - количина 17
3. Печатари и скенер
4. Brand Name PC Server
5. Brand Name PC Server ( so Linux)
6. Комуникациска опрема
7. Софтвер
8. Останата опрема.

1.3. Повикот е јавен и отворен со право на учество на секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице кое е регистрирано за производство и/или промет (на големо и мало), на информатичка опрема.

Отворањето на пријавите ќе се изврши без присуство на понудувачите.

2. СОДРЖИНА НА ПОВИКОТ

2.1. Народна банка на Република Македонија има потреба од претходно утврдување на подобност на понудувачите (претквалификација), преку документација врз основа на која ќе се оцени способноста на понудувачите за извршување на предметната набавка.

2.2. Од понудувачите кои ќе се квалификуваат ќе се побара понуда за извршување на набавката: набавка, испорака и монтажа на информатичка опрема од реномиран производител (brand name).

3. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ПОНУДУВАЧОТ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ЈА ПРИЛОЖИ КОН ПРИЈАВАТА

Заинтересираните понудувачи потребно е да достават документација согласно со член 35 од Законот за јавни набавки, за:

3.1. Техничко-технолошки бонитет:

- расположива опрема и други физички капацитети потребни за реализација на набавката;
- менаџерска способност;
- искуство и стручен кадар за извршување на набавката.

3.2. Економско-финансиски бонитет издаден од Заводот за платен промет согласно со Правилникот за содржината на документот за бонитет ("Сл.весник на РМ" бр. 32/98 и Правилникот за дополнување на Правилникот за содржината на документот за бонитет "Сл.весник на РМ" бр. 55/98).

Документот за бонитет на странското правно и физичко лице треба да биде доставен согласно со член 22 став 3 од Законот за јавни набавки.

3.3. Доказ дека не е во стечај или во процес на ликвидација (извод од судски регистар за поведена постапка за стечај - Потврда од надлежен Основен суд).

3.4. Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност-забрана за вршење на дејност (извод од судска евиденција - Уверение од надлежен Основен суд-оддел за прекршоци).

3.5. Извод од судска регистрација на дејноста (влошка 3 од Изводот и истовремено дејноста за производство и/или промет на големо и мало на информатичка опрема да биде заокружена).

3.6. Список на главни испораки на информатичка опрема во последните 3 (три) години со количините на испорачаната опрема и примачите.

3.7. Список на вклучени технички лица (име, презиме и степен на стручна подготовка) и доказ за нивната стручност за конфигурирање, инсталација, монтажа и одржување на понудената опрема (дипломи, сертификати и сл.).

3.8. Доказ (сертификат или добиени атести од домашни и меѓународни институти), дека целокупната понудена опрема е во согласност со стандардите на Република Македонија и со меѓународните стандарди кои се прифатени во Република Македонија.

3.9. Понудувачот задолжително треба да достави примерок од овластувањето на производителот за опремата која ја нуди и заверен судски превод на македонски јазик од истото.

Целокупната потребната документација наведена во точката 3 треба да биде доставена на македонски јазик.

Сите барани документи наведени во точката 3 треба да бидат доставени во оригинален примерок или како копија заверена од нотар.

4. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

4.1. Рокот за доставување на документацијата изнесува 21 ден од денот на објавувањето на огласот на ограничениот повик (вклучувајќи го и денот на објавувањето).

4.2. Документацијата и другите податоци кои ќе пристигнат во архивата на Народна банка на Република Македонија по истекот на крајниот рок и кои нема да бидат изработени според барањата на овој повик како и оние кои ќе бидат несоодветно комплетирани нема да бидат разгледувани.

4.3. Документацијата и другите податоци се доставуваат во затворен коверт, кој во горниот лев агол треба да носи ознака "не отворај", како и бројот на овој ограничен повик. Ковертите не треба да содржат никакви ознаки со кои би можеле да се идентификуваат понудувачите.

4.4. Документацијата и другите податоци, во согласност со член 52 од Законот за јавни набавки, можат да се достават преку пошта, на адреса ул. "Комплекс банки" б.б. или да се предадат во архивата на Народна банка на Република Македонија (најдоцна до 14 часот секој работен ден).

Дополнителни информации на тел. 108-285.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за јавни набавки ("Сл. весник на РМ" бр. 26/98), Фондот за здравствено осигурување на Македонија, објавува

**ОТВОРЕН ПОВИК БРОЈ 02-2015/2**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Нарачател на повикот е Фонд за здравствено осигурување на Македонија.

2. Предмет на набавката е медицински потрошен материјал за хемодијализа, за потребите на јавните здравствени организации во Република Македонија.

3. Спецификацијата со количините и видот на материјалите што се предмет на набавката дадени се во тендерската документација.

4. Тендерската документација може да се подигне во архивата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, соба бр. 15, ул. "50 Дивизија" бр. 6 - Скопје, секој работен ден од 10,00 до 14,00 часот, откако ќе се уплатат 1.000,00 денари неповратни средства на жиро сметка 40100-640-37 - Фонд за здравствено осигурување на Македонија, со назнака за тендерска документација. Даночен број на Фондот е 4030991261703 - депонент Народна банка на Македонија.

5. Право на учество имаат сите правни лица што се регистрирани за вршење на дејност пропишана со Законот за лекови, помошни лековити средства и медицинска опрема ("Сл. весник на РМ" бр. 21/98).

6. Постапката на повикот се спроведува со отворен повик, согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

7. Рокот на важењето на понудата е 90 дена од денот на поднесувањето.

8. Понудата е делива.

9. Испораката на материјалите што се предмет на набавката ќе се врши сукцесивно според потребите на нарачателот.

СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

Понудата треба да ги содржи следните податоци:

- име на понудувачот;
- спецификација со количината и видот на материјалите што се нудат;
- производител и земја на потекло;
- цена во денари со сите давачки франко краен корисник;
- начин, услови и рок на плаќање (рокот на плаќањето да не е помал од 120 дена од денот на испораката).

ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Со понудата, понудувачот е должен да ја достави следната документација:

1. Доказ за финансиската способност (документ за бонитет согласно член 22 од Законот за јавни набавки).

2. Доказ за техничка способност на понудувачот и тоа:

- список (референца) на главни и слични испораки во претходниот период,
- опис на технички постројки на понудувачот (магацински простор и расположиви средства за транспорт),
- посочување на вклучени технички (стручни) лица задолжени за материјалите што се нудат.

3. Доказ, извод од судска евиденција или друг соодветен документ дека не се во стечај или во процес на ликвидација и дека со правосилна пресуда не им е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на дејноста.

4. Документ (решение) за регистрација за вршење на дејноста издадено од Министерството за здравство.

5. Доказ дека се носители на застапништво, ексклузивни или овластени дистрибутери од производителот со чии производи учествуваат.

Бараните документи треба да се достават во оригинален примерок или во заверена копија од нотар.

Понудувачите се должни за материјалите што ги нудат да обезбедат:

- упатство за употреба, чување и ракување на македонски јазик,
- најмалку една година рок на употреба од денот на испораката (исправност и употребливост),
- сертификат за квалитет,
- сертификат за продажба.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ

1. Понудата треба да се достави во еден оригинален примерок, заверена и потпишана од одговорното лице.

2. Понудата се доставува согласно член 53 од Законот за јавни набавки.

3. Понудата да се достави на адреса: Фонд за здравствено осигурување на Македонија, ул. "50 Дивизија" бр. 6, преку пошта, во архивата на Фондот или со предавање на Комисијата на лице место најдоцна до 07.05.2001 година до 11,00 часот.

4. Секој учесник може да достави само една понуда.

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

Најповолниот понудувач ќе се избере врз основа на следните критериуми:

- цена со сите давачки франко краен корисник.

Квалитетот и исправноста на материјалите како битен предуслов за понатамошно разгледување и одлучување на финансискиот дел од понудата ќе ги цени комисија на купувачот именувана исклучиво за оваа намена.

ГАРАНЦИЈА

Понудувачот заедно со понудата мора да достават и гаранција во вид на депозит или банкарска гаранција во висина од 5% од вредноста на понудата.

Ако гаранцијата се прилага во депозит, истиот се уплаќа на жиро сметка 40100-640-37 Фонд за здравствено осигурување на Македонија, со назнака "ЗА УЧЕСТВО НА ПОВИК БР. 02-2015/2".

Ако понудувачот приложи банкарска гаранција, гаранцијата треба да важи најмалку 90 дена од денот на отворањето на понудите.

РОКОВИ

1. Отворениот повик трае до 11,00 часот на 07.05.2001 година.

2. Отворањето на понудите ќе се одржи на 07.05.2001 година во 11,30 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ул. "50 Дивизија" бр. 6, голема сала на III кат.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Овластените претставници на понудувачите кои сакаат да учествуваат на јавното отворање на понудите, на комисијата треба да и предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање.

2. Понудите што ќе бидат предадени по истекот на рокот, како и тие што не се изработени според пропозициите и критериумите утврдени во Јавниот повик и тендер документацијата, нема да бидат разгледувани.

3. Заради полесна обработка на податоците сите понудувачи се должни податоците за материјалите што се предмет на овој повик да ги внесат во тендерската документација (преглед) што е подигнат од купувачот.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за јавни набавки ("Сл. весник на РМ" бр. 26/98), Фондот за здравствено осигурување на Македонија, објавува

**ОТВОРЕН ПОВИК БРОЈ 02-2003/2**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Нарачател на повикот е Фонд за здравствено осигурување на Македонија.

2. Предмет на набавката се медицински помагала за интервентна кардиологија, за потребите на Клиниката за кардиологија.

3. Спецификацијата со количините и видот на материјалите што се предмет на набавката дадени се во тендерската документација.

4. Тендерската документација може да се подигне во архивата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, соба бр. 15, ул. "50 Дивизија" бр. 6 - Скопје, секој работен ден од 10,00 до 14,00 часот, откако ќе се уплатат 1.000,00 денари неповратни средства на жиро сметка 40100-640-37 - Фонд за здравствено осигурување на Македонија, со назнака за тендерска документација. Даночен број на Фондот е 4030991261703 - депонент Народна банка на Македонија.

5. Право на учество имаат сите правни лица што се регистрирани за вршење на дејност пропишана со Законот за лекови, помошни лековити средства и медицинска опрема ("Сл. весник на РМ" бр. 21/98).

6. Постапката на повикот се спроведува со отворен повик, согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

7. Рокот на важењето на понудата е 90 дена од денот на поднесувањето.

8. Понудата е делива.

9. Испораката на материјалите што се предмет на набавката ќе се врши сукцесивно според потребите на нарачателот.

СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

Понудата треба да ги содржи следните податоци:

- име на понудувачот;
- спецификација со количината и видот на материјалите што се нудат;
- производител и земја на потекло;
- цена во денари со сите давачки франко краен корисник;
- начин, услови и рок на плаќање (рокот на плаќањето да не е помал од 120 дена од денот на испораката).

ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Со понудата, понудувачот е должен да ја достави следната документација:

1. Доказ за финансиската способност (документ за бонитет согласно член 22 од Законот за јавни набавки).

2. Доказ за техничка способност на понудувачот и тоа:

- список (референца) на главни и слични испораки во претходниот период,
- опис на технички постројки на понудувачот (магацински простор и расположиви средства за транспорт),
- посочување на вклучени технички (стручни) лица задолжени за материјалите што се нудат.

3. Доказ, извод од судска евиденција или друг соодветен документ дека не се во стечај или во процес на ликвидација и дека со правосилна пресуда не им е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на дејноста.

4. Документ (решение) за регистрација за вршење на дејноста издадено од Министерството за здравство.

5. Доказ дека се носители на застапништво, ексклузивни или овластени дистрибутери од производителот со чии производи учествуваат.

Бараните документи треба да се доставаат во оригинален примерок или во заверена копија од нотар.

Понудувачите се должни за материјалите што ги нудат да обезбедат:

- упатство за употреба, чување и ракување на македонски јазик,
- најмалку една година рок на употреба од денот на испораката (исправност и употребливост),
- сертификат за квалитет,
- сертификат за продажба.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ

1. Понудата треба да се достави во еден оригинален примерок, заверена и потпишана од одговорното лице.

2. Понудата се доставува согласно член 53 од Законот за јавни набавки.

3. Понудата да се достави на адреса: Фонд за здравствено осигурување на Македонија, ул. "50 Дивизија" бр. 6, преку пошта, во архивата на Фондот или со предавање на Комисијата на лице место најдоцна до 30.04.2001 година до 11,00 часот.

4. Секој учесник може да достави само една понуда.

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

Најповолниот понудувач ќе се избере врз основа на следните критериуми:

- цена со сите давачки франко краен корисник.

Квалитетот и исправноста на материјалите како битен предуслов за понатамошно разгледување и одлучување на финансискиот дел од понудата ќе ги цени комисија на купувачот именувана исклучиво за оваа намена.

ГАРАНЦИЈА

Понудувачот заедно со понудата мора да достават и гаранција во вид на депозит или банкарска гаранција во висина од 5% од вредноста на понудата.

Ако гаранцијата се прилага во депозит, истиот се уплаќа на жиро сметка 40100-640-37 Фонд за здравствено осигурување на Македонија, со назнака "ЗА УЧЕСТВО НА ПОВИК БР. 02-2003/2".

Ако понудувачот приложи банкарска гаранција, гаранцијата треба да важи најмалку 90 дена од денот на отворањето на понудите.

РОКОВИ

1. Отворениот повик трае до 11,00 часот на 30.04.2001 година.

2. Отворањето на понудите ќе се одржи на 30.04.2001 година во 11,30 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ул. "50 Дивизија" бр. 6, голема сала на III кат.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Овластените претставници на понудувачите кои сакаат да учествуваат на јавното отворање на понудите, на комисијата треба да и предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање.

2. Понудите што ќе бидат предадени по истекот на рокот, како и тие што не се изработени според пропозициите и критериумите утврдени во Јавниот повик и тендер документацијата, нема да бидат разгледувани.

3. Заради полесна обработка на податоците сите понудувачи се должни податоците за материјалите што се предмет на овој повик да ги внесат во тендерската документација (преглед) што е подигнат од купувачот.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 10 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија - Скопје објавува

## ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01-96/2001 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ЗАПТИВНИ ПЛЕТЕНИЦИ СО ЈАВНО ОТВОРАЊЕ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувачот на отворениот повик бр. 01-96/2001 е ЈП "Електростопанство на Македонија", со седиште на ул. "11 Октомври" бр. 9, Скопје.

1.2. Предметот на набавката е прибирање на понуди за набавка на заптивни плетеници за потребите на РЕК "Битола" - Термоелектрана за II и III квартал, во се според тендер документација.

Тендер документацијата понудувачите ќе можат да ја подигнат во просториите на ЈП "ЕСМ" ул. "11 Октомври" бр. 9, Скопје (стара зграда), 9 кат соба бр. 3, секој работен ден од 8.00 до 9.30 часот и за истата е потребно да се уплати износ од 500,00 денари на жиро сметка бр. 4010-601-5012 ЈП "ЕСМ" Скопје (даночен број 4030989128346; депонент на Стопанска банка Скопје) со назнака за кој повик е уплатата.

Понудувачот треба да презентира доказ за извршена уплата при подигање на тендер документацијата.

1.3. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.

1.4. Постапката на повикот се спроведува со Отворен повик согласно Законот за јавни набавки.

2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

2.2. Понудата треба да го содржи називот на производителот на стоката.

2.3. Понудувачот треба да ги даде единечните цени и фиксна вкупна цена на понудената набавка на паритет ДДП РЕК Битола,изразена во ДЕМ со посебно искажан ДДВ.

2.4. Понудата треба да го содржи начинот на плаќање.

2.5. Понудувачот е должен да ги запази техничките карактеристики на набавката, при што тие треба да се во согласност со стандардите во Република Македонија и со меѓународните стандарди кои се прифатени во Република Македонија.

2.6. Понудата треба да го содржи рокот на испорака на стоката.

2.7. Понудувачот треба да даде понуда за целокупниот обем и количина на набавката.

2.8. Набавувачот го задржува правото понудата да ја подели на двајца или повеќе понудувачи.

2.9. Понудата треба да има рок на важност.

2.10. Понудите со пропратна документација од странските понудувачи треба да бидат преведени на македонски јазик.

3. ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

3.1. Понудувачот треба да приложи доказ за финансиска и економска способност согласно член 22 од Законот за јавни набавки. Домашните понудувачи треба да приложат документ за бонитет од носителот на платен промет, кој треба да биде во согласност со Правилникот за содржината на документот за бонитет ("Сл. весник на РМ" бр. 32 од 10.07.1998 г.), а странските Понудувачи согласно член 22 став 3 од Законот за јавни набавки.

3.2. Понудувачот треба да достави доказ за техничката способност, согласно член 23 од Законот за јавни набавки.

3.2.1. Понудувачот треба да достави список на испораки на ваков вид стоки во последните 3 години со количини, датуми и примачи.

3.3. Понудувачот треба да достави доказ дека на понудувачот не се однесува ниту еден од случаите наведени во член 24 од Законот за јавни набавки.

3.4. Претставниците на понудувачите треба да дадат писмено овластување за учество на јавниот повик, согласно член 29 став 2 од Законот за јавни набавки.

3.5. Понудувачот да достави решение за регистрација, согласно Законот за ДДВ.

3.6. Сите документи треба да се оригинали или заверени копии верни на оригиналот (освен списокот на испораки) не постари од 6 месеци.

4. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ (согласно член 25 од Законот за јавни набавки).

| | |
|---|---|
| 4.1. Квалитет | 40 поени, |
| 4.2. Цена | 40 поени, |
| 4.3. Начин на плаќање | 20 поени. |

5. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

5.1. Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 од Законот за јавни набавки.

5.2. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

5.3. Рок на доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање.

5.4. Понудувачите своите понуди треба да ги доставуваат на следната адреса ЈП "Електростопанство на Ма-

кедонија", за Комисијата за јавни набавки, ул. "11 Октомври" бр. 9, 1000 Скопје.

5.5. Отворањето на понудите ќе се изврши на ден 8.05.2001 год., во 11 часот, во просториите на ЈП "Електростопанство на Македонија", ул. "11 Октомври" бр. 9, Скопје, стара зграда, сала за состаноци, подрумски простории во присуство на овластените претставници на понудувачите.

5.6. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Отворениот повик, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Отворениот повик, нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

---

Друштвото за трговија со тутунски производи Бритиш Американ Тобако (Македонија) ДООЕЛ, експорт-импорт Скопје, одржа седница на ден 12.04.2001 година и ја донесе следната

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАЛОПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА ЦИГАРИТЕ ОД АСОРТИМАНОТ НА BRITISH AMERICAN TOBACCO ОД УВОЗ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Малопродажна цена за пакување од 20 цигари се утврдува како што следи:

| | |
|---|---|
| РОТМАНС Интернешенал | 96.00 денари |
| ДАНХИЛ Интернешенал | 96.00 денари |
| КАРТИЕ ВЕНДОМ Лајтс | 96.00 денари |
| РОТМАНС КСБ | 85.00 денари |
| ДАНХИЛ КСБ | 85.00 денари |

Член 2

Цената е со вклучен ДДВ и почнува да важи од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Управител,
**Дарко Маџоски** с.р.

---

## ОБЈАВА

Врз основа на член 74 од Законот за сметководство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93), Државниот завод за статистика ги утврдува и објавува

## КОЕФИЦИЕНТИТЕ
## ЗА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ И ПОРАСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2001 ГОДИНА

1. Месечниот коефициент на порастот на цените на производителите на индустриски производи во март 2001 година во однос на февруари 2001 година е 0,001.

2. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на месецот е 0,000.

3. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи во март 2001 година во однос на истиот месец од претходната година изнесува 0,038.

4. Коефициентот на порастот на просекот на животните трошоци во Република Македонија во периодот од почетокот на годината до крајот на март 2001 година во однос на просекот на животните трошоци во Република Македонија во 2000 година е 0,036.

Директор,
**Светлана Антоновска**, с.р.

---

## СОДРЖИНА


Страница

659. Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната пресметка за периодот од 1. 01. до 31. 12. 1999 година ... 2249
660. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за условите, критериумите, висината, начинот и постапката за утврдување и остварување на правото на социјална парична помош ... 2249
661. Решение од Комисијата за хартии од вредност ... 2249
662. Решение од Комисијата за хартии од вредност ... 2249
663. Решение од Комисијата за хартии од вредност ... 2249
664. Решение за количествата на суров тутун во лист што ќе се произведуваат во 2001 година ... 2250
665. Наредба за ловостој на сите видови риби на Дојранското Езеро ... 2250
666. Решение од Државниот завод за геодетски работи ... 2250
667. Одлука за дефинирање и начинот на утврдување на поврзани субјекти во согласност со Законот за банките ... 2250
668. Одлука за методологијата за утврдување на нето должници на банките ... 2251
669. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за потребната документација за издавање на согласности и доставување на известување според одредбите на Законот за банките ... 2252
670. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување и пресметување отворени девизни позиции на банките ... 2252

**Коефициенти** за порастот на цените и порастот на трошоците на живот во Република Македонија за месец март 2001 година ... 2262

**Меѓународни договори**

5. Закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки ... 1-274



**Издавач:** ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
**СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, ц.о.– Скопје, бул. "Партизански одреди" бр. 29.
**В.д. директор и одговорен уредник - Кокан Лазаревски.**
**Телефони 129-036, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51.**
**Жиро-сметка 40100-603-12498. Бр. за ДДВ МК – 4030987108771. Депозитор – Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: НИП "Нова Македонија" – АД – Скопје.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

# УКАЗ
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ

Се прогласува Законот за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2001 година.

Бр. 07-1432/1
12 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

# ЗАКОН
# ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ

Член 1

Се ратификува Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, склучена на 9 април 2001 година.

Член 2

Спогодбата во оригинал на македонски јазик [1] гласи:

---

[1] Спогодбата во оригинал е склучена на официјалните јазици на сите земји договорнички, меѓутоа поради обемноста на текстот, во прилог Предлогот на законот е доставен само на македонски јазик. Оригиналот на Спогодбата на сите јазици на кои е склучена, е депониран во Министерството за надворешни работи, Дирекцијата за меѓународно право, согласно со Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународните договори.

THE EUROPEAN COMMUNITIES
AND THEIR MEMBER STATES

Luxembourg, 9 April 2001

The Prime Minister of the
Government of the former Yugoslav
Republic of Macedonia

Dear Sir,

We have the honour to propose that, if it is acceptable to your Government, this letter and your confirmation hereof shall together take the place of the signature of the Stabilisation and Association Agreement with Annexes and Protocols, initialled by your Government and the European Commission on 24 November 2000.

We furthermore propose that, if it is acceptable to your Government, this letter and your confirmation hereof shall together take the place of the procedure whereby Declarations by the Contracting Parties would be adopted in a Final Act on the signing of the Stabilisation and Association Agreement, noting that the Declarations shall be subjected, in the same manner as this Agreement, to any procedures that may be necessary to ensure their validity.

The text of the Stabilisation and Association Agreement with Annexes and Protocols, as well as the Joint Declarations adopted by the Parties, are annexed to this Exchange of Letters.

Also annexed to this Exchange of Letters are 2 Unilateral Declarations by the European Community taken note of by your side.

The Exchange of Letters should be considered as the equivalent of signature.

The texts of the Agreement and the Declarations which are the object of this Exchange of Letters, shall be subject to approval by the European Communities and their Member States.

Please accept, Sir, the assurance of our highest consideration.

For the European Communities

175 Rue de la Loi,
1048 Brussels, Belgium

For the Kingdom of Belgium



Cette signature engage également la Communauté française, la Communauté flamande, la Communauté germanophone, la Région wallonne, la Région flamande et la Région de Bruxelles-Capitale.

Deze handtekening verbindt eveneens de Vlaamse Gemeenschap, de Franse Gemeenschap, de Duitstalige Gemeenschap, het Vlaamse Gewest, het Waalse Gewest en het Brusselse Hoofdstedelijke Gewest.

Diese Unterschrift bindet zugleich die Deutschsprachige Gemeinschaft, die Flämische Gemeinschaft, die Französische Gemeinschaft, die Wallonische Region, die Flämische Region und die Region Brüssel-Hauptstadt.

For the Kingdom of Denmark



For the Federal Republic of Germany



For the Hellenic Republic



For the Kingdom of Spain



For the French Republic

For Ireland

For the Italian Republic

For the Grand Duchy of Luxembourg

For the Kingdom of the Netherlands

For the Republic of Austria

For the Portuguese Republic

For the Republic of Finland

For the Kingdom of Sweden

For the United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland

превод

ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И
НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ

*Луксембург, 9 април 2001 година*

ДО
Претседателот на Владата
на Република Македонија

Почитувани господа,

Имаме чест да предложиме, доколку е тоа прифатливо за вашата Влада, ова писмо заедно со вашата потврда да претставуваат замена за потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и придружување заедно со анексите и протоколите, парафирана од вашата Влада Европската комисија на 24 ноември 2000 година.

Исто така предлагаме, доколку е тоа прифатливо за вашата Влада, ова писмо заедно со вашата потврда да ја утврдуваат процедурата според која Декларациите на Договорните страни се усвојуваат во Финалниот акт при потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и придружување, со забелешката дека Декларациите, на ист начин како и оваа Спогодба, ќе бидат предмет на сите процедури неопходни за обезбедување на нивната валидност.

Текстот на Спогодбата за стабилизација и придружување со анексите и протоколите, како и Заедничките декларации усвоени од Страните, се приложени кон оваа размена на писма.

Исто така, кон оваа размена на писма се приложени 2 Унилатерални изјави на Европската заедница со кои е запозната вашата страна.

Размената на писма треба да се смета како еквивалент на потпишувањето.

Текстовите на Спогодбата и декларациите кои се предмет на размената на писма подлежат на одобрување од страна на Европските заедници и нејзините земји членки.

Ве молам, почитувани господа, да ги примите изразите на нашето највисоко почитување.

За Европските заедници

(два потписи)

За Кралството Белгија
(потпис)
Ова потпишување еднакво ги обврзува Француската заедница, Фламанската заедница, Германофонската заедница, Валонскиот Регион, Фламанскиот Регион и Регионот Брисел-Главен град.

За кралството Данска
(потпис)

За Сојузна Република Германија
(потпис)

За Хеленската Република
(потпис)

За Кралството Шпанија
(потпис)

За Француската Република
(потпис)

За Ирска
(потпис)

За Италијанската Република
(потпис)

За Големото Војводство Луксембург
(потпис)

За Кралството Холандија
(потпис)

За Република Австрија
(потпис)

За Република Португалија
(потпис)

За Република Финска
(потпис)

За Кралството Шведска
(потпис)

За Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска
(потпис)

***ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***Претседател***

*Луксембург, 9 април 2001 година*

**Почитувани господа,**

Имам чест да го потврдам приемот на Вашето писмо кое се однесува на потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и придружување меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, заедно со анексите и протоколите, парафирана од мојата Влада и Европската комисија на 24 ноември 2000 година. Потврдувам дека мојата Влада е согласна ова писмо заедно со Вашето писмо да претставуваат замена за потпишувањето на Спогодбата.

Исто така, мојата Влада се согласува ова писмо заедно со Вашето писмо да ја утврдуваат процедурата според која Декларациите на Договорните страни се усвојуваат во Финалниот акт при потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и придружување, со забелешката дека Декларациите, на ист начин како и оваа Спогодба, ќе бидат предмет на сите процедури неопходни за обезбедување на нивната валидност.

Потврдувам дека кон оваа размена на писма се приложени текстот на Спогодбата за стабилизација и придружување и Заедничките декларации усвоени од Страните, како и 2 унилатерални Изјави на Европската заедница со кои е запозната мојата Влада.

Оваа размена на писма ја сметаме за еквивалент на потпишувањето.

Текстовите на Спогодбата и декларациите кои се предмет на размената на писма подлежат на одобрување од страна на Република Македонија и на Европските заедници и нејзините земји членки.

Меѓутоа, изјавувам дека Република Македонија не ја прифаќа деноминацијата за мојата земја употребена во погоре споменатите документи, имајќи во вид дека уставното име на мојата земја е Република Македонија.

***ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ***

***ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И***
***НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ***

THE EUROPEAN COMMUNITIES
AND THEIR MEMBER STATES

---

Luxembourg, 9 April 2001

The Prime Minister of the
Government of the former Yugoslav
Republic of Macedonia

Dear Sir,

We have the honour to acknowledge receipt of your letter dated 9 April 2001.

The European Communities and their Member States note that the Exchange of Letters between the plenipotentiaries of the European Communities and their Member States and the Prime Minister of the Government of the former Yugoslav Republic of Macedonia, which takes the place of the signature of the Stabilisation and Association Agreement with Annexes and Protocols, and of the procedure whereby Declarations by the Contracting Parties would be adopted in a Final Act on the signing of the Agreement has been accomplished, and that this cannot be interpreted as acceptance or recognition by the European Communities and their Member States in whatever form or content of a denomination other than the "former Yugoslav Republic of Macedonia".

Please accept, Sir, the assurance of our highest consideration.

For the European Communities

175 Rue de la Loi,
1048 Brussels, Belgium

For the Kingdom of Belgium



Cette signature engage également la Communauté française, la Communauté flamande, la Communauté germanophone, la Région wallonne, la Région flamande et la Région de Bruxelles-Capitale.

Deze handtekening verbindt eveneens de Vlaamse Gemeenschap, de Franse Gemeenschap, de Duitstalige Gemeenschap, het Vlaamse Gewest, het Waalse Gewest en het Brusselse Hoofdstedelijke Gewest.

Diese Unterschrift bindet zugleich die Deutschsprachige Gemeinschaft, die Flämische Gemeinschaft, die Französische Gemeinschaft, die Wallonische Region, die Flämische Region und die Region Brüssel-Hauptstadt.

For the Kingdom of Denmark



For the Federal Republic of Germany



For the Hellenic Republic



For the Kingdom of Spain



For the French Republic

For Ireland

For the Italian Republic

For the Grand Duchy of Luxembourg

For the Kingdom of the Netherlands

For the Republic of Austria

For the Portuguese Republic

For the Republic of Finland

For the Kingdom of Sweden

For the United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland

превод

ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И
НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ

*Луксембург, 9 април 2001 година*

ДО
Претседателот на Владата
на Република Македонија

Почитувани господа,

Имаме чест да го потврдиме приемот на вашето писмо од 9 април 2001 година.

Европските заедници и нејзините земји-членки нотираат дека е извршена Размената на писма меѓу ополномоштените на Европските заедници и нејзините земји-членки и Претседателот на Владата на Република Македонија, која претставува замена за потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и придружување, со анексите и протоколите, и на процедурата според која Декларациите на Договорните страни се усвојуваат во Финалниот акт при потпишувањето на Спогодбата, како и дека не може да се интерпретира како прифаќање или признавање од страна на Европските заедници и нејзините земји-членки на деноминација во било која друга форма или содржина освен "поранешна Југословенска Република Македонија".

Ве молам, почитувани господа, да ги примите изразите на нашето највисоко почитување.

За Европските заедници
(два потписи)

За Кралството Белгија
(потпис)
Ова потпишување еднакво ги обврзува Францускаta заедница, Фламанската заедница, Германофонската заедница, Валонскиот Регион, Фламанскиот Регион и Регионот Брисел-Главен град.

За кралството Данска
(потпис)

За Сојузна Република Германија
(потпис)

За Хеленската Република
(потпис)

За Кралството Шпанија
(потпис)

За Француската Република
(потпис)

За Ирска
(потпис)

За Италијанската Република
(потпис)

За Големото Војводство Луксембург
(потпис)

За Кралството Холандија
(потпис)

За Република Австрија
(потпис)

За Република Португалија
(потпис)

За Република Финска
(потпис)

За Кралството Шведска
(потпис)

За Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска
(потпис)

# Спогодба за стабилизација и асоцијација

меѓу

Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки

# СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

меѓу Република Македонија, од една страна, и Европските заедници и нивнитеземји-членки, од друга страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во натамошниот текст "Република Македонија",

од една страна, и

КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА,
КРАЛСТВОТО ДАНСКА,
СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА,
РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА,
КРАЛСТВОТО ШПАНИЈА,
ФРАНЦУСКАТА РЕПУБЛИКА,
ИРСКА,
ИТАЛИЈАНСКАТА РЕПУБЛИКА,
ГОЛЕМОТО ВОЈВОДСТВО ЛУКСЕМБУРГ,
КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА,
РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА,
ПОРТУГАЛСКАТА РЕПУБЛИКА,
РЕПУБЛИКА ФИНСКА,
КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА,
ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА,

договорните страни во Договорот за основање на Европската заедница, Договорот за основање на Европската заедница за јаглен и челик, Договорот за основање на Европската заедница за атомска енергија и Договорот за Европската унија, во натамошниот текст "земји-членки" и

ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА, ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ЈАГЛЕН И ЧЕЛИК,
ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА АТОМСКА ЕНЕРГИЈА,

во натамошниот текст "Заедница",

од друга страна,

Имајќи ги предвид цврстите врски меѓу Страните и вредностите што ги споделуваат, нивната желба да ги зајакнат тие врски и да воспоставаат блиска и трајна соработка врз основа на реципроцитет и заемен интерес, што треба на Република Македонија да и овозможи понатаму да ги зајакне и да ги прошири претходно воспоставените односи, особено со Спогодбата за соработка потпишана на 29 април 1997 година со размена на писма, која стапи во сила на 1 јануари 1998 година;

Имајќи го предвид односот меѓу Страните, областа на сувоземниот сообраќај треба и натаму да биде регулирана со Спогодбата меѓу Европската економска заедница и Република Македонија во областа на сообраќајот, потпишана на 29 јуни 1997 година, која стапи во сила на 28 ноември 1997 година;

Имајќи го во предвид значењето на оваа Спогодба, во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација со земјите од Југоисточна Европа, како и во рамките на Пактот за стабилност, тој треба да биде и понатаму развиван низ заедничка стратегија на ЕУ за Регионот, за воспоставување и консолидирање стабилен европски поредок заснован врз соработка, чија главна потпора е Европската унија;

Имајќи ја предвид определбата на Страните со сите средства да придонесат за политичка, економска и институционална стабилизација во Република Македонија, како и во Регионот, за што поголем развој на граѓанско општество и демократизација, формирање институции и реформа на јавната администрација, зајакната трговска и економска соработка, јакнење на националната и регионалната безбедност, како и зголемена соработка во областа на правдата и внатрешните работи;

Имајќи ја предвид определбата на Страните за зголемување на политичките и економските слободи, како основа на оваа Спогодба, како и нивната определба за почитување на човековите права и владеење на правото, како и правата на лицата за самоопределување за националната припадност и демократските принципи низ слободни и фер-избори и повеќепартиски систем;

Имајќи ја предвид определбата на Страните за принципите на слободното пазарно стопанство и готовноста на Заедницата да даде свој придонес за економските реформи во Република Македонија;

Имајќи ја предвид определбата на Страните за целосна имплементација на сите принципи и одредби од Повелбата на ОН, на ОБСЕ, а особено на оние од Завршниот акт од Хелсинки, завршните документи од конференциите во Мадрид и во Виена, Париската повелба за нова Европа и од Пактот за стабилност за Југоисточна Европа од Келн, како и да придонесе за регионална стабилност и соработка меѓу земјите од Регионот;

Со желба да се воспостави редовен политички дијалог за билатерални и меѓународни прашања од заеднички интерес, вклучувајќи ги и регионалните аспекти;

Имајќи ја предвид определбата на Страните за слободна трговија, согласно со правата и обврските кои произлегуваат од СТО;

Убедени дека Спогодбата за стабилизација и асоцијација ќе создаде нова клима за економска соработка меѓу нив, а пред се´ за развој на трговијата и инвестициите, како клучни фактори за економско преструктуирање и модернизација;

Имајќи ја предвид определбата на Република Македонија да го сообрази своето законодавство кон она на Заедницата;

Водејќи сметка за волјата на Заедницата да даде решителен придонес за имплементација на реформата и да ги искористи сите расположливи инструменти за соработка и техничка, финансиска и економска помош за сеопфатна индикативна повеќегодишна основа, се основна заложба;

Потврдувајќи дека одредбите од оваа Спогодба, што спаѓаат во Дел III, Глава IV од Договорот за основање на Европската заедница, ги обврзуваат Обединетото Кралство и Ирска како одделни договорни страни, а не како дел од Европската заедница, се' додека Обединетото Кралство или Ирска (како што може да биде случај) не ја извести Република Македонија дека е обврзана како дел од Европската заедница, согласно Протоколот за положбата на Обединетото Кралство и Ирска како Анекс кон Договорот за Европската унија и Договорот за основање на Европската заедница. Истото се однесува на Данска, согласно Протоколот кон овие договори за положбата на Данска;

Повикувајќи се на готовноста на Европската унија да ја интегрира Република Македонија во најголема можна мерка во политичките и економските текови на Европа и нејзиниот статус како потенцијален кандидат за членство во ЕУ, врз основа на Договорот за Европската унија и исполнувањето на критериумите дефинирани од страна на Европскиот совет во јуни 1993 година, се предмет на успешна имплементација на оваа Спогодба, особено во поглед на регионалната соработка;

ОДЛУЧИЈА да ја склучат овоја Спогодба и за таа цел ги определија како свои ополномоштеници:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- Љубчо ГЕОРГИЕВСКИ,

  Претседател на Владата на Република Македонија

ЕВРОПСКА ЗАЕДНИЦА

- Anna LINDH,

  Министер за надворешни работи на Кралството Шведска

  Претседавач на Советот на Европската унија

- Chris PATTEN,

  Член на Комисијата на Европските заедници

КОИ, откако разменија целосни полномоштва, утврдени во добра и уредна форма,

СЕ ДОГОВОРИЈА ЗА СЛЕДНОВО:

*Член 1*

1. Со ова се воспоставува асоцијација помеѓу Заедницата и нејзините земји-членки, од една страна, и Република Македонија, од друга страна.

2. Целите на оваа асоцијација се:

- да обезбеди соодветна рамка за политички дијалог, овозможувајќи развој на блиски политички односи меѓу Страните;

- да ги поддржи напорите на Република Македонија за развој на економската и меѓународната соработка, и усогласување на законодавството со она на Заедницата;

- да промовира урамнотежени економски односи и постапно да се развива слободна трговска зона помеѓу Заедницата и Република Македонија;

- да ја негува регионалната соработка на сите полиња што се опфатени со оваа Спогодба.

# ГЛАВА I
# ОПШТИ НАЧЕЛА

*Член 2*

Почитување на демократските принципи и човековите права, прокламирани во Универзалната декларација за човекови права и како што е дефинирано во Финалниот акт од Хелсинки и Парискатa повелба за нова Европа, почитување на правилата од меѓународното право и владеење на правото, како и начелата за пазарно стопанство содржани во Бонската конференција на КЕБС за економска соработка, ја формираат основата за домашната и надворешната политика на Страните и претставуваат основни елементи на оваа Спогодба.

*Член 3*

Меѓународниот и регионалниот мир и стабилност, како и развојот на добрососедските односи се суштински за Процесот на стабилизација и асоцијација. Склучувањето и спроведувањето на оваа Спогодба се во рамките на регионалниот пристап на Заедницата, дефиниран со заклучоците на Советот од 29 април 1997, заснован врз индивидуалните постигнувања на земјите од Регионот.

*Член 4*

Република Македонија се обврзува да воспостави соработка и добрососедски односи со другите земји од регионот, вклучувајќи соодветно ниво на заемни отстапки во однос на движењето на луѓе, стоки, капитал и услуги, како и развивање на проекти од заеднички интерес. Оваа определба претставува клучен фактор за развојот на односите и соработката меѓу Заедницата и Република Македонија и на тој начин придонесува за стабилноста во Регионот.

*Член 5*

1. Асоцијацијата ќе биде целосно постигната во текот на максимум 10 години, додека трае транзициониот период, кој ќе биде поделен во две последователни фази. Целта на ваквата поделба на две последователни фази е поради тоа што одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација треба да се имплементираат прогресивно и да се фокусира на областите опишани подолу во Главите III, V, VI и VII за време на првата фаза.

2. Советот за стабилизација и асоцијација, основан со Членот 108, треба редовно да ги прегледува примената на Спогодбата како и правните, административните, институционалните и економските реформи што ги презема Република Македонија во светлина на преамбулата и во согласност со општите начела наведени во оваа Спогодба.

3. Четири години по стапувањето во сила на Спогодбата, Советот за стабилизација и асоцијација треба да го оцени постигнатиот напредок и да реши за започнувањето на втората фаза и за нејзиното времетраење, како и за какви било можни промени кои треба да се направат во однос на содржината на одредбите што ќе ја регулираат втората фаза. При таквото одлучување, тој ќе ги земе предвид резултатите од горенаведеното разгледување.

4. Двете фази, што се предвидени во став 1 и став 3, не се однесуваат на Главата IV.

*Член 6*

Спогодбата ќе биде целосно компатибилна со соодветните одредби на СТО, особено на членот XXIV од ГАТТ од 1994 година и членот V од ГАТС.

# ГЛАВА II
# ПОЛИТИЧКИ ДИЈАЛОГ

*Член 7*

Политичкиот дијалог помеѓу Страните и понатаму ќе се развива и интензивира. Тој треба да го придружува и да го зацврстува приближувањето на Европската унија и Република Македонија и да придонесува кон воспоставување блиски врски на солидарност и пронаоѓање нови форми на соработка меѓу Страните.

Политичкиот дијалог е наменет да промовира особено:
- зголемена конвергентност на ставовите на Страните за меѓународните прашања, особено за оние прашања кои најверојатно ќе имаат значајно влијание врз Страните;
- регионална соработка и унапредување на добрососедските односи;
- заеднички гледишта за безбедноста и стабилноста во Европа, вклучувајќи ги и подрачјата опфатени со заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија.

*Член 8*

Политичкиот дијалог може да се одвива во мултилатерална рамка или како регионален дијалог, во кој ќе бидат вклучени другите земји од Регионот.

*Член 9*

1. Политичкиот дијалог на министерско ниво ќе се одржува во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација, кој ќе ја има општата надлежност за какво било прашање што Страните би сакале да му го упатат.

2. На барање на Страните, политичкиот дијалог може да се одржува и во следниве форми:

- состаноци, онаму каде што е потребно тоа, на високи официјални претставници на Република Македонија, од една страна, и Претседавачот на Советот на Европската унија и на Комисијата, од друга страна;
- користејќи ги сите дипломатски канали меѓу Страните, вклучувајќи и соодветни контакти во трети земји, како и во рамките на Обединетите нации, ОБСЕ и други меѓународни форуми;
- сите други средства кои можат да дадат корисен придонес за зацврснувањето, развојот и забрзувањето на овој дијалог.

*Член 10*

Политичкиот дијалог на парламентарно ниво ќе се одржува во рамките на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, основан со Членот 114.

# ГЛАВА III
# РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

*Член 11*

Во согласност со нејзините заложби за мир, стабилност и развој на добрососедските односи, Република Македонија активно ќе ја поттикнува регионалната соработка. Заедницата, преку програмите за техничка помош, исто така ќе ги поддржува проектите што имаат регионална или прекугранична димензија.

Секогаш кога Република Македонија ќе предвиди да ја зајакне својата соработка со некоја од земјите споменати подолу, во Членовите 12 до 14, таа, ќе ја информира и ќе се консултира со Заедницата и со нејзините земји-членки, во согласност со одредбите од Глава X.

*Член 12*

*Соработка со други земји кои ќе ја потпишат Спогодбата за стабилизација и асоцијација*

Не подоцна од моментот кога барем една Спогодба за стабилизација и асоцијација ќе биде потпишана со некоја од земјите на кои се однесува Процесот на стабилизација и асоцијација, Република Македонија ќе отпочне преговори со определената земја или земји, со цел потпишување на конвенција за регионална соработка чија цел е да за се зголеми обемот на соработка меѓу земјите на кои се однесува.

Главните елементи на оваа конвенција ќе бидат:
- политички дијалог;
- основање слободна трговска зона меѓу Страните, усогласена со релевантните одредби на СТО;
- заемни концесии во однос на движењето на работници, основање друштва, давање услуги, тековни плаќања и движење на капитал, на ниво еквивалентно на она од оваа Спогодба;
- одредби за соработка во други области, било да се регулирани или не со оваа Спогодба, а особено во областа на правдата и внатрешните работи.

Оваа конвенција ќе содржи одредби за создавање неопходни институционални механизми, онаму каде што е неопходно.

Оваа конвенција за регионална соработка треба да се склучи во рок од две години по стапувањето во сила барем на втората Спогодба за стабилизација и асоцијација. Подготвеноста на Република Македонија за склучување на ваква конвенција ќе биде услов за натамошен развој на односите меѓу Република Македонија и ЕУ.

*Член 13*

*Соработка со други земји на кои се однесува Процесот за стабилизација и асоцијација*

Република Македонија ќе се вклучи во регионална соработка со другите земји на кои се однесува Процесот за стабилизација и асоцијација, во некои или во сите полиња на соработка што се опфатени со оваа Спогодба, особено оние од заеднички интерес. Оваа соработка треба да биде во согласност со начелата и целите на оваа Спогодба.

*Член 14*

*Соработка со земјите-кандидати за пристапување кон ЕУ*

Република Македонија може да ја зајакне нејзината соработка и да склучи конвенција за регионална соработка со која било земја- кандидат за пристапување кон ЕУ, од сите области на соработка што се опфатени со оваа Спогодба. Оваа конвенција ќе има за цел постепено да ги зацврснува билатералните односи меѓу Република Македонија и определената земја на утврденото ниво на односите меѓу Европската заедница и земјите-членки со оваа земја.

## ГЛАВА IV
## СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

*Член 15*

1. Заедницата и Република Македонија постапно ќе воспостават слободна трговска зона, за период што ќе трае максимум 10 години, со самото стапување во сила на оваа Спогодба, согласно одредбите на истата и во согласност со одредбите на ГАТТ од 1994 година и на СТО. Притоа тие треба да ги земат предвид конкретните барања наведени подолу.

2. Во трговијата помеѓу двете Страни за класификацијата на стоките ќе биде применета Комбинираната номенклатура за стоки.

3. Основните царински стапки за секој производ, за којшто ќе се применуваат последователни намалувања наведени во оваа Спогодба, ќе бидат оние што се применливи *erga omnes* на денот пред потпишувањето на Спогодбата.

4. Доколку по потпишувањето на Спогодбата се примени намалување на царините на *erga omnes* основа, а особено намалувања што се резултат на преговорите за царини со СТО, ваквите намалени царински стапки ќе бидат заменети со основните царински стапки што се наведени во точка 3 од денот кога ваквите намалувања ќе се применат.

5. Заедницата и Република Македонија ќе се известат меѓу себе за соодветните основни царински стапки.

## ПОГЛАВЈЕ I
## ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

*Член 16*

1. Одредбите од оваа Поглавје ќе се однесуваат на производите што потекнуваат од Заедницата или од Република Македонија, наведени во Поглавјата 25 до 97 од Комбинираната номенклатура, со исклучок на оние производи што се наведени во Анексот I, параграф I (ii) од Спогодбата за земјоделство (ГАТТ 1994).

2. Одредбите од Членовите 17 и 18 нема да се однесуваат ниту на текстилните производи ниту на производите од челик, како што е наведено во Членовите 22 и 23.

3. Трговијата меѓу Страните со производите, што се опфатени со Договорот за основање Европска заедница за атомска енергија, ќе се извршува во согласност со одредбите од тој Договор.

*Член 17*

1. Царинските давачки за увозот на производите во Заедницата, што потекнуваат од Република Македонија, ќе бидат укинати штом ќе стапи во сила оваа Спогодба.

2. Квантитативните ограничувања на увозот и мерките кои имаат исто влијание врз увозот во Заедницата, за производите што потекнуваат од Република Македонија, ќе бидат укинати на денот од стапување во сила на оваа Спогодба.

*Член 18*

1. Царинските давачки за увозот во Република Македонија за стоките што потекнуваат од Заедницата, освен оние наведени во Анексите I и II, ќе бидат укинати со стапувањето во сила на оваа Спогодба.

2. Царинските давачки за увозот во Република Македонија на производите што потекнуваат од Заедницата, наведени во Анекс I, ќе бидат прогресивно намалувани во согласност со следниов временска распоред:

- на 1-ви јануари од првата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 90% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од втората година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 80% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од третата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 70% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од четвртата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 60% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од петтата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 50% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од шестата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 40% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од седмата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 30% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од осмата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 20% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од деветтата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 10% од основната давачка;
- на 1-ви јануари од десеттата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба преостанатите царински давачки ќе бидат укинати.

3. Царинските давачки на увозот во Република Македонија за производите што потекнуваат од Заедницата, наведени во Анекс II, ќе бидат прогресивно намалувани и укинати во согласност со временскиот распоред наведен во Анексот.

4. Квантитативните ограничувања на увозот и мерките кои имаат исто влијание врз увозот во Република Македонија за производите што потекнуваат од Заедницата ќе бидат укинати со денот на стапување во сила на оваа Спогодба.

Член 19

Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Заедницата и Република Македонија меѓусебно ќе ги укинат сите давачки во трговијата кои имаат исти ефекти како царинските давачки на увозот.

Член 20

1. Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Заедницата и Република Македонија ќе ги укинат ситеармински и други давачки кои имаат ист ефект врз извозот.

2. Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Заедницата и Република Македонија меѓусебно ќе ги укинат сите квантитативни ограничувања и мерки кои имаат ист ефект врз извозот.

*Член 21*

Доколку општата економска состојба и состојбата во соодветниот економски сектор го дозволува тоа, Република Македонија ја изразува подготвеноста да ги намали царинските стапки во трговијата со Заедницата побрзо отколку што е предвидено со Членот 18.
Советот за стабилизација и асоцијација ќе даде препораки во таа насока.

*Член 22*

Протоколот 1 ги пропишува аранжманите што се однесуваат за текстилните производи што се споменати овде.

*Член 23*

Протоколот 2 ги пропишува аранжманите што се однесуваат на производите од челик што се споменати овде.

## ПОГЛАВЈЕ II
## ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РИБАРСТВО

*Член 24*

*Дефиниција*

1. Одредбите од ова Поглавје се однесуваат на трговијата со земјоделски и рибни производи, што потекнуваат од Република Македонија или од Заедницата.

2. Изразот "земјоделски и рибни производи" се однесува на производите што се наведени во Поглавјата 1 до 24 од Комбинираната номенклатура и на производите што се наведени во Анексот I, параграф 1, (ii), од Договорот за земјоделство (ГАТТ 1994).

3. Оваа дефиниција ги опфаќа рибите и рибните производи од глава 3, тарифни ознаки 1604 и 1605 и под-ознаки 0511 91, 2301 20 00 и дел од 1902 20[1]*.

*Член 25*

Протоколот 3 ги пропишува трговските аранжмани за преработените земјоделски производи кои се наведени во него.

*Член 26*

1. Со стапувањето во сила на Спогодбата, Заедницата ќе ги укине сите квантитативни ограничувања, како и мерки кои имаат еднакво влијание на увозот на земјоделски и рибни производи што потекнуваат од Република Македонија.

2. Со стапувањето во сила на Спогодбата, Република Македонија ќе ги укине сите квантитативни ограничувања, како и мерки кои имаат еднакво влијание, на увозот на земјоделски и рибни производи што потекнуваат од Заедницата.

---

[1] * Делот од 1902 20 е за „теста полнети, варени или неварени или поинаку приготвени, со содржина повеќе од 20 % по маса на риби, черупкари, мекотелци или други водни безрбетници "

*Член 27*

*Земјоделски производи*

1. Од денот во стапување на сила на оваа Спогодба, Заедницата ќе ги укине царинските давачки и другите давачки кои имаат ист ефект за увозот на земјоделските производи по потекло од Република Македонија, освен оние опфатени со тарифните ознаки 0102, 0201, 0202 и 2204 од Комбинираната номенклатура.

За производите опфатени со Поглавјата 7 и 8 од Комбинираната номенклатура, за кои Заедничката царинска тарифа предвидува плаќање царина на вредноста и на посебни давачки, укинувањето на давачките се однесува само на царината на вредноста.

2. Од денот во стапување на сила на оваа Спогодба, Заедницата ќе ги утврди царинските давачки што ќе се применуваат при увозот во Заедницата на телешко месо („ *baby-beef*") производи дефинирани во Анекс III по потекло од Република Македонија, на 20% од царината на вредноста - давачката и 20% од посебната давачка утврдена во Заедничката царинска тарифа на Европските заедници, во рамките на ограниченот обем од годишната тарифна квота од 1 650 тони изразени во обработена тежина (*carcass*).

3. Од денот во стапувањето на сила на оваа Спогодба, Република Македонија:

(а) ќе ги укине царинските давачки што се применуваат при увозот за некои земјоделски производи, по потекло од Заедницата, наведени во Анекс IV (а);

(б) ќе ги укине царинските давачки кои се применуваат при увозот на некои земјоделски производи по потекло од Заедницата, наведени во Анексот IV (б), согласно тарифните квоти определени за секој производ во тој Анекс. За количините што ги надминуваат тарифните квоти, Република Македонија ќе ги намали прогресивно царинските давачки, во согласност со временскиот распоред определен за секој производ во тој Анекс.

(ц) прогресивно ќе ги намали царинските давачки што се применуваат при увозот на некои земјоделски производи по потекло од Заедницата, наведени во Анекс IV(ц) во рамките на ограничувањата на тарифните квоти и во согласност со временскиот распоред што се однесува за секој производ во овој Анекс.

4. Трговските аранжмани за виното и алкохолните пијалаци ќе бидат дефинирани во одделен договор за вино и алкохолни пијалаци.

*Член 28*

*Рибни производи*

1. Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Заедницата целосно ќе ги укине царинските давачки за риби и рибни производи по потекло од Република Македонија. Производите наведени во Анекс V(а) ќе бидат предмет на одредбите што се наведени подолу.

2. Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Република Македонија ќе ги укине сите давачки што имаат ист ефект со царинските давачки и истите ќе ги намали за риби и рибните производи по потекло од Европската заедница за 50% од царините што важат за најповластена нација. Преостанатите давачки ќе бидат намалувани за период од шест години и ќе бидат укинати до крајот на тој период.
Правилата содржани во оваа точка нема да се применуваат на производите наведени во Анекс V(б), што ќе бидат предмет на царински намалувања наведени во споменатиот Анекс.

Член 29

1. Земајќи ги предвид обемот на трговијата на земјоделски и рибни производи меѓу Страните, нивната особена чувствителност, правилата на Заедничката политика за земјоделство и рибарство на Заедницата, прописите за земјоделската политика на Република Македонија, улогата на земјоделството во стопанството на Република Македонија, производниот и извозниот потенцијал на нејзините традиционални гранки и пазари и последиците од мултилатералните трговски преговори во рамките на СТО, Република Македонија и Заедницата во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација не подоцна од 1 јануари 2003, ќе ги испитаат, производ по производ, на урврдена и реципрочна основа, можностите за меѓусебно доделување понатамошни концесии во поглед на спроведување на поголема либерализација на трговијата за земјоделските и рибните производи.

2. Одредбите од ова Поглавје во ниеден случај нема да влијаат врз примената на поповолни мерки од едната или од другата Страна, на унилатерална основа.

*Член 30*

Независно од другите одредби од оваа Спогодба, а особено од членот 37, имајќи ја предвид особената чувствителност на земјоделските и рибните пазари, доколку увозот на производите што потекнуваат од една од двете Страни, кои

се предмет на концесии доделени во согласност со членот 25, 27 и 28, предизвикуваат сериозни нарушувања на пазарите или на нивните домашни регулативни механизми, на другата Страна, двете Страни веднаш ќе пристапат кон консултации за да се изнајде соодветно решение. Барајќи решение, засегнатата Страна може да преземе соодветни мерки што ѝ смета за неопходни.

## ПОГЛАВЈЕ III
## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

*Член 31*

Одредбите од ова Поглавје ќе се применуваат меѓу Страните, за трговијата со сите производи, освен доколку не е поинаку предвидено во ова Поглавје или во Протоколите 1, 2 и 3.

*Член 32*

*Застој*

1. Од денот на стапувањето во сила на оваа Спогодба, во трговијата меѓу Заедницата и Република Македонија нема да бидат воведени нови царински давачки на увозот или извозот, или трошоци кои имаат ист ефект, ниту ќе бидат зголемени постојните што се применуваат.

2. Од денот на стапувањето во сила на оваа Спогодба, во трговијата меѓу Заедницата и Република Македонија нема да бидат воведени нови квантитативни ограничувања на увозот и извозот, или мерки кои имаат ист ефект, ниту постојните што се применуваат ќе бидат поограничувачки.

3. Без да се ограничат концесиите, предвидени во членот 26, одредбите од став 1 и став 2 од овој член нема на кој било начин да го ограничуваат спроведувањето на одредена земјоделска политика на Република Македонија и на Заедницата, или да бидат преземени какви било мерки во рамките на ваквите политики сè додека увозниот режим од Анексите III,IV(а)(б)(ц) и V(а)(б) не е засегнат.

*Член 33*

*Забрана на даночна дискриминација*

1. Страните ќе се воздржат или ќе ги укинат онаму каде што постојат, мерките или практиката од внатрешна фискална природа со кои се воспоставува дискриминација, било директно било индиректно помеѓу производите од едната Страна и сличните производи што потекнуваат од територијата на другата Страна.

2. Производите што се извезуваат на територијата на една од Страните не можат да се користат за отплаќање на домашни индиректни даноци во износ што е над износот на индиректните давачки пропишани за нив.

*Член 34*

Одредбите што се однесуваат на укинувањето на царинските давачки за увозот, исто така ќе се применуваат на царинските давачки од фискална природа.

*Член 35*
*Царински унии, слободни трговски зони*
*и договори за прекугранична трговија*

1. Оваа Спогодба не треба да го исклучува одржувањето или основањето царински унии, слободни трговски зони или договори за погранична трговија, освен доколку тие не ги менуваат трговските одредби предвидени со оваа Спогодба.

2. За време на преодните периоди, предвидени во членовите 17 и 18, оваа Спогодба не треба да влијае на примената на специфичните преференцијални договори што го управуваат движењето на стоки или што се дадени во пограничните договори, склучени претходно меѓу една или повеќе договорни земји-членки и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а што ги наследила Република Македонија или произлегуваат од билатералните договори наведени во Глава III склучени од Република Македонија со цел да се промовира регионалната трговија.

3. Консултациите меѓу Страните ќе се одвиваат во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација во врска со спогодбите опишани во точките 1 и 2 од овој член и онаму каде што ќе се побара, за други поважни прашања поврзани со нивната трговска политика кон трети земји. Посебно во случај кога трета земја пристапува кон Заедницата, таквите консултации ќе се одржат за да се осигури дека се води сметка за заедничките интереси на Заедницата и на Република Македонија наведени во оваа Спогодба.

*Член 36*
*Дампинг*

1. Доколку една од Страните утврди дека има дампинг во трговијата со другата Страна, согласно содржината на значењето на член VI од ГАТТ 1994, таа може да преземе соодветни мерки против оваа практика во согласност со Договорот за имплементација на член VI од ГАТТ 1994 и своето домашно законодавство.

2. Во врска со точка 1 од овој Член, Советот за стабилизација и асоцијација ќе биде информиран за случајот на дампинг штом властите на Страната-увозник ќе покренат истрага. Кога дампингот нема да престане, согласно содржината на значењето на член VI од ГАТТ или нема да се постигне друго задоволувачко решение во рок од 30 дена за прашањето што е упатено до Советот за стабилизација и асоцијација, Страната-увозник може да усвои соодветни мерки.

*Член 37*
*Општа клаузула за заштита*

1. Кога некој производ од едната Страна е увезен на територијата на другата Страна во прекумерни количества и под такви услови што предизвикуваат или се закануваат да предизвикаат:

- сериозна штета на домашната индустрија на слични или директно конкурентски производи на територијата на Страната која увезува; или

- сериозни нарушувања во кој било сектор на стопанството или потешкотии што можат да предизвикаат сериозно влошување на економската ситуација во регионот на Страната која увезува, таа може да преземе соодветни мерки под услови, согласно процедурите што се наведени во овој член.

2. Заедницата и Република Македонија ќе применуваат заштитни мерки меѓу себе само во согласност со одредбите на оваа Спогодба. Таквите мерки нема да го надминат она што е неопходно за да се решат проблемите што произлегле и би требало вообичаено да се состојат од укинување на натамошното намалување на важечката царинска стапка за односниот производ, предвидена според оваа Спогодба или на зголемување на царинската стапка за тој производ.

Таквите мерки ќе содржат јасни елементи што прогресивно ќе водат до нивно укинување, најдоцна до крајот на поставениот период. Мерките не треба да се преземаат за период што ќе надмине една година. Во исклучителни околности, мерките можат да бидат преземани со максимално траење од три години. Ниедна заштитна мерка не може да се применува за увозот на производ кој претходно бил предмет на таква мерка, за период од најмалку три години од истекот на важноста на таа мерка.

3. Во случаите детално наведени во овој Член, пред преземањето на мерките предвидени со истиот, или во случаите за кои се применува Точка 4(б) од овој член, најбрзо што е можно, Заедницата или Република Македонија, како што може да биде случај, ќе ги достават сите релевантни информации до Комитетот за стабилизација и асоцијација, со цел да се најде решение прифатливо за двете Страни.

4. За спроведување на овие ставови, ќе се применуваат следниве одредби:

(а) потешкотиите што произлегуваат од ситуацијата што се однесува на овој член, треба да бидат доставени на разгледување до Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој може да донесе секаква одлука потребна за да се разрешат ваквите потешкотии.

Доколку Комитетот за стабилизација и асоцијација или Страната- извозник не донесе одлука со која ќе се остранат тешкотиите или не се постигне друго задоволувачко решение во рок од 30 дена откако за тоа е известен Комитетот за стабилизација и асоцијација, Страната- увозник може да усвои мерки за справување со проблемот во согласност со овој член. При изборот на заштитните мерки, приоритет мора да им биде даден на оние кои најмалку го нарушуваат функционирањето на договорите воспоставени со оваа Спогодба.

(б) во случај на исклучителни и критични околности, кои бараат итна акција а предходното информирање или испитување го прават невозможно, засегнатата Страна може во ситуации наведени во овој член, да примени мерки на претпазливост неопходни да се справи со ситуацијата, за што треба веднаш да ја информира другата Страна.

5. Заштитните мерки треба да бидат веднаш доставени до Комитетот за стабилизација и асоцијација и ќе бидат предмет на периодични консултации на тоа тело, посебно со цел за воспоставување на временски распоред за нивното укинување, веднаш штом тоа ќе го дозволат околностите.

6. Во случај кога Заедницата или Република Македонија да го стават под сомнеж увозот на производи што предизвикуваат тешкотии споменати во овој член и наложуваат административна процедура која има за цел брзо обезбедување информации за трендот на трговските движења, ќе ја информира другата Страна.

*Член 38*
*Клаузула за недостаток*

1. Доколку примената на одредбите од ова Поглавје води кон:

(а) критичен недостаток, или опасност од недостаток, на храна или други производи непоходни за извозната Страна; или

(б) реекспорт на производ во трета земја кон која извозната Страна задржува квантитативни извозни ограничувања, извозни царини или мерки или давачки со еднаков ефект, и каде што гореспоменатите случаи предизвикуваат, или е извесно дека ќе предизвикаат големи потешкотии на извозната Страна, таа може да презeме соодветни мерки под условите и во согласност со процедурата предвидена во овој член.

2. Во изборот на мерките, првенство мора да им се даде на оние кои најмалку го нарушуваат функционирањето на аранжманите воспоставени со оваа Спогодба. Таквите мерки нема да бидат применувани на начин кој би претставувал средство за арбитрарна или неправедна дискриминација, во случаите каде што преовладуваат истите услови, или прикриено ограничување на трговијата и ќе бидат укинати штом условите повеќе не го оправдуваат нивното постоење.

3. Пред да се преземат мерките пропишани во точка 1 од овој член или, што е можно побрзо во случаите во кои точка 4 од овој член се применува, Заедницата или Република Македонија, во зависност од случајот, ќе ги

обезбедат сите релевантни информации за Комитетот за стабилизација и асоцијација, со намера барање на решение прифатливо за двете Страни. Страните во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација можат да се согласат на какви било мерки потребни за запирање на тешкотиите. Ако за прашањето што му е упатено на Комитетот за стабилизација и асоцијација не се постигне согласност во рок од 30 дена, извозната страна може да примени мерки според овој член за извозот на производот за кој станува збор.

4. Кога посебни и критични ситуации кои бараат итна акција оневозможуваат претходно информирање или испитување, како што може да биде случај, Заедницата или Република Македонија, во зависност од тоа кој е засегнат, може да ги примени мерките на претпазливост неопходни за справување со ситуацијата и веднаш да ја информира другата Страна за тоа.

5. Комитетот за стабилизација и асоцијација веднаш ќе биде информиран за какви било мерки применети во согласност со овој Член и истите ќе бидат предмет на периодични консултации во рамките на ова тело, посебно со цел воспоставување временски распоред за нивна елиминација веднаш штом условите ќе го дозволат тоа.

*Член 39*
*Државни монополи*

Република Македонија прогресивно ќе ги приспособи сите државни монополи од комерцијален карактер за да се обезбеди дека, до крајот на петтата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба, нема да има дискриминација меѓу државјаните на земјите-членки и на Република Македонија во поглед на условите под кои производите се набавуваат и се пласираат на пазарот. Комитетот за стабилизација и асоцијација ќе биде информиран за мерките што се преземаат за постигнување на оваа цел.

*Член 40*

Протоколот 4 ги регулира правилата за потекло за примена на царинските преференцијали предвидени со оваа Спогодба.

*Член 41*
*Дозволени ограничувања*

Оваа Спогодба нема да исклучи забрани или ограничувања во увозот, извозот или транзитот на стоки оправдани врз основа на јавниот морал, јавната политика или јавната безбедност; заштитата на здравјето и животот на луѓето, животните или растенијата; заштитата на националните богатства со уметничка, историска или археолошка вредност или заштитата на правата на интелектуалната, индустриската и трговската сопственост, или правилата што се однесуваат на златото и среброто. Таквите забрани и ограничувања, како и да е, нема да претставуваат средства на наметната дискриминација или прикриено ограничување на трговијата меѓу Страните.

Член 42

Двете Страни се согласни да соработуваат за да ги намалат можностите за измама при примената на трговските одредби од оваа Спогодба.

Не засегнувајќи други одредби од оваа Спогодба, а посебно членовите 30, 37 и 88 и Протокол 4 каде што едната Страна цени дека постојат доволно докази за измама, како на пример значително зголемување на трговијата со производи од едната Страна на другата Страна над нивото што ги надминува економските услови, како што се нормалните производствени и извозни капацитети или избегнување да се обезбеди административна соработка, како што се бара заради проверка на евиденцијата на потеклото од страна на другата Страна, двете Страни треба веднаш да отпочнат со консултации со цел да се најде соодветно решение. Барајќи решение засегнатите Страни можат да преземат соодветни мерки што ги сметаат за неопходни. При изборот на мерките треба да се даде приоритет на оние кои најмалку го нарушуваат функционирањето на аранжманите воспоставени со оваа Спогодба.

Член 43

Примената на оваа Спогодба нема да ја попречи примената на одредбите на правото на Заедницата за Канарските Острови.

# ГЛАВА V
# ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ, ОСНОВАЊЕ , ДАВАЊЕ УСЛУГИ, КАПИТАЛ

## ПОГЛАВЈЕ I
## ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

*Член 44*

1. Во зависност од условите и модалитетите кои се применуваат во секоја земја-членка:

- Работниците кои се државјани на Република Македонија и кои се легално вработени на територијата на земјата-членка ќе бидат ослободени од секаква дискриминација по национална основа, а што се однесува до работните услови, надоместоците или отпуштањето, со нив ќе постапува како со своите државјани;

- Сопругот/сопругата или децата на работникот кој е легално вработен на територијата на земјата-членка кои легално престојуваат, со исклучок на сезонските работници и работниците кои потпаѓаат под билатералните договори, во смисла на Член 45, доколку не е поинаку определено со тие договори, ќе имаат слободен пристап до пазарот на работна сила на таа земја-членка, за периодот колку што е одобрено вработувањето на работникот.

2. Република Македонија во зависност од условите и модалитетите во таа држава, ќе постапува како што е наведено во став 1 за работниците кои се државјани на земјата-членка и кои се легално вработени на споменатата држава, како и со нивните сопружници и деца кои легално претстојуваат во споменатата држава.

*Член 45*

1. Водејќи сметка за ситуацијата на пазарот на труд во земјите - членки, предмет на нивното законодавство и во согласност со правилата кои се во сила во земјите - членки, во областа на мобилноста на работниците:

- постојните олеснувања при вработување на работници од Република Македонија што ги даваат земјите-членки со билатерални договори треба да бидат запазени и по можност унапредени;

- другите земји-членки ќе ја испитаат можноста да склучат слични спогодби.

2. Советот за стабилизација и асоцијација ќе ги испита и другите можности, вклучувајќи го пристапот за професионална обука согласно важечките правила и процедури во земјите-членки и водејќи сметка за ситуацијата на пазарот на труд во земјите - членки и во Заедницата.

Член 46

Ќе се поставаат правила за координација на системот на социјална сигурност на работниците државјани на Република Македонија кои се легално вработени на територијата на земјата-членка или за нивните семејства кои престојуваат легално. За таа цел, одлуката на Советот за стабилизација и асоцијација не треба да влијае врз кои било права или обврски од билатералните договори, доколку тие обезбедуваат поповолен третман што ќе ги определи следниве одредби:

- сите периоди на осигурување, вработување или престој остварени на територијата на различни земји-членки ќе се соберат заради обезбедување пензија и ануитети по основ на староста, инвалидитетот и смртта и заради медицинска нега за тие работници или нивните членови од семејството.

- сите пензии или ануитети по основ на старост, смрт, повреди на работа или професионални болести, или инвалидитет што може да се јави како нивен резултат, со исклучок на неконтрибутивните бенефиции, ќе бидат слободни за пренесување на ниво што се применува во законот на должникот на државата или земјите-членки;

- работниците, за кои се однесува тоа, ќе примаат семејни додатоци за членовите од нивните семејства како што е дефинирано погоре;

Република Македонија на работниците кои се државјани на земјите- членки и кои се легално вработени на нејзината територија, како и на членовите од нивните семејства кои легално престојуваат таму, ќе им додели третман сличен на оној кој е наведен во втората и третата алинеа од став 1.

## ПОГЛАВЈЕ II
## ОСНОВАЊЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

*Член 47*

За целите на оваа Спогодба:

(а) "Компанија на Заедницата" или "компанија на Република Македонија" соодветно, значи компанија што е основана во согласност со законите на земјата-членка или на Република Македонија соодветно и која има регистрирана канцеларија, централна управа или главно седиште на дејствување во Заедницата или во Република Македонија соодветно.

Сепак, доколку компанијата што е основана во согласност со законите на земјата-членка или на Република Македонија соодветно, има само регистрирана канцеларија на територијата на Заедницата или на Република Македонија соодветно, таа ќе се смета за компанија од Заедницата или од Република Македонија соодветно, доколку нејзиното работење содржи реални и трајни

врски со економијата на една од земјите-членки или на Република Македонија соодветно;

(б) "Подружница" на компанија значи компанија што е ефективно контролирано од првата компанија;

(ц) "Претставништво" на компанијата ќе значи деловно место кое нема својство на правно лице, кое покажува постојаност, како што е проширување на матичното тело, има менаџмент и е материјално опремено за да води деловни преговори со трети Страни така што третата страна, иако знаејќи дека подоцна, доколку е потребно, ќе има правна поврзаност со матичното тело, централата која е надвор, нема да работи директно со тоа матичното тело туку може да го пренесе бизнисот на местото каде што тој се извршува;

(д) "Основање" значи:

(i) што се однесува до државјаните, право на преземање деловни активности во одредени компании кои тие ефективно ги контролираат. Деловните активности на државјаните нема да опфатат барање за или вработување на пазарот на труд, ниту пак со тоа им се доделува право на пристап на пазарот на труд од другата Страна.

(ii) што се однесува до компаниите од Заедницата или од Република Македонија право да преземаат економски активности преку основање подружници или претставништва во Република Македонија или во Зедницата соодветно;

(е) "Работење"значи спроведување економски активности;

(ф) "Економски активности" во начело вклучуваат активности од индустриски, трговски и професионален карактер како и занаетчиски активности;

(г) "Државјанин на Заедницата" и државјанин на Република Македонија соодветно значи лице кое е државјанин на една од земјите-членки или на Република Македонија;

(х) што се однесува до меѓународниот поморски превоз, вклучувајќи ги и интермодалните операции на пловните објекти, државјаните од земјите-членки или од Република Македонија утврдени надвор од Заедницата или од Република Македонија соодветно, и бродските компании основани надвор од Заедницата или од Република Македонија и контролирани од државјаните на земјите-членки или од Република Македонија соодветно, ќе бидат исто така корисници на одредбите од ова Поглавје и Поглавјето III доколку нивните бродови се регистрирани во таа земја-членка или во Република Македонија соодветно во согласност со нивните законодавства.

(i) "Финансиски услуги" значат активностите што се опишани во Анекс VI. Советот за стабилизација и асоцијација може да го прошири или да го измени опфатот на овој Анекс.

*Член 48*

1. Република Македонија по стапувањето во сила на оваа Спогодба:

(i) во однос на основањето компании на Заедницата, ќе додели третман кој не е помалку поволен од оној кој им го доделува на своите компании или на компаниите од која било трета земја, доколку тој е поповолен, и;

(ii) во однос на работењето на подружниците и претставништвата на компаниите од Заедницата во Република Македонија, штом ќе се основаат, ќе им се додели третман кој не е помалку поволен од оној кој им го доделува на своите компании или претставништва или на која било подружница и претставништво на компании од која било трета земја доколку тој е поповолен.

2. Република Македонија нема да донесува нови регулативи или мерки кои воведуваат дискриминација за основањето компании на Заедницата на нејзината територија или што се однесува до нивните активности, ако се веќе основани во споредба со нејзините компании.

3. Заедницата и земјите-членки од денот на стапувањето во сила на оваа Спогодба:

(i) во однос на основањето компании од Република Македонија ќе им се додели третман кој не е помалку поволен од оној што им го доделува на своите компании на земјите-членки или на компаниите од трети земји, доколку тој е поповолен;

(ii) во однос на работењето на подружниците и претставништвата на компаниите од Република Македонија, основани на нејзина територија, ќе им се додели третман кој не е помалку поволен од оној што им го доделуваат земјите-членки на своите компании и претставништва или на било која подружница и претставништво на компании од било која трета земја, доколку тој е поповолен.

4. Пет години по стапувањето во сила на оваа Спогодба, во согласност со релевантната практика на Европскиот суд на правдата и состојбите на пазарот на труд, Советот за стабилизација и асоцијација ќе испита дали да ги прошири горенаведените одредби за основање од страна на државјаните на обете Страни од Спогодбата за да ги преземат активностите како само-вработени лица.

5. Независно од одредбите на овој член:

(а) Подружниците и претставништвата на компаниите од Заедницата ќе имаат право да користат и да изнајмуваат недвижности во Република Македонија од денот на стапувањето во сила на оваа Спогодба;

(б) Подружниците на компаниите од Заедницата ќе имаат и право да се стекнуваат и да ги користат правата за недвижностите како и компаниите од Република Македонија што се однесуваат на јавните добра/добрата од заеднички интерес, вклучувајќи ги и националните ресурси, земјоделското земјиште и шумите, истите права што ги уживаат и компаниите од Република Македонија онаму каде што тие права се неопходни за спроведување на економски активности за кои се основани;

(ц) На крајот на првата фаза од преодниот период, Советот за стабилизација и асоцијација ќе ја испита можноста за проширување на правата под (б) на претставништвата на компаниите од Заедницата.

*Член 49*

1. Во зависност од одредбите од Член 48, со исклучок на финансиските услуги дефинирани во Анекс VI, секоја Страна може да го регулира основањето и работењето на компаниите и државјаните на нејзината територија, се додека овие одредби не се дискриминаторски во однос на компаниите и државјаните на другата Страна во споредба со своите компании и државјани.

2. Во однос на финансиските услуги, независно од кои било други одредби од оваа Спогодба, Страната нема да биде спречена за преземање заштитни мерки, вклучувајќи ги и оние за заштита на инвеститорите, депозитерите, носителите на полисите или лица кај кои повереникот е давател на финансиски услуги, или за да обезбеди интегритет и стабилност на финансискиот систем. Ваквите мерки нема да бидат употребени како средство за избегнување на обврските што ги има Страната со оваа Спогодба.

3. Ништо во оваа Спогодба нема да се толкува на таков начин со кој ќе бара Страната да приложи информации што се однесуваат на работењето и сметките на индивидуалните корисници или каква било доверлива или сопственичка информација што ја поседуваат јавните субјекти.

*Член 50*

1. Одредбите од ова Поглавје нема да се однесуваат на услугите во авионскиот превоз, услугите во внатрешниот воден сообраќај и услугите во поморскиот сообраќај за каботажа.

2. Советот за стабилизација и асоцијација може да даде препораки за подобрување на основањето и работењето во областите што се опфатени со точка 1.

*Член 51*

1. Одредбите од членовите 48 и 49, од причини на претпазливост, не ја исклучуваат примената од Страната на посебни правила кои се однесуваат за основање и работење на нејзина територија на деловници на компании од другата Страна кои не се основани на територијата од првата Страна, оправдани поради технички или правни разлики помеѓу тие деловници во споредба со деловниците на компаниите кои се наоѓаат на нејзина територија, што се однесува до финансиските услуги.

2. Разликите во третманот од заштитни причини нема да го надминат она што е неопходно како резултат на ваквите технички или правни разлики во делот на финансиските услуги.

*Член 52*

За да им се олесни на граѓаните на Република Македонија или на Заедницата да воспоставуваат и да извршуваат регуларни професионални активности во Заедницата, односно во Република Македонија, Советот за стабилизација и асоцијација ќе испита кои чекори се неопходни за заемно признавање на квалификациите. Тој може да ги преземе сите потребни мерки за таа цел.

*Член 53*

1. Компанија од Заедницата или компанија од Република Македонија, основана на територијата на Република Македонија или на Заедницата соодветно, ќе има право да вработува, или да има вработено во една од нејзините подружници или претставништва, во согласност со законите кои се во сила во земјата-домаќин, на територијата на Република Македонија или на Заедницата соодветно, вработени кои се државјани на државите-членки на Заедницата или на Република Македонија, доколку овие вработени се клучен персонал како што е тоа дефинирано во став 2, и дека тие се вработени ексклузивно од компаниите, подружниците или претставништвата. Престојот и дозволата за работа на тие вработени ќе го покријат само периодот на ваквото вработување.

2. Клучниот персонал во претходно наведените компании, овде наведени како "организации" се "внатре-корпорациски разместувања" како што е дефинирано во ц) од овој став во следниве категории, доколку организацијата е правно лице и лицата за кои тоа се однесува биле вработени од неа или биле партнери во неа (освен за доминантните акционери) за период од најмалку една година пред тоа движење.

(а) Лицата кои работат на повисока позиција во организацијата, која примарно се однесува на управувањето со друштвото, добиваат генерален надзор или насоки од страна на бордот директори или акционери на бизнисот или негов еквивалент кој вклучува:

- управување со сектор или оддел во друштвото;
- надзор или контрола на работењето од друг надзорен, стручен или раководен работник;
- овластување лично да назначи или да отпушти, да предложи вработување или отпуштање, или други активности во однос на персоналот;

(б) Лицата што работат во организацијата и кои поседуваат специфични познавања што се основа на услугите на друштвото, истражувачка опрема, техника или управување. Проценката на таквите знаења може да изразува, независно од специфичното знаење за друштвото, високо ниво на квалификации кои се однесуваат на типот на работа или размена што бара специфични технички познавања, вклучувајќи и членство во акредитирана професија;

(ц) "внатре-корпорациски разместувања" е дефинирано како физичко лице кое работи во рамките на организацијата на територијата на Страната, и кое е привремено разместено заради извршување економски активности на територијата од другата Страна, организацијата на која се однесува мора да има седиште на работење на територијата на Страната и разместувањето да биде во друштвото (претставништво, подружница) на таа организација, ефективно спроведувајќи слични економски активности на територијата од другата Страна.

3. Влезот и привремениот престој на територијата на Заедницата или на Република Македонија, на државјаните од Република Македонија или од Заедницата ќе им биде овозможен кога претставниците на компаниите се лица на раководни позиции, како што е дефинирано во став 2 (а) погоре, во рамките на компанијата, и се одговорни за основање на подружница или представништво на компанијата од Заедницата од Република Македонија или на подружница или претставништво во Република Македонија на компанија од Заедницата во земјата-членка на Заедницата или во Република Македонија, кога:

- овие претставници не се вклучени во директната продажба или обезбедувањето услуги, и
- кога компанијата има главно седиште на работење надвор од Заедницата или од Република Македонија соодветно, и нема претставник, канцеларија, претставништво или подружница на компанија во земјата-членка на Заедницата или во Република Македонија соодветно.

*Член 54*

Во текот на првите четири години од стапувањето во сила на оваа Спогодба, Република Македонија може да воведе мерки кои ќе претставуваат дерогација од одредбите на ова Поглавје, кои се однесуваат на воспоставување компании на Заедницата и на државјани во поодделни индустрии со кои:

- се вршат преструктуирања, или се соочуваат со сериозни потешкотии, особено кога тоа предизвикува сериозни социјални проблеми во Република Македонија, или

- соочени со елиминација или драстично намалување на вкупниот удел во пазарот што го држат компании од Република Македонија или на државјани во даден сектор на индустријата на Република Македонија, или
- се индустрии во повој во Република Македонија

Ваквите мерки:

(i) ќе престанат да се применуваат најдоцна две години по завршувањето на првата фаза од транзициониот период

(ii) ќе бидат оправдани и неопходни за да се поправи состојбата, и

(iii) нема да воведат дискриминација која ќе се однесува на активностите на компаниите од Заедницата или од нејзините државјани што биле во тек во Република Македонија во време на воведувањето на дадените мерки, во споредба со компаниите или државјаните од Република Македонија.

Додека се осмислуваат и се применуваат такви мерки, Република Македонија ќе дозволи преференцијален третман каде што е тоа можно на компаниите на Заедницата и на државјаните, и во ниту еден случај помалку поволен третман отколку за тој за кој е дадена согласност на компании или државјани од која било трета страна. Пред да ги усвои овие мерки, Република Македонија ќе го консултира Советот за стабилизација и асоцијација и нема да ги стави во сила пред да помине еден месец од најавата до Советот за стабилизација и асоцијација за конкретните мерки кои ќе бидат воведени од Република Македонија, освен кога заканата од ненадоместлива штета бара преземање итни мерки, и во тој случај Република Македонија ќе го консултира Советот за стабилизација и асоцијација веднаш по нивното усвојување.

По истекот на четвртата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба, Република Македонија може да воведе или да задржи такви мерки само со овластување на Советот за стабилизација и асоцијација и според условите определени од него.

## ПОГЛАВЈЕ III
## ДАВАЊЕ УСЛУГИ

*Член 55*

1. Страните, во согласност со следните одредби, се обврзуваат да преземат неопходни чекори за да овозможат забрзана понуда на услуги од компании или од државјани на Заедницата или на Република Македонија кои се основани во другата Страна за лицето за кое се наменети услугите.

2. Во чекор со процесот на либерализација, споменат во став 1, Страните ќе дозволат привремени движења на физички лица кои обезбедуваат услуги или кои работат за обезбедувачот на услуги како клучен персонал, како што е дефинирано во член 53, вклучувајќи стручни лица кои се претставници на компании од Заедницата или од Република Македонија или државјани и бараат привремен влез со цел да преговараат за продажба на услуги или да склучат

договори за продажба на услуги за обезбедувачот на услуги, во кои овие претставници нема да бидат ангажирани во директната продажба на услугите на јавноста или за себе.

3. Во втората фаза од преодниот период, Советот за стабилизација и асоцијација ќе презема мерки неопходни за прогресивно имплементирање на одредбите од ставот 1. Ќе се има предвид постигнатиот напредок на приспособување на законодавството на Страните.

*Член 56*

1. Страните нема да преземаат какви било мерки или активности преку кои ќе се создадат услови за понуда на услуги од државјани на Заедницата и на Република Македонија или компании кои се основани на другата Страна, од онаа на која припаѓа лицето за кого се наменети услугите, кои се значајно порестриктивни во споредба со состојбата на денот на стапувањето во сила на Спогодбата.

2. Ако едната Страна согледа дека воведените мерки од другата Страна, по стапувањето во сила на Спогодбата, резултираат со состојба која е значајно порестриктивна во однос на понудата на услуги во споредба со состојбата на денот на стапувањето во сила на Спогодбата, може првата Страна да побара од другата Страна да започнат консултации.

*Член 57*

Во однос на понудата на транспортните услуги помеѓу Заедницата и Република Македонија, ќе се применуваат следниве одредби:

1. Во однос на сувоземниот сообраќај, односот помеѓу Страните е регулиран со Спогодбата меѓу Европската заедница и Република Македонија во областа на сообраќајот, која стапи во сила на 28 ноември 1997 година. Страните ја потврдуваат важноста за доследната примена на Спогодбата.

2. Во однос на меѓународниот поморски транспорт Страните се обврзуваат ефективно да ги применуваат начелата на нерестриктивен пристап кон пазарот на сообраќај на комерцијална основа.

(а) Горенаведените одредби не ги ограничуваат правата и обврските според Кодексот на однесување на ОН за Конференцијата на превозниците, како што се применети од едната или другата Страна од оваа Спогодба. Превозниците кои не учествуваат во Конференцијата ќе можат слободно да конкурираат со превозниците од Конференцијата се додека се придржуваат на начелата на фер конкуренција врз комерцијална основа;

(б) Страните ја потврдуваат својата заложба за обезбедување слободна конкуренција како многу важна карактеристика на сувоземната и водната транспортна трговија со кабасти товари;

3. Применувајќи ги одредбите од став 2, Страните:

(а) нема да воведуваат клаузули за поделба на товарот во идните билатерални договори со трети страни, во други освен во овие исклучителни околности каде што линиските превозни компании од едната до другата Страна на оваа

Спогодба не ќе има на друг начин ефективна можност да крстарат за трговски цели до и од третата заинтересирана земја;

(б) во идните билатерални договори за трговија со суви и течни непакувани производи, ќе забранат аранжмани за поделба на товарот;

(ц) ќе ги укинат со стапувањето во сила на оваа Спогодба, сите унилатерални мерки и административни, технички и други пречки кои би имале рестриктивен или дискриминаторски ефект врз слободната понуда на услуги во меѓународниот поморски транспорт.

4. Со цел да се обезбеди координиран развој и прогресивна либерализација на транспортот меѓу Страните адаптиран на нивните реципрочни комерцијални потреби, условите за заемен пристап на пазарот на воздушниот транспорт ќе бидат уредени со специјални Спогодби кои ќе бидат предмет на договор меѓу Страните по стапувањето во сила на оваа Спогодба.

5. Пред склучувањето на Спогодбите, споменати во став 4, Страните нема да преземат какви било мерки или активности кои се порестриктивни или дискриминаторски во споредба со состојбата што постоела пред стапувањето во сила на оваа Спогодба.

6. Во текот на преодниот период, Република Македонија треба да ја прилагоди својата легислатива, вклучувајќи ги административните, техничките и другите норми, кон оние во Заедницата во областа на воздушниот и копнениот транспорт кои служат за целите на либерализација на услугите и заемен пристап кон пазарите на Страните и за олеснување на движењето на патници и стоки.

Во чекор со општиот напредок при постигнувањето на целите од ова Поглавје, Советот за стабилизација и асоцијација ќе ги испита начините на создавање услови неопходни за унапредување на слободно обезбедување на воздушни и копнени транспортни услуги.

## ПОГЛАВЈЕ IV
## ТЕКОВНИ ПЛАЌАЊА И ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

### *Член 58*

Страните се обврзуваат, во согласност со одредбите од членот VIII од Спогодбата за Меѓународниот монетарен фонд, да дозволат, во слободно конвертибилна валута, какви било плаќања и трансфери на тековната сметка на платните биланси меѓу Заедницата и Република Македонија.

### *Член 59*

1. Во однос на трансакциите на капиталната и финансиската сметка од платниот биланс, по стапувањето во сила на Спогодбата, Страните треба да обезбедат слободно движење на капитал за директни инвестиции во претпријатија формирани во согласност со законите на земјата домаќин и инвестиционите вложувања во согласност со одредбите од Поглавјето II од

Глава V и ликвидација или репатријација на овие инвестиции и на профитот што потекнува од нив.

2. Во однос на трансакциите на капиталната и финансиската сметка на платниот биланс, по стапувањето во сила на оваа Спогодба, Страните треба да обезбедат слободно движење на капитал за кредитите врзани за комерцијални трансакции или за обезбедување услуги во кои учествува жител на една од Страните, и врзани за финансиските заеми и кредити со рок на доспевање подолг од една година.

По започнувањето на втората етапа, тие исто така треба да обезбедат слободно движење на капитал поврзан со портфолио инвестиции и кредити со рок на доспевање помал од една година.

3. Без ограничување врз ставот 1, Страните не треба да воведат никакви нови ограничувања за движењето на капитал или за тековните плаќања меѓу жителите на Заедницата и на Република Македонија, а постојните аранжмани не треба да ги направат порестриктивни.

4. Без ограничување на одредбите од член 58 и од овој член, каде во исклучителни околности, движењето на капитал меѓу Заедницата и Република Македонија може да предизвика, или се заканува да предизвика, сероиозни потешкотии за операциите во врска со политиката на разменските курсеви или за монетарната политика во Заедницата или во Република Македонија, Заедницата и Република Македонија, соодветно, можат да преземат самозаштитни мерки во однос на движење на капиталот меѓу Заедницата и Република Македонија за период кој не е подолг од шест месеци, доколку ваквите мерки се стриктно неопходни.

5. Страните треба меѓусебно да се консултираат во поглед на олеснување на движење на капиталот меѓу Заедницата и Република Македонија, со цел да се промовираат целите на оваа Спогодба.

*Член 60*

1. Во текот на првата фаза, Страните треба да преземат мерки со кои се овозможува создавање неопходни услови за натамошна постапна примена на правилата за слободно движење на капиталот на Заедницата.

2. До крајот на првата фаза, Советот за стабилизација и асоцијација треба да ги испита начините кои овозможуваат целосно да се применат правилата на Заедницата за слободно движење на капиталот.

## ПОГЛАВЈЕ V
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Член 61*

1. Одредбите од ова Поглавје ќе се применуваат во согласност со оправданите ограничувања засновани на јавната политика, јавната безбедност или јавното здравјство

2. Тие нема да се применуваат на активности кои се однесуваат на територијата на која било Страна, дури и повремено, со извршувањето на службена должност.

*Член 62*

Во смисла на ова Поглавје, ништо во оваа Спогодба нема да ги спречи Страните од примена на нивните закони и регулативи што се однесуваат на влегување и престој, вработување, работни услови, формирање на претпријатија од физички лица и давање на услуги, под услов, при тоа, тие да не ги применуваат на начин со кој ќе се поништат или намалат поволностите за која било Страна во смисла на посебната одредба на овој Договор. Оваа одредба не ја ограничува примената на Членот 61.

*Член 63*

Претпријатијата кои се под контрола или се во исклучива заедничка сопственост на претпријатија или државјани од Република Македонија и на претпријатија или државјани од Заедницата, исто така се однесуваат на одредбите од ова Глава.

*Член 64*

1. "Третманот на најповластена нација", даден во согласност со одредбите од ова Глава не треба да се однесува на даночните овластувања кои Страните ги даваат или во иднина ќе ги даваат врз основа на спогодби за одбегнување на двојно оданочување или на други даночни аранжмани.

2. Ниту една од одредбите од ова Глава не треба да се толкува дека го спречува усвојувањето или примената од Страните на која било мерка чија цел е спречување на избегнување или даночна евазија во согласност со даночните одредби од спогодбите за одбегнување на двојно оданочување и со другите даночни аранжмани или со домашното даночно законодавство.

3. Ниту една од одредбите од ова Глава не треба да се толкува дека ги спречува земјите-членки или Република Македонија при примената на соодветните одредби од нивното даночно законодавство да се прави разлика помеѓу даночните обврзници кои не се во иста состојба, а особено во однос на нивното место на живеење.

*Член 65*

1. Страните ќе се стремат, каде што е тоа можно, да избегнат воведување рестриктивни мерки, вклучувајќи и мерки поврзани со увозот, заради цели на платниот биланс. Страната што ќе усвои такви мерки ќе и презентира на другата страна, што е можно побрзо, временски рок за нивно отстранување.

2. Доколку една или повеќе земји-членки или Република Македонија има сериозни проблеми со платниот биланс, или е под неминовна закана за такво нешто, Заедницата или Република Македонија, во зависност од случајот, може, во согласност од условите воспоставени според Спогодбата на СТО, да усвои рестриктивни мерки, вклучувајќи мерки кои се однесуваат на увоз, кои ќе бидат со ограничено времетраење и не може да одат преку она што е стриктно неопходно за поправање на состојбата на платниот биланс. Заедницата или Република Македонија, во зависност од случајот, ќе ја информира веднаш другата Страна.

3. Нема да се применуваат какви било рестриктивни мерки на трансфери поврзани со инвестиции и особено при репатријација на плаќања инвестирани или реинвестирани или какви било приходи кои произлегуваат од нив.

*Член 66*

Одредбите од ова Поглавје ќе бидат постапно приспособувани, особено во поглед на барањата кои произлегуваат од член V од Општиот договор за трговија со услуги (GATS).

*Член 67*

Одредбите од оваа Спогодба не ја ограничуваат примената од која било Страна на неопходна мерка за спречување на спроведување на нејзините мерки кои се однесуваат на пристапување на трети земји на нејзиниот пазар преку одредбите од оваа Спогодба.

# ГЛАВА VI

# СООБРАЗУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

*Член 68*

1. Страните ја согледуваат важноста од приспособување на постоечките и идните закони на Република Македонија со оние на Заедницата. Република Македонија ќе настојува постапно да обезбеди компатибилност на своите закони со оние на Заедницата.

2. Ова постапно приспособување на законите ќе биде направено во две фази.

3. Почнувајќи од денот на потпишувањето на Спогодбата, со времетраење како што е објаснето во член 5, приспособувањето на законите ќе биде проширено на одредени фундаментални елементи на придобивките (*acquis*) на внатрешниот пазар, како и на други области поврзани со трговијата, во согласност со програма која ќе биде дефинирана со Комисијата на Европските заедници. Република Македонија исто така ќе ги дефинира, во соработка со Комисијата на Европските заедници, модалитетите за следење на спроведувањето на приспособувањето на законодавството и на активностите за спроведување на законите што ќе треба да се преземат, вклучувајќи ја и реформата на судството.

Ќе бидат поставени крајни рокови за законите за конкуренција, за интелектуална сопственост, за стандарди и за цертификација, за Законот за јавни набавки и за Законот за заштита на податоците. Приспособувањето на правото во другите сектори на внатрешниот пазар ќе биде обврска која ќе треба да се исполни до крајот на преодниот период.

4. Во текот на втората фаза на преодниот период, наведен во член 5, приспособувањето на законодавството ќе се прошири на елементите од придобивките (*acquis*) кои не се опфатени со претходната точка.

*Член 69*

*Конкуренција и други економски одредби*

1. Следниве постапки се некомпатибилни со правилното функционирање на Спогодбата, се' додека тие може да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Заедницата:

(i) сите договори меѓу претпријатија, одлуки на асоцијации на претпријатија и заемна практика меѓу претпријатија кои како своја цел или последица имаат или претставуваат спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата;

(ii) злоупотреба на едно или повеќе претпријатија на доминантната позиција на територијата на Република Македонија или на Заедницата во целина или на нејзин поголем дел;

(iii) која било јавна помош што ја нарушува или се заканува да ја наруши конкуренцијата преку фаворизирање одредени претпријатија или одредени производи.

2. Каква било практика што е спротивна на овој член ќе биде оценета врз основа на критериумите што произлегуваат од примената на правилата на членовите 81, 82 и 87 од Договорот за основање на Европската заедница.

3. (а) Заради примена на одредбите од став 1(iii), Страните се согласни дека, во текот на првите 4 години по стапувањето во сила на оваа Спогодба, сета јавна помош доделена на Република Македонија ќе биде оценувана, земајќи го предвид фактот дека Република Македонија ќе биде третирана како област идентична на оние области на Заедницата опишани во членот 87(3)(а) од Договорот за основање на Европската заедница.

(б) Секоја Страна ќе обезбеди транспарентност во областа на јавната помош, меѓу другото, преку годишни извештаи на другата Страна за вкупната сума и дистрибуцијата на дадената помош и преку обезбедување, ако се побара, информација за шемата на помошта. По барање на една од Страните, другата Страна ќе обезбеди информации за поединечни индивидуални случаи на јавна помош.
Секоја Страна ќе обезбеди одредбите од овој Член да се применуваат во текот на петте години по стапувањето во сила на оваа Спогодба.

4. Во однос на производите споменати во Поглавјето II од Глава IV:

- нема да се применува параграф 1(iii)

- секоја практика што е во спротивност со став 1(i) ќе бидат оценета според критериумите што ги воспоставила Заедницата врз основа на членовите 36 и 37 од Договорот за основање на Европската заедница и според посебните инструменти на Заедницата усвоени на оваа основа.

5. Доколку Република Македонија или Заедницата сметаат дека одредена практика е некомпатибилна во смисла на став 1, и:

- доколку таквата практика предизвикува или се заканува да предизвика сериозна штета на интересите на другата Страна или материјална штета на своето домашно стопанство, вклучувајќи ги и услугите, таа може да преземе соодветни мерки по консултирањето во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација или по изминување триесет работни дена по упатувањето на прашањето за таква консултација.

Во случај на практики кои се неусогласени со став 1(iii), доколку се применува Спогодбата на СТО при таков случај, таквите соодветни мерки можат да бидат

усвоени само во согласност со постапките и според веќе дадените услови или соодветната законска регулатива на Заедницата.

6. Страните ќе разменуваат информации, имајќи ги предвид ограничувањата што ги наметнува професионалната и деловната доверливост.

*Член 70*

Во однос на јавните претпријатија или на претпријатијата на кои им се доделени посебни или ексклузивни права, секоја Страна ќе обезбеди дека од третата година по стапувањето во сила на оваа Спогодба, ќе се применуваат начелата на Договорот за основање на Европската заедница, особено Членот 86.

*Член 71*
*Интелектуална, индустриска и трговска сопственост*

1. Во согласност со одредбите од овој член и Анексот VII, Страните ја потврдуваат важноста што ја придаваат на обезбедување соодветна и ефективна заштита и спроведување на правата на интелектуална, индустриска и трговска сопственост.

2. Република Македонија ќе ги преземе сите неопходни мерки со цел да гарантира, не подоцна од пет години по стапувањето во сила на оваа Спогодба, степен на заштита на интелектуални, индустриски и трговски сопственички права, слични на оние кои постојат во Заедницата, вклучувајќи и ефективни средства за остварување на тие права.

3. Република Македонија се обврзува да пристапи, во текот на погоре наведениот период, кон мултилатералните конвенции за интелектуални, индустриски и трговски сопственички права наведени во Анекс VII.

4. Доколку се појават проблеми во областа на интелектуалната, индустриската и трговската сопственост кои имаат влијание на трговските услови, тие ќе бидат итно соопштени на Советот за стабилизација и асоцијација, на барање на една од Страните, со цел постигнување заеднички прифатливи решенија.

*Член 72*

*Јавни договори*

1. Страните сметаат дека посакувана цел е постапката за доделување јавни договори да се води врз основа на недискриминација и реципроцитет, особено во рамките на СТО.

2. На компаниите од Република Македонија, без оглед на тоа дали се основани во Заедницата или не, со стапувањето во сила на оваа Спогодба ќе им биде даден пристап за конкурирање за склучување договори според постапките на

Заедницата во согласност со правилата за набавки во Заедницата, со третман којшто не е понеповолен од оној даден на компаниите од Заедницата.

Горенаведените одредби исто така ќе се применуваат за договори во комуналниот сектор веднаш штом Владата на Република Македонија ќе ја усвои законската регулатива со којашто ќе ги воведе правилата на Заедницата во оваа област. Заедницата периодично ќе испитува дали Република Македонија навистина ја вовела таквата законска регулатива.

На компаниите од Заедницата кои не се основани во Република Македонија, најдоцна пет години по стапувањето во сила на оваа Спогодба, ќе им биде даден пристап до постапките за склучување договор во Република Македонија, во согласност со Законот за јавни набавки, со третман којшто не е понеповолен од оној предвиден за компаниите на Република Македонија. Компаниите на Заедницата регистрирани во Република Македонија, според одредбите од Поглавјето II од Главата V, по стапувањето во сила на оваа Спогодба, ќе имаат пристап до постапките за склучување договор со третман којшто не е понеповолен од оној предвиден за компаниите од Република Македонија.

Советот за стабилизација и асоцијација периодично ќе ги испитува можностите на Република Македонија да обезбеди пристап во постапките за конкурирање во Република Македонија за сите компании на Заедницата.

3. Во однос на основање, работење, давање услуги меѓу Република Македонија и Заедницата, како и на вработување и движење на работна сила поврзани со исполнувањето јавни договори, ќе се применуваат одредбите од Членовите 44 до 67.

*Член 73*

*Стандардизација, метеорологија, акредитација и оценка на усогласеноста*

1. Република Македонија ќе преземе неопходни мерки со цел постапно да постигне усогласеност со техничките прописи на Заедницата и со европските процедури за стандардизација, метеорологија, акредитација и за оценка на усогласеноста.

2. За оваа цел, Страните ќе се стремат кон:

- поттикнување на користењето на техничките прописи на Заедницата и на европските процедури за стандарди, тестови и за оценка на усогласеноста.

- да се склучат Европски протоколи за оценка на усогласеноста онаму каде што е тоа соодветно;

- да се забрза развојот на инфраструктурата за квалитет: стандардизација, метеорологија, акредитација и оценка на усогласеноста;

- да се поттикнува учество во работата на специјализираните европски организации (CEN, CENELEC, ETSI, EA, WELMEC, EUROMED и тн.).

# ГЛАВА VII
# ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

*Член 74*
*Јакнење на институциите и владеење на правото*

Во нивната соработка во областа на правдата и внатрешните работи, Страните ќе посветат особено внимание на зајакнување на институциите на сите рамништа во областите на администрацијата воопшто и примена на правото и механизмите на правдата особено. Ова особено го вклучува јакнењето на владеење на правото.

Соработката на полето на правдата ќе се насочи особено кон независноста на судството, подобрување на неговата ефективност и обука на кадрите од правните професии.

*Член 75*
*Визи, гранична контрола, азил и миграција*

1. Страните ќе соработуваат во областите на визите, граничната контрола, азилот и миграцијата и ќе воспостават рамка за соработка, вклучувајќи го и регионалното ниво, во овие области.

2. Соработката по прашањата наведени во точка 1 ќе се заснова врз взаемни консултации и тесна координација меѓу Страните и треба да вклучи техничка и административна помош за:

- размена на информации за законодавството и практика;
- подготовка на текстови на закони;
- јакнење на ефикасноста на институциите;
- обука на персонал;
- безбедност на патните документи и откривање на лажни документи;

3. Соработката особено ќе биде насочена:

- во областа на азилот врз развојот и спроведувањето на националното законодавство за да ги достигне стандардите од Женевската конвенција од 1951 година и со тоа да обезбеди дека се почитува начелото на невраќање (non-refoulement).
- во областа на легалната миграција врз правилата за адмисија и правата и статусот на примените лица. Во врска со миграцијата, Страните се согласуваат да им доделат правичен третман на државјани од други земји кои престојуваат легално на нивните територии и да ја унапредуваат политиката

на интеграција со цел ним да им дадат права и обврски слични на оние на нивните државјани.

Советот за стабилизација и асоцијација може да препорача, во рамките на овој член, дополнителни области за проширување на соработката .

*Член 76*

*Спречување и контрола на нелегална имиграција; реадмисија*

1. Страните се согласуваат да соработуваат со цел да ја спречат и контролираат нелегалната имиграција. За оваа цел:

- Република Македонија се согласува да го прими назад секој свој државјанин кој нелегално престојува на територијата на земја-членка, по барање на таа држава и без натамошни формалности, штом таквото лице ќе биде идентификувано како такво;

- и секоја земја-членка на Европската Унија се согласува да го прими назад секој свој државјанин кој нелегално престојува на територијата на Република Македонија, по нејзино барање и без натамошни формалности, штом таквото лице ќе биде идентификувано како такво.

Земјите-членки на Европската унија и Република Македонија на своите државјани ќе им обезбедат соодветни документи за идентификација и ќе им ги пружат административните услуги неопходни за такви цели.

2. Страните со согласуваат, по барање, да склучат договор меѓу Република Македонија и Европската заедница за регулирање на посебните обврски за Република Македонија и за земјите-членки на Европската унија за реадмисија, вклучувајќи ја и обврската за реадмисија на државјани на други земји и на лица без државјанство.

3. Се´ додека не се склучи договорот со Заедницата, предвиден во точка 2, Република Македонија се согласува, а по барање на која било земја-членка, да склучи билатерални договори со поединечните земји-членки на Европската унија за регулирање на конкретните обврски за реадмисија меѓу Република Македонија и засегната земја-членка, вклучувајќи ја и обврската за реадмисија на државјани од други земји и лица без државјанство.

4. Советот за стабилизација и асоцијација ќе испита какви дополнителни заеднички напори може да се вложат за да се спречи и контролира илегалната имиграција, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе.

*Член 77*

*Борба против перењето пари*

1. Страните се согласуваат за неопходноста од вложување секакви напори и соработка со цел да се спречи употребата на нивните финансиски системи за перење пари од криминални активности воопшто, а особено од прекршоци поврзани со дрогата.

2. Соработката во ова област може да вклучи административна и техничка помош со цел да се развие спроведувањето на регулатива и ефикасното функционирање на соодветните стандарди и механизми за борба против перење пари, еквивалентни на оние усвоени од Заедницата и меѓународните форуми на ова поле.

*Член 78*

*Спречување и борба против криминалот и другите незаконски активности*

1. Страните се договорија да воспостават рамка за соработка заради борба против криминалот и незаконските активности и за нивно спречување, а особено против организираниот криминал, како што е:

- трговија со луѓе;

- незаконски стопански активности, а особено корупција и незаконски трансакции кои вклучуваат стоки, како што се индустриски отпад, радиоактивен материјал и фалсификувани и пиратски производи;

- нелегална трговија со дроги и психотропни супстанци;

- шверцување

- нелегална трговија со оружје;

- тероризам

Соработката во однос на погоре наведените прашања ќе подлежи на консултации и тесна координација меѓу Страните.

2. Техничката и административна помош на ова поле може да вклучи:

- подготовка на текстови на закони на полето од кривичното право;

– јакнење на ефикасноста на институциите задолжени за борбата против криминалот и за негово спречување;

– обука на персонал и развој на истражните капацитети;

– формулирање мерки за спречување на криминалот.

*Член 79*
*Соработка за недозволени дроги*

1. Во доменот на нивните овластувања и надлежности, Страните ќе соработуваат со цел да обезбедат изедначен и интегриран пристап кон борбата против дрогите. Политиката и активностите на борба против дрогата ќе бидат насочени кон намалување на понудата, прометот и побарувачката на недозволени дроги, како и поефикасна контрола на прекурзори.

2. Страните ќе се договорат за потребните методи за соработка за да се постигнат овие цели. Нивните дејства ќе се засноваат врз заеднички усогласени начела, во согласност со Стратегијата на Европската унија за дрогите.

3. Соработката меѓу Страните ќе опфати техничка и административна помош, особено во следниве области: подготовка на текстови на закони и политика; основање институции и информативни центри; обука на персонал и истражување во врска со дрогата; спречување на пренасочувањето на прекурзорите заради недозволено производство дроги. Страните може да се согласат да вклучат и други области.

# ГЛАВА VIII
# ПОЛИТИКА НА СОРАБОТКА

*Член 80*

1. Република Македонија и Заедницата ќе воспостават тесна соработка со цел да придонесат за развојот и потенцијалите за растеж на Република Македонија. Таквата соработка ќе ги зајакне постоечките економски врски на најширока можна основа, во корист на двете Страни.

2. Политиката и другите мерки ќе имаат за цел да воспостават економски и социјален развој на Република Македонија. Со ваквата политика треба да се обезбеди уште од самиот почеток грижата за животната средина да биде целосно вклопена и поврзана со барањата за рамномерен социјален развој.

3. Политиката за соработка ќе биде вклопена во регионалната рамка за соработка. Особено внимание ќе треба да се посвети на мерките со кои ќе може да се негува соработката меѓу Република Македонија и нејзините соседи, вклучувајќи ги и земјите-членки, со што се придонесува за регионалната стабилност. Советот за стабилизација и асоцијација може да ги дефинира приоритетите во рамките на политиката за соработка, опишана подолу.

*Член 81*
*Економска политика*

1. Република Македонија и Заедницата ќе го олеснат процесот на економска реформа преку соработка за подобрување на основите на нивните стопанства и спроведување на економската политика во пазарните економии.

2. За овие цели Република Македонија и Заедницата ќе соработуваат за:

- размена на информации за макроекономските резултати и предвидувања, како и за развојните стратегии;

- заеднички анализи на економски прашања од заемен интерес, вклучувајќи и дефинирање на економската политика и инструментите за нејзино спроведување;

3. На барање на властите од Република Македонија, Заедницата може да обезбеди помош за поддршка на напорите на Република Македонија за воведување целосна конвертибилност на денарот и за постапно приспособување на нејзината политика со политиката на Европскиот монетарен систем. Соработката во оваа област ќе вклучи неформална размена на информации кои се однесуваат на начелата и функционирањето на Европскиот монетарен систем и Европскиот систем на централни банки.

*Член 82*
*Соработка во областа на статистиката*

1. Соработката во областа на статистиката ќе има за цел развој на ефикасен и одржлив статистички систем способен во догледно време да обезбеди сигурни, објективни и точни податоци потребни за планирање и надзор на процесот на транзиција и реформи во Република Македонија. Тоа ќе му овозможи на националниот статистички систем, координиран од Државниот завод за статистика, подобро да ги задоволува потребите на неговите корисници од државната администрација и од приватниот деловен сектор. Статистичкиот систем треба да ги почитува основните начела на статистиката издадени од Обединетите нации и одредбите од Европското законодавство за статистика и да се развива во правец на заедничкото европско законодавство (acquis communautaire) во областа на статистиката.

2. За оваа цел Страните можат да соработуваат особено на следново:

- унапредување на развојот на ефикасна статистичка служба во Република Македонија, врз основа на соодветна институционална рамка;
- развој и одржување на националните капацитети за прибирање, обработка и соопштување статистички податоци со висок квалитет, употребувајќи ги модерните технологии на најефикасен начин;
- обезбедување соодветни социо-економски податоци неопходни за следење на државните реформи за стопанските субјекти од јавниот и од приватниот сектор и за истражувачката заедница;
- овозможување на националниот статистички систем да ги усвои начелата и стандардите од Европскиот статистички систем;
- обезбедување на доверливоста на личните податоци.

3. Соработката на ова поле ќе вклучува обезбедување информации за методите, учество во избрани работни групи на ЕУРОСТАТ и размена на статистички податоци, но нема да биде ограничена само на ова.

*Член 83*
*Банкарство, осигурување и други финансиски служби*

1. Страните ќе соработуваат за да воспостават и да развиваат соодветна рамка за поттикнување на банкарскиот, осигурителниот и секторот на финансиските служби во Република Македонија.
Соработката ќе биде насочена кон:

- усвојување заеднички сметководствен систем, компатибилен со европските стандарди;

- јакнење и преструктуирање на банкарскиот, осигурителниот и другите финансиски сектори;

- подобрување на супервизијата и регулирањето на банкарската и другите финансиски служби;

- размена на информации, особено во однос на законодавството што се подготвува.

- подготовка на преводи и терминолошки речници.

2. Страните ќе соработуваат за да развиваат ефикасен систем на финансиска ревизија во Република Македонија, којшто ќе биде во согласност со хармонизираните методи и процедури на Заедницата.
Соработката ќе биде насочена кон:

- техничка помош за Службата на ревизори на Република Македонија;

- основање одделенија за внатрешна контрола во агенциите на државата;

- размена на информации во однос на системот на ревизија;

- стандардизација на ревизорската документација;

- обука и советодавни активности.

*Член 84*
*Унапредување и заштита на инвестиции*

1. Соработката меѓу Страните ќе има за цел воспоставување поволна клима за приватни домашни и странски инвестиции.

2. Конкретни цели на соработката ќе бидат:

- Република Македонија да ја подобри правната рамка која ќе биде поволна и ќе ги заштитува инвестициите;

- склучување билатерални договори со земјите-членки, каде што е тоа можно, за унапредување и заштита на инвестиции;

- спроведување соодветни аранжмани за трансфер на капиталот;

- подобрување на заштитата на инвестициите.

*Член 85*
*Индустриска соработка*

1. Соработката ќе има за цел унапредување на модернизацијата и преструктуирањето на индустријата и посебните сектори во Република Македонија, како и индустриската соработка меѓу стопанските субјекти на двете Страни, а особено ќе има за цел јакнење на приватниот сектор под услови со кои ќе се обезбеди дека се заштитува животната средина.

2. Иницијативите за индустриска соработка ќе ги одразуваат приоритетите што ги определуваат двете Страни. Тие ќе ги земат предвид регионалните аспекти на индустрискиот развој и, кога е тоа значајно, унапредувањето на транснационалното партнерство. Со иницијативите треба особено да се настојува да се воспостави соодветна рамка за претпријатијата за да го подобрат управувачкиот know-how и да се унапредат пазарите, транспарентноста на пазарите и деловната клима.

*Член 86*

*Мали и средни претпријатија*

Страните ќе имаат за цел да ги развиваат и зајакнат малите и средни претпријатија (МСП) во приватниот сектор, основањето нови претпријатија во области кои нудат потенцијал за развој и соработка меѓу МСП од Република Македонија и Заедницата.

*Член 87*

*Туризам*

Соработката меѓу Страните на полето на туризмот ќе има за цел да се олесни и поттикне туризмот и туристичката трговија преку трансфер на знаења, учество на Република Македонија во значајни европски туристички организации и проучување на можностите за заедничко работење, претежно во регионалните проекти во областа на туризмот.

*Член 88*

*Царина*

1. Целта на соработката ќе биде да се гарантира придржување кон сите одредби предвидени за усвојување во областа на трговијата и да се постигне приближување на царинскиот систем на Република Македонија кон системот на Заедницата, со што се помага да се трасира патот за мерките на либерализација планирани според оваа Спогодба.

2. Соработката ќе го вклучува особено следново:

- размена на информации, вклучувајќи ги и истражните методи;
- развој на прекугранична инфраструктура меѓу Страните;
- можност за меѓусебно поврзување на транзитните системи на Република Македонија и на Заедницата, како и усвојување и употреба на Единствениот административен документ (ЕАД);
- поедноставување на инспекциите и формалностите во однос на пренос на стоки;
- поддршка за воведување модерни царински информативни системи.

3. Без да се ограничи натамошната соработка предвидена во оваа Спогодба, а особено во членовите 76, 77 и 78, заемната помош меѓу административните власти по царински прашања на Страните ќе се одвива во согласност со одредбите од Протоколот 5.

*Член 89*
*Оданочување*

Страните ќе воспостават соработка на полето на оданочувањето, вклучувајќи и мерки кои се насочени кон натамошната реформа на даночниот систем и модернизација на даночните служби, со цел да се обезбеди ефикасност во прибирање даноци и борба против даночните измами.

*Член 90*
*Социјална соработка*

1. Во однос на вработувањето, соработката меѓу Страните ќе се насочи посебно врз унапредување на службите за вработување и советодавните служби за професионално насочување, обезбедување мерки за поддршка и унапредување на локалниот развој за да се помогне при преструктуирањето на пазарот на производство и труд.

Таа исто така ќе вклучи мерки, како што се студии, помагање на експерти и активности за информирање и обука.

2. Во однос на социјалното осигурување, со соработката меѓу Страните ќе се настојува да се приспособи системот на социјално осигурување на Република Македонија спрема новите економски и социјални барања, имено обезбедувајќи услуги од експерти и организирање активности за информирање и обука.

3. Соработката меѓу Страните ќе вклучи приспособување на законодавството на Република Македонија во однос на работните услови и еднакви можности за мажите и жените.

4. Страните ќе развиваат меѓусебна соработка со цел да се подобри нивото на заштитата на здравјето и безбедноста на работниците, земајќи го како појдовна точка нивото на заштитата што постои во Заедницата.

Член 91
Образование и обука

1. Страните ќе соработуваат со цел да го подигнат нивото на општото образование и професионалните квалификации во Република Македонија, земајќи ги предвид приоритетите на Република Македонија.

2. Програмата Темпус ќе придонесе за јакнење на соработката меѓу двете Страни на полето на образованието и обуката, за унапредување на демократијата, владеење на правото и економската реформа.

3. Европската фондација за обука исто така ќе придонесе за унапредување на структурите и активностите за обука во Република Македонија.

Член 92
Културна соработка

Страните се обврзуваат да ја унапредуваат културната соработка. Ваквата соработка, меѓу другото, служи за да се зголеми заемното разбирање и почитување меѓу поединците, заедниците и народите.

Член 93
Информации и комуникации

Заедницата и Република Македонија ќе преземат мерки неопходни за стимулирање на заемната размена на информации. Ќе биде даден приоритет на програми насочени кон обезбедување на јавноста со основни информации за Заедницата, а на професионалните кругови во Република Македонија со поспецијализирани информации.

Член 94
Соработка на аудио-визуелното поле

Страните ќе соработуваат на унапредување на аудио-визуелната индустрија во Европа и ќе поттикнуваат копродукција на полето на филмот и телевизијата.

Страните ќе ја координираат, а онаму каде што е оправдано ќе ја усогласуваат, политиката за регулирање на содржинските аспекти на прекуграничното емитување, посветувајќи особено внимание на прашањата во врска со стекнувањето право на интелектуална сопственост за програмите и емитувањето преку сателит или кабелска мрежа.

*Член 95*
*Инфраструктура за електронски комуникации и придружни услуги*

Страните ќе ја зајакнат соработката во областа на инфраструктурата за електронските комуникации, вклучувајќи ги и класичните телекомуникациски мрежи и соодветните електронски аудио-визуелни преносни мрежи и придружните услуги, со цел Република Македонија најдоцна една година по стапувањето во сила на оваа Спогодба да се усогласи со заедничките придобивки.

Гореспоменатата соработка ќе се фокусира врз следниве приоритетни области:

- развој на политиката,
- правни и регулативни аспекти
- градење на институциите потребни за овозможување на либерализирано работење,
- модернизација на електронската инфраструктура на Република Македонија и нејзина интеграција во европските и светските мрежи, со акцент врз подобрувањето на регионално ниво,
- меѓународна соработка,
- соработка во рамките на европските структури, особено во оние што се вклучени во стандардизацијата,
- координирање на позициите во меѓународните организации и форуми.

*Член 96*
*Информациско општество*

Страните се согласуваат да ја зајакнат соработката со цел натамошниот развој на информациското општество во Република Македонија. Глобалните цели ќе бидат подготовка на општеството во целина за дигиталната ера, привлекување инвестиции и интероперабилност на мрежите и услугите. Властите на Република Македонија внимателно ќе разгледаат, со помош од Заедницата, каква било политичка обврска преземена во Европската унија со цел да ја усогласи својата политика со политиката на Унијата.

Властите на Република Македонија ќе состават план за усвојување на законодавството на Заедницата во областа на информациското општество.

*Член 97*
*Заштита на потрошувачи*

Страните ќе соработуваат со цел да ги усогласат стандардите за заштита на потрошувачите во Република Македонија со оние во Заедницата. Ефикасна

заштита на потрошувачите е неопходна со цел да се осигури дека пазарната економија дејствува соодветно, а оваа заштита ќе зависи од развојот на административна инфраструктура со цел да се обезбеди надзор над пазарот и спроведување на законот на ова поле.

За таа цел, а со оглед на нивните заеднички интереси, Страните ќе поттикнат и ќе обезбедат:

- сообразување на законодавството и усогласување на заштита на потрошувачите во Република Македонија со законодавството и заштитата што се во сила во Заедницата;

- политика на активна заштита на потрошувачите, вклучувајќи и засилено информирање и развој на независни организации;

- ефективна правна заштитата за потрошувачите со цел да се подобри квалитетот на стоките за широка потрошувачка и да се одржат соодветните безбедносни стандарди

*Член 98*
*Сообраќај*

1. Покрај "Спогодбата меѓу Европската заедница и Република Македонија во областа на сообраќајот", Страните ќе ја развиваат и ќе ја засилат соработката со цел на Република Македонија да и' овозможат: - да го преструктуира и модернизира сообраќајот и неговата инфраструктура;

- да го подобри движењето на патници и стоки и пристапот кон сообраќајниот пазар со отстранување на административните, техничките и други пречки;

- да постигне оперативни стандарди соодветни на оние во Заедницата;

- да развие свој сообраќаен систем, компатибилен и усогласен со системот на Заедницата;

- да ја подобри заштитата на животната средина во сообраќајот, намалувањето на штетното влијание и загадувањето.

2. Соработката ќе ги вклучи следниве приоритетни области:

- развој на патната, железничката, аеродромската и пристанишната инфраструктура и други важни правци од заеднички интерес и трансевропските и пан-европските врски;

- управување со железниците и аеродромите, вклучувајќи и соодветна соработка меѓу соодветните национални власти;

- патен сообраќај, вклучувајќи ги и даночните, социјалните и аспектите во врска со животната средина;

- комбиниран железнички и патен сообраќај;
- хармонизација на меѓународната сообраќајна статистика;

- модернизација на техничка сообраќајна опрема во согласност со стандардите на Заедницата и помош за финансирање за таа цел, особено што-се однесува на патно-железнички сообраќај, мулти-модалниот транспорт и претовар;

- унапредување на заеднички технолошки и истражувачки програми;

- усвојување на координирана сообраќајна политика којашто е компатибилна со политиката што ја применува Заедницата.

*Член 99*
*Енергија*

1. Соработката ќе ги одрази начелата на пазарната економија и Договорот за европската енергетска повелба и ќе се развива во насока на постапното интегрирање во европските пазари на енергија.

2. Соработката особено ќе го вклучи следново:

- формулирање и планирање на енергетската политика, вклучувајќи модернизација на инфраструктурата, подобрување и диверсификација во снабдувањето и подобар пристап кон пазарот на енергија, вклучувајќи и олеснување на транзитот;

- управување и обука за енергетскиот сектор и трансфер на технологија и знаења;

- поттикнување за штедење енергија, ефикасноста на енергијата, обновливата енергија и проучување на влијанието на производството и потрошувачката на енергија врз животната средина;

- формулирање на рамковни услови за преструктуирање на енергетските капацитети и соработка меѓу претпријатијата во овој сектор.

*Член 100*
*Земјоделство и агро-индустриски сектор*

Соработката на ова поле за своја цел ќе ја има модернизацијата и преструктуирањето на земјоделството и агро-индустрискиот сектор, водостопанството, руралниот развој, постепеното усогласување на ветеринарното и фитосанитарното законодавство со стандардите на Заедницата и развој на рибарството и шумарството во Република Македонија.

### *Член 101*
### *Регионален и локален развој*

Страните ќе ја зајакнат соработката за регионален развој со цел да придонесат за економскиот развој и намалување на регионалната неурамнотеженост.

Посебно внимание ќе се посвети на прекуграничната, транс-националната и меѓу-регионалната соработка. За оваа цел ќе се воспостави размена на информации и експерти.

### *Член 102*
### *Соработка во областите на истражување и технолошки развој*

1. Страните ќе ја унапредуваат билатералната соработка во јавното научно истражување и технолошки развој (ИТР) врз основа на заемна корист и земајќи ја предвид достапноста на ресурсите ќе поттикнуваат соодветен пристап кон нивните програми, под услов да постои соодветно ниво на ефективна заштита на правата на интелектуална, индустриска и трговска сопственост.

2. Научната и технолошката соработка ќе опфати:

- размена на научни и технички информации;
- организирање заеднички научни состаноци;
- заеднички активности за ИТР;
- активности за обука и програми за мобилност на научниците, истражувачите и техничарите ангажирани во ИТР на двете страни.

3. Таквата соработка ќе се спроведува според конкретните аранжмани за кои ќе се преговара и кои ќе се склучат во согласност со постапките усвоени од секоја Страна и кои, меѓу другото, ќе предвидат соодветни одредби за правата на сопственост.

### *Член 103*
### *Животна средина и нуклеарна безбедност*

1. Страните ќе ја развиваат и зајакнуваат нивната соработка во однос на суштествените цели на борбата против деградација на животната средина со цел да се поддржи нејзината одржливост.

2. Соработката ќе се насочи врз следниве приоритетни области:

- борба против локалното, регионалното и прекуграничното загадување (квалитетот на воздухот и водата, вклучувајќи и пречистување на отпадните води и загадување на водата за пиење) и воспоставување ефикасно набљудување;

- развој на стратегии во однос на глобални и климатски прашања;
- ефикасно, одржливо и чисто производство и потрошувачка на енергијата, безбедност на индустриските капацитети;
- класификација и безбедно ракување со хемикалии;
- намалување на отпадот, рециклирање и безбедно депонирање на отпад и спроведување на Базелската конвенција за контрола на прекугранично пренесување на опасен отпад и негово депонирање (Базел 1989);
- влијанието на земјоделството врз животната средина; ерозија на земјиштето и негово загадување со земјоделски хемикалии;
- заштита на шумите, флората и фауната; зачувување на биодиверзитетот;
- уредување на градовите и селата, вклучувајќи ги градежништвото и урбанизмот;
- проценка на влијанијата врз животната средина и стратешка проценка на животната средина;
- континуирано приближување на законите и регулативите кон стандардите на Заедницата;
- меѓународни конвенции од областа на животната средина во кои Заедницата е членка;
- соработка на регионално ниво, како и соработка во рамките на Европската агенција за животната средина;
- образование, информации и јавна свест за прашања од животната средина.

- 3. На полето на заштитата од природни непогоди, целта на соработката е да се осигури заштита на луѓето, животните, имотот и животната средина од катастрофи предизвикани од човекот. За оваа цел соработката би можела да ги вклучи овие области:
- размена на резултатите од научни и истражно-развојни проекти;
- заемен надзор, системи за рано предупредување и известување за катастрофите и нивните последици;
- спасувачки и акции за пружање помош и системи за помош во случај на катастрофи;
- размена на искуство за рехабилитација и обнова по катастрофи;

4. Соработката на полето на нуклеарната безбедност би можела да ги опфати следниве теми:

- подобрување на законите и регулативата на Република Македонија за нуклеарната безбедност и јакнење на надзорните власти и нивните ресурси;

- заштита од радијација, вклучувајќи го и набљудувањето на радијацијата во животната средина;

- управување со радиоактивен отпад. Република Македонија се обврзува да му обезбеди информации на Советот за стабилизација и асоцијација за секоја намера да увезе или да складира радиоактивен отпад;

- да поттикне склучување спогодби меѓу земјите-членки на Европската унија или Евроатом и Република Македонија за рано известување на податоците во случаи на нуклеарни незгоди, а доколку има потреба, и општо за прашања од областа на нуклеарната безбедност;

- зајакнување на надзорот и контролата на транспортот на материјали кои се подложни на радиоактивно загадување.

# ГЛАВА IX
# ФИНАНСИСКА СОРАБОТКА

*Член 104*

За да се постигнат целите на оваа Спогодба и во согласност со членовите 3, 108 и 109, Република Македонија може да користи финансиска помош од Заедницата во форма на неповратни средства и на заеми, вклучувајќи и заеми од Европската инвестициона банка.

*Член 105*

Финансиската помош, во форма на неповратни средства, ќе биде изведувана со оперативните мерки утврдени во соодветната регулатива на Советот во вид на повеќегодишна рамка воспоставена од страна на Заедницата по извршени консултации со Република Македонија.

Вкупната цел на помошта, во форма на градење институции и инвестиции, треба да придонесе за демократски, економски и институционални реформи во Република Македонија, во согласност со процесот за стабилизација и асоцијација. Финансиската помош може да се користи за сите области на усогласување на законодавството и политиката на соработка од оваа Спогодба, вклучувајќи ги и правда и внатрешни работи.

Целосното спроведување на инфраструктурните проекти од заемен интерес идентификувани во Спогодбата за соработка во областа на сообраќајот ќе биде разгледано.

*Член 106*

На барање на Република Македонија и во случај на посебни потреби, Заедницата во координација со меѓународните финансиски институции може да ја испита можноста за доделување на макро-финансиска помош по исклучителни основи, што ќе подлежи на одредени услови, земајќи ја предвид, таму каде што е можно, расположливоста на сите финансиски ресурси.

*Член 107*

Со цел да се овозможи оптимално искористување на расположливите ресурси, Страните ќе обезбедат контрибуцијата на Заедницата да биде дадена во тесна координација со другите извори, како оние од земјите-членки, другите држави и меѓународните финансиски институции.

За оваа цел Страните редовно ќе разменуваат информации за сите извори на помош.

# ГЛАВА X
# ИНСТИТУЦИОНАЛНИ, ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 108*

Со ова се воспоставува Совет за стабилизација и асоцијација кој ќе врши надзор врз примената и спроведувањето на оваа Спогодба. Тој ќе се состанува на соодветно ниво во редовни интервали и кога тоа го бараат околностите. Тој ќе разгледува кои било поважни прашања опфатени со оваа Спогодба, како и кои било други билатерални или меѓународни прашања од заемен интерес.

*Член 109*

1. Советот за стабилизација и асоцијација ќе биде составен од членови на Советот на Европската унија и членови на Комисијата на Европските заедници, од една страна, и членовите на Владата на Република Македонија, од друга страна.

2. Советот за стабилизација и асоцијација ќе усвои деловник за работа.

3. Можно е членовите на Советот за стабилизација и асоцијација да бидат претставени со други, во согласност со условите што ќе се предвидат во неговиот деловник за работа.

4. Со Советот за стабилизација и асоцијација наизменично ќе претседава претставник од Европската заедница и претставник од Република Македонија, во согласност со одредбите кои ќе се утврдат во неговиот деловник за работа.

5. Во однос на прашањата кои ја засегаат, во работата на Советот за стабилизација и асоцијација ќе учествува, како набљудувач, и Европската инвестициона банка.

*Член 110*

Советот за стабилизација и асоцијација, за да се постигнат целите на оваа Спогодба, ќе има овластување да донесува одлуки во рамките на Спогодбата во случаите предвидени во истата. Донесените одлуки ќе бидат обврзувачки за Страните, кои ќе ги преземат мерките неопходни за спроведување на така донесените одлуки. Кога ќе решава за преминот кон втората фаза, како што е предвидено во членот 5, Советот за стабилизација и асоцијација може исто така да одлучи за кои било можни измени во однос на содржината на одредбите што ја регулираат втората фаза.

Во својот деловник за работа Советот за стабилизација и асоцијација ќе ги определи должностите на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кои ќе вклучат подготовка на состаноците на Советот за стабилизација и асоцијација, а ќе одлучи и како ќе функционира Комитетот.

Советот за стабилизација и асоцијација може на Комитетот за стабилизација и асоцијација да му пренесе кое било од своите овластувања. Во таков случај Комитетот за стабилизација и асоцијација ќе ги донесува своите одлуки во согласност со условите поставени во овој Член.

Советот за стабилизација и асоцијација исто така може да донесе соодветни препораки.

Тој своите одлуки и препораки ќе ги донесува по договор на Страните.

*Член 111*

Секоја Страна пред Советот за стабилизација и асоцијација може да поднесе каков било приговор во врска со примената или толкувањето на оваа Спогодба. Советот за стабилизација и асоцијација може да го реши спорот по пат на обврзувачка одлука.

*Член 112*

На Советот за стабилизација и асоцијација во извршувањето на должностите ќе му помага Комитет за стабилизација и асоцијација, заеднички комитет составен од претставници на Советот на Европската унија и претставници на Комисијата на Европските заедници, од една страна, и од претставници на Република Македонија, од друга страна.

*Член 113*

Комитетот за стабилизација и асоцијација може да основа под-комитети. Комитетот за сообраќај, основан според Спогодбата во областа на сообраќајот, ќе му помага на Комитетот за стабилизација и асоцијација.

*Член 114*

Со ова се воспоставува Парламентарен комитет за стабилизација и асоцијација. Тој ќе претставува форум за членовите на Парламентот на Република Македонија и Европскиот парламент каде ќе се среќаваат и ќе разменуваат мислења. Тој ќе се состанува во периоди што самиот ќе ги определи.

Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ќе биде составен од членови на Европскиот парламент, од една страна, и членови на Парламентот на Република Македонија, од друга страна.

Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ќе донесе свој деловник за работа.

Со Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација наизменично ќе претседава Европскиот парламент и Парламентот на Република Македонија, во согласност со одредбите што ќе се предвидат во неговиот деловник за работа.

*Член 115*

Во рамките на содржината на оваа Спогодба, секоја Страна се обврзува да осигури дека физичките и правните лица од другата Страна, ќе имаат пристап, без каква било дискриминација во споредба со сопствените државјани, кон надлежните судови и административни органи на Страните за да ги бранат нивните индивидуални и имотни права.

*Член 116*

Ништо што е содржано во оваа Спогодба нема да ги спречи Страните да преземат какви било мерки:

(а) кога едната од нив смета дека се неопходни за спречување да се изнесат информации спротивни на суштествените безбедносни интереси;

(б) кои се однесуваат на производството, или трговијата со оружје, муниција или воени материјали или кои се однесуваат на истражувањето, развојот или производството неопходно за одбранбени цели, под услов таквите мерки да не ги загрозуваат условите на конкуренцијата во однос на производи кои не се исклучиво наменети за воени цели;

(ц) кога едната од нив смета дека се суштествени за нејзината безбедност во случај на сериозни внатрешни нарушувања кои влијаат врз одржувањето на законот и редот, во време на војна или сериозна меѓународна напнатост која претставува закана од војна или со цел да ги изврши обврските што таа ги прифатила во целите на одржувањето на мирот и меѓународната безбедност.

*Член 117*

1. Во областите опфатени со оваа Спогодба, и без да се ограничат кои било посебни одредби содржани во истиот:

- аранжманите што Република Македонија ги применува во однос на Заедницата нема да доведат до дискриминација меѓу земјите-членки, нивните државјани или нејзините компании или фирми;

- аранжманите што Заедницата ги применува во однос на Република Македонија нема да доведат до дискриминација на државјаните на Република Македонија или на нејзините компании или фирми.

2. Одредбите од ставот 1 не го ограничуваат правото на Страните да ги применат соодветните одредби од нивното даночно законодавство врз даночните обврзници кои не се во идентична ситуација во однос на нивното место на живеење.

*Член 118*

1. Страните ќе преземат какви било општи или специфични мерки потребни за исполнување на нивните обврски според оваа Спогодба. Тие ќе осигурат дека се постигнуваат целите на оваа Спогодба.

2. Доколку едната Страна смета дека другата Страна не исполнила некоја обврска според оваа Спогодба, таа може да преземе соодветни мерки. Пред да го направи тоа, освен во особено итни случи, таа ќе му ги поднесе на Советот за стабилизација и асоцијација сите потребни релевантни информации потребни за да се испита темелно ситуацијата, а со цел да се најде решение прифатливо за Страните.
При изборот на мерките, мора да им се даде приоритет на оние кои најмалку го нарушуваат функционирањето на оваа Спогодба. Советот за стабилизација и асоцијација веднаш ќе биде информиран за овие мерки, а истите ќе подлежат на консултации во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација, доколку тоа го бара другата Страна.

*Член 119*

Страните се согласуваат да се консултираат преку соодветни канали на барање на која било Страна за да дискутираат за какво било прашање во врска со толкувањето или спроведувањето на оваа Спогодба, како и за други релевантни аспекти на односите меѓу Страните.

Одредбите од овој член нема да влијаат на кој било начин и не ги ограничуваат членовите 30, 37, 38 и 42.

*Член 120*

Се´ додека за поединците и стопанските субјекти не се постигнати еквивалентни права според оваа Спогодба, истата нема да влијае врз правата што им се доделуваат со постоечките договори кои се обврзувачки за една или повеќе земји-членки, од една страна, и Република Македонија, од друга страна.

*Член 121*

Протоколите 1,2,3,4 и 5 и Анексите I до VII се составен дел од оваа Спогодба.

*Член 122*

Оваа Спогодба се склучува за неограничен период. Секоја Страна може да ја откаже оваа Спогодба известувајќи ја другата страна. Оваа Спогодба ќе престане да се применува шест месеци по датумот на таквото известување.

*Член 123*

За целите на оваа Спогодба, терминот “Страните”, значи Заедницата, или нејзините земји-членки, или Заедницата и нејзините земји-членки, согласно нивните овластувања, од една страна, и Република Македонија, од друга страна.

*Член 124*

Оваа Спогодба, од една страна, ќе се применува на териториите на кои се применуваат Договорите за основање на Европската заедница (Европската заедница за јаглен и челик) и Европската заедница за атомска енергија и според условите поставени во тие Договори, како и на територијата на Република Македонија, од друга страна.

*Член 125*

Генералниот секретар на Советот на Европската унија ќе биде депозитер на оваа Спогодба.

*Член 126*

Оваа Спогодба е составена во два примерока со подеднаква автентичност на секој од официјалните јазици на Страните.

*Член 127*

Страните ќе ја одобрат оваа Спогодба во согласност со нивните постапки. Оваа Спогодба ќе стапи во сила на првиот ден од вториот месец по датумот на кој Страните меѓусебно ќе се известат дека е завршена постапката наведена во првиот став.

По нејзиното стапување во сила, оваа Спогодба ќе ја замени Спогодбата за соработка меѓу Европската заедница и Република Македонија, потпишана на 29 април 1997 година по пат на размена на писма.

*Член 128*
*Времена спогодба*

Во случај кога, до завршувањето на постапката потребна за стапување во сила на оваа Спогодба, одредбите од некои делови од оваа Спогодба, особено оние кои се однесуваат на движењето на стоките, ќе стапат во сила со Времена спогодба меѓу Заедницата и Република Македонија, страните се согласни дека, за целите на Поглавје ИВ, членовите 69, 70 и 71 од оваа Спогодба и Протокол 1 до 5, терминот вдатум на стапување во сила на Спогодбатаг значи датум на стапување во сила на Времената спогодба во однос на обврските содржани во овие членови и Протоколи.

# АНЕКС I

## УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОМАЛКУ ЧУВСТВИТЕЛНИ СТОКИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА

**Наведени во член 18.2**

| Тарифен број | | Именување |
|---|---|---|
| 2517 | | Обли, чакал, кршени или дробени камења, што обично се употребуваат како агрегати за бетон, за насипување на патишта или железнички пруги или за други насипувања, крупен чакал, вклучувајќи го и термички обработениот; макадам од згура, троска или слични индустриски отпадоци, вклучувајќи и отпадоци мешани со материјали од првиот дел на овој тарифен број; термакадам; гранули, парчиња и прав од камен од тар. број 2515 или 2516, термички обработени или не: |
| | 41 00 00 | - - Од мермер |
| | 49 00 00 | - - Друго |
| 2518 | | Доломит, печен или непечен; доломит, грубоцепен или сечен со пила или на друг начин, во блокови или плочи со правоаголна (вклучувајќи и квадратна) форма; агломериран доломит (вклучувајќи и тердоломит): |
| 2520 | | Суров гипс; анхидрид на гипс; печен гипс (што се состои од печен гипс или калциумсулфат), бојосан или небојосан, со додаток или без додаток на мали количества забрзувачи или забавувачи на врзувањето |
| 2523 | | Портланд-цемент, алуминантен цемент, цемент од згура, суперсулфатен цемент и слични хидраулични цементи, вклучувајќи и бојосани и цементи во форма на клинкери: |
| | 10 00 00 | - - Цемент во форма на клинкери |
| | 29 00 00 | - - Друго |
| 3105 | | Минерални или хемиски ѓубрива што содржат два или три од следниве ѓубривни елементи: азот, фосфор и калиум; други ѓубрива; производи од оваа глава во форма на таблети или слични форми или во пакување до 10 кг бруто-маса: |
| 3214 | | Китови (стаклорезачки, за калемење и др.) смолни малтери, други маси за затнување; полнила за молеро-фарбарски работи; неогноотпорни препарати за површинска обработка на фасади, внатрешни ѕидови, подови, тавани или слично: |
| 3303 | | Парфеми и тоалетни води: |

| | |
|---|---|
| 3304 | Производи за разубавување или шминкање и производи за нега на кожата (освен лекови), вклучувајќи ги и препаратите за заштита од сонце или за зајакнување на пигментацијата при сончање или за бронзирање на кожата; препарати за маникир или педикир: |
| 3305 | Препарати за коса: |
| 3306 | Препарати за хигиена на устата и забите, вклучувајќи ги и прашоците и пастите за прицврстување на вештачки вилици; конец што се употребува за чистење меѓу забите (конец за чистење заби), во индивидуални пакувања за продажба на мало: |
| 3307 | Препарати за бричење, вклучувајќи ги и препаратите за пред и за по бричење, дезодоранси за лична употреба, препарати за бањање, депилатори и други парфимериски, козметички или тоалетни препарати, на друго место неспоменати или неопфатени; приготвени дезодоранси за простории, парфимирани или непарфимирани, вклучувајќи ги и оние што имаат дезинфекциони својства: |
| 3405 | Политури и кремови за обувки, мебел, подови, каросерии, стакло или метал, пасти и прашоци за чистење и слични препарати (без оглед на тоа дали се во форма на хартија, вата, филц, неткаени ткаенини, сунѓерести материјали, од пластика или гума, импрегнирани или премачкани со такви препарати), освен восоците од тар. број 3404. |
| 3506 | Подготвени лепила и други подготвени средства за лепење, на друго место неспоменати или неопфатени; производи погодни за употреба како лепила или средства за лепење, подготвени за продажба на мало како лепила или средства за лепење, во пакување со нето-маса до 1 кг: |
| 3701 | Фотографски плочи и план-филмови, осетливи на светлина, неосветлени, од кој било материјал, освен од хартија, картон или текстил; план-филмови за моментна (брза) фотографија, осетливи на светлина, неосветлени, во касети или без касети: |
| 3702 | Фотографски филмови во ролни, осетливи на светлина, неосветлени, од кој било материјал, освен од хартија, картон или текстил; филмови во ролни за моментна (брза) фотографија, осетливи на светлина, неосветлени: |
| 3808 | Инсектициди, родентициди, фунгициди, хербициди, средства против 'ртење и средства за регулирање на растот на растенијата, дезинфекциски и слични производи, подготвени во форма или пакување за продажба на мало, или како препарати или производи (на пр., сулфурирани ленти, фитили, свеќи и хартии за убивање муви): |
| 3918 | Прекривки за подови од пластични маси, несамолепливи или самолепливи, во ролни или во форма на плочи; тапети за ѕидови или тавани, дефинирани со забелешката 9 кон оваа глава: |

| | | |
|---|---|---|
| 3919 | | Самолепливи плочи, листови, филмови, фолии, ленти и други слични форми од пластични маси, вклучувајќи ги и оние во ролни: |
| 3921 | | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти од пластични маси: |
| 3923 | | Производи за транспорт или пакување на стоки од пластични маси; затнувачи, поклопки, капаци и други затворачи, од пластични маси: |
| 3924 | | Трпезни садови, кујнски садови и прибор, други производи за домаќинството и тоалетни производи од пластични маси: |
| 3925 | | Градежни производи за вградување од пластични маси, на друго место неспоменати или неопфатени: |
| 3926 | | Други производи од пластични маси и производи од други материјали од тар. број 3901 до 3914: |
| 4008 | | Плочи, листови, ленти, прачки и профили од гума, освен од тврда гума: |
| | | - Од целуларна гума |
| | 11 00 00 | - - Плочи, листови и ленти |
| | 19 00 00 | - - Друго |
| | | - Од нецелуларна гума: |
| | | - - Плочи, листови и ленти: |
| | 21 10 00 | - - - Подни облоги и прекривки |
| | 21 90 00 | - - - Друго. |
| | | - - Друго: |
| | 29 90 00 | - - - Друго |
| 4015 | | Предмети за облека и прибор за облека (вклучувајќи и нараквици), за сите намени, од гума, освен од тврда гума: |
| | | - Ракавици: |
| | | - - Друго: |
| | 19 10 00 | - - - Ракавици за домаќинството |
| | 19 90 00 | - - - Друго |
| | 90 00 00 | - Друго |
| 4016 | | Други производи од гума, освен од тврда гума: |
| | | -Друго: |
| | 91 00 00 | - - Подни облоги и прекривки |
| 4302 | | Штавени или обработени крзна (вклучувајќи и глави, опашки, шепи или други парчиња или отсечоци), несоставени или составени (со додавање или без додавање на други материјали), освен оние што се распоредуваат во тарифен број 4303. |
| 4303 | | Облека, прибор за облека и други производи од крзно. |

| | | |
|---|---|---|
| 4409 | | Дрво (вклучувајќи ги и ламелите и фризите за паркет, несоставени) профилирано (перо и жлеб, жлебено, фалцувано или слично обработено) по должината на кој било раб или лице, вклучувајќи и рендисано, точено или прстесто (запчесто) споено: |
| 4415 | | Сандаци за пакување, кутии, гајби, барабани и слична амбалажа за пакување од дрво; барабани (калеми) за кабли од дрво; палети, сандачести палети и други товарни табли од дрво; палетни ниски од дрво. |
| 4802 | | Непремачкана хартија и картон, кои се употребуваат за пишување, печатење или други графички цели, вклучувајќи и хартија и картон за дупчени картички и ленти, во ролни или листови, освен хартијата од тар. број 4801 или 4803; рачно изработена хартија и картон: |
| | | - Друга хартија и картон, што не содржат влакна добиени со механички процес или кои немаат повеќе од 10% такви влакна во тежината на вкупната содржина на влакна: |
| | | - - Со тежина до 40 г/м$^2$: |
| | 51 10 00 | - - - Хартија со маса до 15 г/м$^2$ за употреба во производството на матрици |
| | 51 90 00 | - - - Друго |
| | 52 20 00 | - - - Во ролни |
| | 52 80 00 | - - - Во листови |
| | | - - Со маса повеќе од 150 г/м$^2$: |
| | 53 20 00 | - - - Во ролни |
| | 53 80 00 | - - - Во листови |
| 4805 | | Друга непремачкана хартија и картон, во ролни или листови, понатаму необработени или доработени, освен оние набројани во забелешката 2 кон оваа глава: |
| | | - Друга хартија и картон, со маса од 225 г/м$^2$ или повеќе: |
| | | - - Од остатоци од хартија |
| | 80 11 00 | - - - Тестлајнер |
| | 80 19 00 | - - - Друго |
| | 80 90 00 | - - Друго |
| 4811 | | Хартија, картон, целулозна вата и листови и ленти од целулозни влакна, премачкани, импрегнирани, прекриени, површински бојосани, површински украсени или печатени, во ролни или листови, освен производите од тар. број 4803, 4809 или 4810: |
| | | -Хартија и картон, премачкани, импрегнирани или прекриени со пластични маси (исклучувајќи ги лепилата): |
| | 31 00 00 | - - Белени, со маса над 150 г/м$^2$ |
| | 39 00 00 | - - Друго |
| | 40 00 00 | - Хартија и картон, премачкани, прекриени или импрегнирани со восок, парафински восок, стеарин, масло или глицерин. |

| | |
|---|---|
| 4814 | Ѕидни тапети и слични поѕидници од хартија; витрофании за прозорци од хартија. |
| 4815 | Покривачи за подови врз подлога од хартија или картон, несечени или сечени во определени големини. |
| 4816 | Карбон-хартија, самокопирачка хартија и други хартии за копирање и пренесување (освен оние од тар. број 4809), матрици за умножување и офсет-плочи од хартија, во кутии или без кутии. |
| 4817 | Пликови, дописници, поштенски картички и карти за допишување од хартија или картон; сетови за допишување во кутии, кесички, нотеси и слични пакувања од хартија или картон. |
| 4820 | Регистри, книговодствени книги, нотеси, книги за порачки, признанички книги, агенди, меморандум-блокови, дневници и слични производи, тетратки, подметнувачи со впивачка хартија, подврски за книги (по системот на слободни листови или други), комбинирани подметнувачи за пишување, кошулки и фасцикли за списи, деловни обрасци во повеќе примероци, сетови со влошка од карбон-хартија и слични производи за пишување од хартија или картон; акуми за мостри или колекции и обвивки за книги од хартија или картон. |
| 4821 | Етикети од хартија или картон, од сите видови, печатени или непечатени. |
| 4909 | Поштенски разгледници; честитки и карти што имаат печатени лични поздрави, пораки или објави, илустрирани или неилустрирани, со пликови или без пликови или украси. |
| 4910 | Календари од сите видови, печатени, вклучувајќи и календар-блокови. |
| 6601 | Чадори и чадори за сонце (вклучувајќи и стапови-чадори, чадори за градина и слични чадори). |
| 6802 | Обработен камен за споменици и градби (освен шкрилци) и негови производи, освен производите од тар. број 6801; коцки за мозаик и слично од природен камен (како и од шкрилци), со или без подлога; вештачки бојосани гранули, лушпи и прав, од природен камен (како и од шкрилци). |
| 6805 | Абразивни материјали, природни или вештачки, во форма на прав или зрна, нанесени врз подлога од текстил, хартија, картон или на други материјали, вклучувајќи и исечени во определени форми, прошиени или поинаку составени. |
| 6807 | Производи од битумен или од слични материјали (на пр., од битумен, од нафта или од смола на катран од камен јаглен). |
| 6809 | Производи од гипс или од смеса врз база на гипс. |
| 6810 | Производи од цемент, бетон или од вештачки камен, армирани или неармирани. |

| | | |
|---|---|---|
| 6811 | | Азбестно-цементни производи, производи од цемент со целулозни влакна и слично. |
| 6813 | | Фрикциони материјали и производи од фрикциони материјали (на пр., плочи, ваљаци, ленти, сегменти, дискови, подменувачи, облоги), немонтирани, за сопирачки, спојки или слично, врз база на азбест, други минерални материјали или целулоза, комбинирани или некомбинирани со текстил или со други материјали. |
| 6815 | | Производи од камен или од други минерални материјали (вклучувајќи и јаглеродни влакна, производи од јаглеродни влакна и производи од тресет), на друго место неспоменати или неопфатени. |
| 6902 | | Огноотпорни тули, блокови, плочки и слични огноотпорни керамички производи за вградување, освен оние од силикатно фосилно брашно или од слични силикатни земји. |
| 6904 | | Керамички ѕидарски тули, блокови за подови, блокови носачи, филтер-плочки и слично. |
| 6905 | | Ќерамиди, делови на оџаци, украси и други производи за градежништво од керамика. |
| 6907 | | Неглазирани керамички плочки за поплочување и обложување; неглазирани керамички коцки за мозаик и слично, со или без подлога. |
| 6908 | | Глазирани керамички плочки за поплочување и обложување; глазирани керамички коцкички и слично, за мозаик со или без подлога. |
| 6910 | | Мијалници, лавабоа, столбови за лавабоа, кади, бидеа, клозетски шолји, котлиња за вода, писоари и слични санитарни производи |
| 6911 | | Трпезни садови, кујнски садови, други предмети за домаќинството или за тоалетна употреба, од порцелан. |
| 6912 | | Керамички трпезни садови и кујнски садови, други предмети за домаќинството и за тоалетна употреба, освен од порцелан |
| 6914 | | Други производи од керамика. |
| 7007 | | Сигурносно стакло од калено или слоевито стакло: |
| | | - Калено сигурносно стакло: |
| | | - - Со погодна големина и форма за вградување во возила, воздухоплови, вселенски бродови или пловила: |
| | 11 10 00 | Со погодна големина и форма за вградување во моторни возила |
| | 11 90 00 | - - - Друго |
| | | - - Друго: |

| | | |
|---|---|---|
| | 19*10 00 | - - -Емајлирано |
| | 19 20 00 | - - - Бојосано во маса, непровидно, плакирано или со слој на рефлексија или апсорпција |
| | 19 80 00 | - - - Друго |
| | | - Слоевито безбедносно стакло: |
| | | - - Со погодна големина и форма за вградување во возила, воздухоплови, вселенски бродови или пловила: |
| | | - - - Друго: |
| | 21 91 00 | - - - - Со погодна големина и форма за вградување во моторни возила |
| | 21 99 00 | - - - - Друго |
| | 29 00 00 | - - Друго |
| 7009 | | Огледала од стакло, врамени или неврамени, вклучувајќи и ретровизори. |
| 7013 | | Производи од стакло што служат за употреба на маса, во кујна, за тоалетни цели, во канцеларии, производи за внатрешна декорација или за слични цели (освен оние од тар. број 7010 или 7018). |
| 7019 | | Стаклени влакна (вклучувајќи ја и стаклената волна) и нивни производи (на пр., предено, ткаенина): |
| | | - Тракови на стаклени влакна, ровинг, предено и сечени нишки: |
| | 11 00 00 | - - Сечени нишки со должина до 50 мм |
| | 12 00 00 | - - Ровинг |
| | 19 00 00 | - - Друго |
| 7106 | | Сребро (вклучувајќи го и позлатеното или платинирано сребро) необработено или во форма на полупроизвод, или во прав. |
| 7108 | | Злато (вклучувајќи го и платинираното) необработено или во форма на полупроизвод, или во форма на прав. |
| 7113 | | Накит и делови од накит; од благородни метали или од метали платинирани со благородни метали. |
| 7114 | | Предмети на златарството или кујунџиството и нивни делови, од благородни метали или од метали платинирани со благородни метали. |
| 7115 | | Други предмети од благородни метали или од метали платинирани со благородни метали. |
| 7116 | | Предмети од природни или одгледувани бисери, од скапоцени или полускапоцени камења (природни, синтетички или реконструирани). |
| 7117 | | Имитации на накит. |
| 7217 | | Ладно добиена жица од железо или нелегиран челик: |
| | | - превлечена или прекриена со други прости метали: |
| | | -- со содржина на јаглерод до 0.25% по маса: |
| | | --- со максимална димензија на напречен пресек до 0.8 мм |

| | | |
|---|---|---|
| | 30 11 00 | - - - - Обложени со бакар |
| | 30 19 00 | - - - - Друго |
| | | - - - Со максимален напречен пресек од 0,8 мм или повеќе: |
| | 30 31 00 | - - - - Обложени со бакар |
| | 30 39 00 | - - - - Друго |
| | 30 50 00 | - - Содржина на јаглерод по маса од 0,25 до 0,6% |
| | 30 90 00 | - - Содржина на јаглерод по маса од 0,6% или повеќе |
| | | - Друго: |
| | | - - Содржина на јаглерод по маса до 0,25%: |
| | 90 10 00 | - - - Со максимален напречен пресек до 0,8 мм |
| | 90 30 00 | - - - Со максимален напречен пресек од 0,8 мм или повеќе |
| | 90 50 00 | - - Содржина на јаглерод по маса од 0,25 до 0,6% |
| | 90 90 00 | - - Содржина на јаглерод по маса од 0,6% или повеќе |
| 7307 | | Прибор за цевки (на пример, спојници, колена, муфови), од железо или од челик: |
| | | - Леан прибор: |
| | | - - Од нетемперирано леано железо: |
| | 11 10 00 | - - - Од вид што се употребува во системи под притисок |
| | 11 90 00 | - - - Друго |
| | | - - Друго: |
| | 19 10 00 | - - - Од темперирано леано железо |
| | 19 90 00 | - - - Друго |
| | | - Друго: |
| | 91 00 00 | - - Прирабници |
| | | - - Колена, лакови и муфови, со завојница: |
| | 92 10 00 | - - - Муфови |
| | 92 90 00 | - - - Колена и лакови |
| | | - - Прибор што се заварува со челно заварување: |
| | | - - - Со најголем надворешен дијаметар до 609,6 мм: |
| | 93 11 00 | - - - - Колена и лакови |
| | 93 19 00 | - - - - Друго |
| | | - - - Со најголем надворешен дијаметар над 609,6 мм: |
| | 93 91 00 | - - - - Колена и лакови |
| | 93 99 00 | - - - - Друго |
| | | - - Друго: |
| | 99 10 00 | - - - Со навој |
| | 99 30 00 | - - - За заварување |
| | 99 90 00 | - - - Друго |
| 7311 | | Контејнери за компримирани или течни гасови од железо или челик. |
| 7313 | | Бодлива жица од железо или челик; впредена лента или еднократна плоската жица, со или без боцки, и лесно предена дупла жица, што се употребува за огради, од железо или од челик. |
| 7403 | | Рафиниран бакар и легури на бакар, сурови: |
| | | - Рафиниран бакар: |
| | 11 00 00 | - - Катоди и делови од катоди |

| | | |
|---|---|---|
| 7418 | | Трпезни, кујнски и други производи за домаќинството и нивни делови, од бакар; сунѓери за триење садови и перничиња за триење или полирање, нараквици и слично, од бакар; санитарни предмети и нивни делови од бакар: |
| 7614 | | Впредена жица, јажиња, плетени ленти и слично, од алуминиум, електрично неизолирани: |
| 7616 | | Други производи од алуминиум. |
| 7801 | | Сурово олово. |
| 7802 | | Отпадоци и остатоци од олово. |
| 7803 | | Прачки, профили и жица од олово. |
| 7804 | | Плочи, лимови, ленти и фолии од олово; прав и лушпи од олово. |
| 7805 | | Цевки и прибор за цевки (на пример, спојници, колена, муфови), од олово. |
| 7806 | | Други производи од олово. |
| 7901 | | Цинк, суров: |
| | | - Цинк, нелегиран: |
| | 11 00 00 | - - Со содржина од 99,99% или повеќе цинк по маса |
| | | - - Со содржина помала од 99,99% цинк по маса: |
| | 12 10 00 | - - - Со содржина од 99,95% до 99,99% цинк по маса |
| | 12 30 00 | - - - Со содржина од 98,5% до 99,95% цинк по маса |
| | 12 90 00 | - - - Со содржина од 97,5% до 98,5% цинк по маса |
| 7902 | | Отпадоци и остатоци од цинк |
| 7903 | | Прашина, прав и лушпи од цинк. |
| 7904 | | Прачки, профили и жица од цинк. |
| 7905 | | Плочи, лимови, ленти и фолии од цинк. |
| 7906 | | Цевки и прибор за цевки (на пример, спојници, колена, муфови) од цинк. |
| 7907 | | Други производи од цинк. |
| 8211 | | Ножеви со сечила, назабени или не (вклучувајќи и градинарски ножеви), освен ножевите од тар. број 8208, и сечила за ножеви: |
| | | - Друго: |
| | | - - Трпезни ножеви со фиксни сечила: |
| | 91 30 00 | - - - Трпезни ножеви со рачка и сечила од не'рѓосувачки челик |
| | 91 80 00 | - - - Друго |
| | 92 00 00 | - - Други ножеви со фиксирани сечила |

| | | |
|---|---|---|
| | 93 00 00 | - - Ножеви со нефиксирани сечила |
| | 94 00 00 | - - Сечила |
| 8215 | | Лажици, виљушки, црпалки, лажици за пена, лопатки за сервирање слатки, ножеви за риба, ножеви за путер, штипки за шеќер и сличен кујнски или трпезен прибор: |
| | | - - Друго: |
| | 10 30 00 | - - - Од не‘рѓосувачки челик |
| | | - Други сетови од одбран прибор: |
| | 20 10 00 | - - Од не‘рѓосувачки челик |
| | 20 90 00 | - - Друго |
| | | - - Друго: |
| | 99 10 00 | - - - Од не‘рѓосувачки челик |
| | 99 90 00 | - - - Друго |
| 8301 | | Катанци и брави (на клуч, шифра или електрични) од прости метали; затворачи и опкови со затворачи кои имаат вградени брави, од прости метали; клучеви за кои и да е од спomенатите производи, од прости метали: |
| | 20 00 00 | - Брави за моторни возила |
| 8302 | | Окови, прибор и слични производи од прости метали, за мебел, врати, скалила, прозорци, ролетни, каросерии, седларски стоки, куфери, сандаци, кутии или слично; кукачки за закачување шапки, конзоли и слично; тркалца (за мебел и сл.) со елементи за прицврстување од прости метали; автоматски затворачи на врати од прости метали. |
| 8304 | | Ормани за архиви, ормани за картотеки, кутии за сортирање на документи, регали за хартија, пултови за пера, пултови за штембили и слична канцелариска опрема, од прости метали, освен канцелариски мебел од тар. број 9403. |
| 8309 | | Затки (вклучувајќи и крунски затки, навојни затки и затки низ кои се сипува), капсули за шишиња, капаци од лим со или без навој, пломби и друг прибор за пакување од прости метали: |
| | 10 00 00 | - Крунски затки |
| 8419 | | Машини, уреди или лабораториска опрема (електрично загревани или не), за обработка на материјали со промена на температурата, како што е греење, варење, пржење, дестилација, ректификација, стерилизација, пастеризација, парење, сушење, евапоризација, вапоризација, кондензација или разладување, освен машини или уреди за домаќинството; проточни или акумулациони грејачи за вода, неелектрични: |
| | | - Сушилници: |
| | 31 00 00 | - - На земјоделски производи |
| | 32 00 00 | - - На дрво, хартиена целулоза, хартија или картон |
| | 39 00 00 | - - Друго |
| | | - - Друго: |
| | 89 10 00 | - - - Разладни кули и слични постројки за директно ладење (без разладен ѕид), со помош на циркулирачка вода |

| | | |
|---|---|---|
| 8423 | | Ваги (освен ваги со осетливост до 5 центиграми), вклучувајќи и машини за броење или контрола, кои работат врз база на мерење маса; тегови за ваги од сите видови: |
| | | - - Со максимален капацитет на мерење од 30 до 5000 кг: |
| | 82 10 00 | - - - Автоматски со повикување на претходна маса |
| | 82 90 00 | - - -Друго |
| | | - - Друго: |
| | 89 10 00 | - - - Мостни (железнички) |
| | 89 90 00 | - - - Друго |
| 8460 | | Алатни машини за чистење, острење, точење, хонување, лепување, полирање или поинакво доврушување на метали или кермети со помош на точила, абразиви или на производи за полирање, освен машините за изработка на запченици со режење, точење или доврушување на запченици од тар. број 8461. |
| 8461 | | Алатни машини за рендосување, изработка на жлебови, провлекување, режење на запченици, точење или доврушување на запченици, сечење со пила, отсечување или обработување со други постапки и други алатни машини за обработка на метали или кермети со симнување на струганици, на друго место неспоменати ниту опфатени. |
| 8462 | | Алатни машини (вклучувајќи и преси) за обработка на метали со слободно ковење или со ковење во калап; алатни машини (вклучувајќи и преси) за обработка на метали со свиткување, превиткување, исправање, порамнување, просечување, исечување или отсечување со симнување; преси за обработка на метали или на метални карбиди, што не се погоре споменати. |
| 8463 | | Други алатни машини за обработка на метали или кермети, без симнување на струганици. |
| 8464 | | Алатни машини за обработка на камен, керамика, бетон, азбест-цемент или слични минерални материјали или за обработка на стакло на ладно: |
| | | - Машини за точење или полирање: |
| | | - - За обработка на стакло: |
| | 8464 20 19 00 | - - - Друго |
| | 8464 20 80 00 | - - Друго |
| | 8464 90 00 00 | - Друго |
| 8474 | | Машини за сортирање, просејување, сепарација, миење, дробење, мелење, мешање или гмечење на земја, камен, руда или на други минерални материи, во цврста состојба (вклучувајќи и прав или маса-паста); машини за агломерирање, моделирање или обликување на цврсти минерални горива, керамички маси, нестврднат цемент, гипс или на други минерални производи во форма на прав или маса-паста; машини за изработка на леарски калапи од песок: |
| 8477 | | Машини за обработка на гума или пластична маса или за изработка на производи од тие материјали, неспоменати ниту опфатени на друго место во оваа глава. |

| | | |
|---|---|---|
| 8478 | | Машини за подготовка или преработка на тутун, неспоменати ниту опфатени на друго место во оваа глава. |
| 8480 | | Калапници за леарници на метали; моделни плочи; модели за калапи; калапи за метал (освен калапи за инготи), метални карбиди, стакло, минерални материјали, гума или пластични маси. |
| 8483 | | Трансмисиони вратила (вклучувајќи и брегасти вратила и коленести вратила) и криваи; куќишта за лежишта и лизгачки лежишта; запченици, запчести и фрикциони преносници; навојни вретена со куглички или валјаци; менувачки кутии и други менувачи на брзини, вклучувајќи и претворачи на обртниот момент; замавници, ременици и јажаници (вклучувајќи и макари); вклучно-исклучни спојници; и спојници за вратила (вклучувајќи и зглобни спојници): |
| | | -Запчести и фрикциони преносници, исклучувајќи запченици, верижници и други трансмисиони елементи испорачани посебно; навојни вретена со куглички или валјаци; менувачки кутии и други менувачи на брзини, вклучувајќи и претворачи на обртниот момент: |
| | | - - Друго: |
| | 40 91 00 | - - - Запчести и фрикциони преносници: |
| | 40 92 00 | - - - Навојни вретена со куглички или валјаци |
| | 40 93 00 | - - - Менувачки кутии и други менувачи на брзини: |
| | 40 98 00 | - - - Друго |
| 8501 | | Електромотори и електрични генератори (освен генераторски агрегати): |
| | | - Мотори со моќност до 37,5 W: |
| | 10 10 00 | - - Синхрони мотори со моќност до 18 W |
| | | - - Друго: |
| | 10 91 00 | - - - Универзални AC/DC-мотори |
| | 10 93 00 | - - - AC-мотори |
| | 10 99 00 | - - - DC-мотори |
| | | - Други AC-мотори со еднонасочна струја: |
| | | - - Друго: |
| | 40 91 00 | - - - Со моќност до 750 W |
| 8508 | | Електромеханички алат за работа во рака, со вграден електромотор. |
| 8509 | | Електромеханички апарати за домаќинството, со вграден електромотор. |
| 8512 | | Електрична опрема за осветлување или сигнализација (освен производите од тар. број 8539), бришачи за стакло, уреди за одмрзнување и уреди за одмаглување, за велосипеди или за моторни возила: |
| | 10 00 00 | - Опрема за осветлување или за визуелна сигнализација за велосипеди. |
| 8515 | | Машини и апарати за меко и тврдо лемење и заварување, електрични (вклучувајќи и електрично загреван гас), ласерски или врз принцип на друга светлина или фотонски сноп, ултразвук, електронски сноп, магнетни импулси или лак на плазма, вклучувајќи ги и оние што можат да вршат сечење; електрични машини и апарати за врело прскање на метали или на кермети: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Машини и апарати за меко или тврдо лемење: |
| | 11 00 00 | - - Лемилки и пиштоли за меко лемење |
| | 19 00 00 | - - Друго |
| | | - Машини и апарати за електроотпорно заварување на метали: |
| | 21 00 00 | - - Целосно или делумно автоматски |
| | 29 00 00 | - - Друго |
| | | - Машини и апарати за заварување на метали со електролак (вклучувајќи и лак на плазма): |
| | 31 00 00 | - - Целосно или делумно автоматски |
| | | - - Друго: |
| | 39 10 00 | - - - За рачно заварување со обложени електроди, испорачани комплетно со глава за заварување или сечење |
| | 39 90 00 | - - - Друго |
| | | - Други машини и апарати: |
| | | - - За обработка на метал: |
| | 80 11 00 | - - - За заварување |
| | 80 19 00 | - - - Друго |
| | | - - Друго: |
| | 80 91 00 | - - - За отпорно заварување на пластика |
| | 80 99 00 | - - - Друго |
| 8517 | | Електрични апарати за жична телефонија или жична телеграфија, вклучувајќи и жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони. |
| 8518 | | Микрофони и нивни стативи; звучници, вклучувајќи и звучници во звучни кутии; слушалки за на глава, слушалки за едно уво и комбинации со микрофон; аудиофреквентни електрични засилувачи; електрични комплети за засилување на звукот. |
| 8519 | | Грамофони, со и без сопствен засилувач, касетофони и други апарати за репродукција на звук што немаат вграден уред за снимање звук. |
| 8520 | | Магнетофони и други апарати за снимање звук, вклучувајќи и апарати со вградени уреди за репродукција на звук. |
| 8521 | | Апарати за снимање и репродукција на слика, со или без вграден видеотјунер. |
| 8524 | | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од глава 37. |
| 8527 | | Приемници за радиотелефонија, радиотелеграфија или радиодифузија, вклучувајќи и приемници комбинирани во исто куќиште, со апарат за снимање или репродукција на звук или со часовник. |
| 8528 | | Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика; видеомонитори и видеопроектори. |

| | | |
|---|---|---|
| 8716 | | Приколки и полуприколки; други возила, несамоодни; нивни делови: |
| | | - Приколки и полуприколки за домување или кампување |
| | 10 10 00 | - - Приколки што се склопуваат |
| | 10 90 00 | - - Друго |
| | | - Самотоварни или самоистоварни приколки и полуприколки за земјоделски цели: |
| | 20 10 00 | - - Растурачи на ѓубриво |
| | 20 90 00 | - - Друго. |
| | | - - - Друго: |
| | | - - - Ново: |
| | 39 30 00 | - - - - - Полуприколки. |
| | | - - - - - Друго: |
| | 39 51 00 | - - - - - - Едноосовински |
| | 39 59 00 | - - - - - - Друго. |
| | 39 80 00 | - - - - Користени. |
| | 40 00 00 | - Други приколки и полуприколки |
| | 80 00 00 | - Други возила |
| | | - Делови: |
| | 90 10 00 | - - Шасии |
| | 90 30 00 | - - Каросерии |
| | 90 90 00 | - - Други делови |
| 9402 | | Медицински, хируршки, стоматолошки или ветеринарски мебел (на пример, операциони маси, маси за прегледи, болнички кревети со механички уреди, стоматолошки столови); берберски столови и слични столови, со обртно, наклонувачко и подигнувачко движење; делови на наведените производи: |
| | 90 00 00 | Друго |
| 9404 | | Носачи на мадраци; предмети на постелата и слични стоки (на пример, мадраци, јоргани, перини, перници и перничиња), со пружини или полнети со кој и да е материјал или од целуларна гума или пластична маса, преслечени или не: |
| | 10 00 00 | - Носачи на мадраци: |
| | | - - Од други материјали: |
| | 29 10 00 | - - - Со спирална влошка |
| | 29 90 00 | - - - Друго |
| | | - Вреќи за спиење: |
| | 30 10 00 | - - Полнети со пердуви или перја |
| | 30 90 00 | - - Друго |
| | | - Друго: |
| | 90 10 00 | - - Полнети со пердуви или перја |
| | 90 90 00 | - - Друго |

# АНЕКС II

# УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЧУВСТВИТЕЛНИ ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА

**Наведени во член 18.3**

Царинските давачки на увозот во Република Македонија на стоки со потекло од Заедницата, што се наведени во овој Анекс, ќе бидат постепено намалувани во согласност со следнава динамика:

-на 1 јануари од третата година по стапувањето во сила на Договорот, секоја царинска стапка ќе биде намалена до 80% од основната царина;

-на 1 јануари од петтата година по стапувањето во сила на Договорот, секоја царинска стапка ќе биде намалена до 70% од основната царина;

- на 1 јануари од шестата година по стапувањето во сила на Договорот, секоја царинска стапка ќе биде намалена до 60% од основната царина;

- на 1 јануари од седмата година по стапувањето во сила на Договорот, секоја царинска стапка ќе биде намалена до 50% од основната царина;

- на 1 јануари од осмата година по стапувањето во сила на Договорот, секоја царинска стапка ќе биде намалена до 40% од основната царина;

- на 1 јануари од деветтата година по стапувањето во сила на Договорот, секоја царинска стапка ќе биде намалена до 20% од основната царина;

- на 1 јануари од десеттата година по стапувањето во сила на Договорот, останатите царини ќе бидат укинати.

| **Тарифен број** | **Именување** |
|---|---|
| 2515 | Мермер, травертин, екосин и друг варовнички камен за споменици, градежништво и др., со привидна специфична маса 2,5 или поголема, и алабастер, вклучувајќи и грубо цепен или сечен со пила или на друг начин, во блокови или во плочи со правоаголна (вклучувајќи и квадратна) форма. |
| 2516 | Гранит, порфир, базалт, песочар и друг камен за споменици, градежништво и друго, вклучувајќи грубо цепен или сечен со пила или на друг начин, во блокови или во плочи со правоаголна (вклучувајќи и квадратна) форма. |
| 2710 | Масла добиени од нафта и масла добиени од битуменозни минерали, освен сурови; производи неспоменати или неопфатени на друго место, |

| | | |
|---|---|---|
| | | кои содржат по маса 70% или повеќе масла од нафта или масла добиени од битуменозни минерали, ако овие масла претставуваат основни состојки на овие производи. |
| 2711 | | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди. |
| 3004 | | Лекови (освен производите од тар. број 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани производи за терапевтска или профилактичка употреба, приготвени во одмерени дози или во форми или пакувања за продажба на мало. |
| | | - Лекови што содржат други антибиотици: |
| | 20 10 00 | - - Готови лекови за продажба на мало |
| | | - Лекови што содржат хормони или други производи од тар. број 2937, но не содржат антибиотици: |
| | | - - Лекови што содржат инсулин: |
| | 31 10 00 | - - - Готови лекови за продажба на мало |
| | | - - Лекови што содржат адренокортикални хормони: |
| | 32 10 00 | - - - Готови лекови за продажба на мало |
| | | - - Друго: |
| | 39 10 00 | - - - Готови лекови за продажба на мало |
| | | - Лекови што содржат алкалоиди или нивни деривати без содржина на хормони, други производи од тар. број 2937 или антибиотици: |
| | 40 10 00 | - - Готови лекови за продажба на мало |
| | | - Други лекови што содржат витамини или други производи од тар. број 2936: |
| | 50 10 00 | - - Готови лекови за продажба на мало |
| | | - Друго: |
| | | - - Готови лекови за продажба на мало: |
| | 90 11 00 | - - - Лекови што содржат јод или соединенија на јод |
| | 90 19 00 | - - - Друго |
| | | - - Друго: |
| | 90 91 00 | - - - Лекови што содржат јод или соединенија на јод |
| | 90 99 00 | - - - Друго |
| 3005 | | Вата, газа, завои и слични производи (на пример, приготвени завои, фластери, приготвени облоги), импрегнирани, премачкани или преслечени со фармацевтски материи или приготвени во малопродажни пакувања за медицински, хируршки, стоматолошки или ветеринарски цели. |
| 3205 | | Лак-бои; препарати предвидени со забелешката 3 кон оваа глава врз база на лак-бои. |
| 3208 | | Премачкувачки средства, бои и лакови, врз база на синтетички полимери или хемиски модификувани природни полимери, дисперзирани или растворени во неводен медиум; раствори дефинирани со забелешката 4 кон оваа глава. |
| 3209 | | Премачкувачки средства (бои и лакови) врз база на синтетички полимери или хемиски модификувани природни полимери, дисперзирани или растворени во воден медиум. |

| | | |
|---|---|---|
| 3210 | | Други премачкувачки средства (бои и лакови); приготвени водни пигменти што се употребуваат за површинска доработка на кожа. |
| 3401 | | Сапун; органски површински активни производи и препарати за употреба како сапун, во форма на стапчиња, колачиња, леани или обликувани парчиња, со додаток или без додаток на сапун; хартија, вата, филц и неткаени ткаенини, импрегнирани или премачкани со сапун или со детергент. |
| 3402 | | Органски површински активни средства (освен сапун); површински активни препарати, препарати за перење (вклучувајќи помошни препарати за перење) и препарати за чистење, со додаток или без додаток на сапун, освен оние од тар. број 3401: |
| | | - Препарати приготвени за продажба на мало: |
| | 20 10 00 | - - Површински активни препарати |
| | 20 90 00 | - - Препарати за перење и препарати за чистење |
| | | - Друго: |
| | 90 10 00 | - - Површински активни препарати |
| | 90 90 00 | - - Препарати за перење и препарати за чистење |
| 3904 | | Полимери на винилхлорид или на други халогенирани олефини, во примарни форми: |
| | 10 00 00 | - Поливинилхлорид, неизмешан со други материи |
| | | - Друг поливинилхлорид: |
| | 21 00 00 | - - Непластифицирани |
| | 22 00 00 | - - Пластифицирани |
| | 40 00 00 | - Други полимери на винилхлорид |
| | 50 00 00 | - Полимери на винилхлорид |
| | | - Флорополимери: |
| | 61 00 00 | - - Политетрафлуороетилен |
| | 69 00 00 | - - Друго |
| | 90 00 00 | - Друго |
| 3917 | | Цевки, црева и прибор за нив (на пр., спојници, колена прирабници), од пластични маси. |
| 3920 | | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали. |
| 3922 | | Кади, туш-кади, лавабоа, бидеа, клозетски шолји, седишта и капаци, казанчиња и слични санитарни производи, од пластични маси. |
| 4012 | | Протектирани или употребувани надворешни пневматски гуми; полни гуми и гуми со воздушни комори, менливи протектори (газечки слој) и штитници од гума: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Протектирани видови: |
| | 10 90 00 | - - Друго |
| | | - Употребувани пневматски надворешни гуми: |
| | 20 90 00 | - - Друго |
| | 90 00 00 | - Друго |
| 4202 | | Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актовки, школски чанти, футроли за очила, футроли за двогледи, футроли за фотоапарати, футроли за музички инструменти, футроли за пушки, футроли за пиштоли и слични контејнери; патни торби, тоалетни торби, ранци, женски чанти, торби за купување, портмонеа за банкноти, портмонеа за метални пари, футроли и корици за мапи или документи, табакери, кеси за тутун, торби за алат, спортски торби, торби за шишиња, кутии за накит, кутии за пудра, кутии за прибор за јадење и слични контејнери, од кожа или од вештачка кожа, од фолии од пластични маси, од текстилни материјали, од вулканфибер или од картон, или целосно или претежно прекриени со овие материјали или со хартија. |
| 4203 | | Облека и прибор за облека, од кожа или од вештачка (реконституирана) кожа. |
| 4205 | | Други производи од кожа или од вештачка кожа. |
| 4304 | | Вештачко крзно и производи од вештачко крзно. |
| 4418 | | Градежна столарија и други производи за градежништво од дрво, вклучувајќи и плочи со саќе, составени паркетни плочи, режана и цепена шиндра. |
| 4808 | | Хартија и картон, брановидни (со или без залепени рамни површински листови), наборани, крепирани, плисирани, релјефни или дупчени, во ролни или листови, освен хартијата објаснета во тар. број 4803: |
| | 10 00 00 | - Хартија и картон, брановидни, вклучувајќи и дупчени |
| | 30 00 00 | - Друга крафт-хартија, наборана, крепирана или плисирана, вклучувајќи и релјефна или дупчена |
| | 90 00 00 | - Друго |
| 4810 | | Хартија и картон, премачкани од едната или од обете страни со каолин или со други неоргански материи, со врзивно средство или без врзивно средство, а без друго премачкување, бојосани или небојосани по површината, украсени или неукрасени по површината, печатени или непечатени, во ролни или листови:<br>- Хартија и картон за пишување, печатење или за други графички цели, кои од вкупното количество влакна содржат до 10% влакна добиени со механичка постапка:<br>- Друга хартија и картон:<br>- - Мултиплај: |
| | 91 10 00 | - - - Со секој слој белен |

| | | |
|---|---|---|
| | 91 30 00 | - - - Само со еден надворешен белен слој |
| | 91 90 00 | - - - Друго |
| 4818 | | Тоалетна хартија и слична хартија, целулозна вата или листови и ленти од целулозни влакна, што се употребуваат во домаќинствата или за санитарни потреби, во ролни со ширина до 36 см, или сечени по големина или форма; шамивчиња, ливчиња за симнување на шминка, крпи, прекривки за маса, сервиети, пелени за бебиња, тампони, чаршафи за кревет и слични предмети за домаќинство, санитарна или болничка употреба, предмети за облекување и прибор за облекување, од хартиена маса, хартија, целулозна вата, од листови или ленти од целулозни влакна. |
| 4819 | | Кутии, вреќи и други контејнери за пакување од хартија, картони, целулозна вата или листови или ленти од целулозни влакна; картонажни производи од хартија или картон, регистратори и др. што се употребуваат во канцеларии, дуќани или слично: |
| | 10 00 00 | - Кутии од брановидна хартија или картон |
| | 30 00 00 | - Вреќи и кеси, со ширина на основата од 40 см или поголема |
| | 40 00 00 | - Други вреќи и кеси, вклучув |
| | 50 00 00 | - Други контејнери за пакување, вклучувајќи и обвивки за плочи |
| 2208 40 | -Рум и тафија (ракија од шеќерна трска): |
| | --Во амбалажа до 2 литри: |
| 2208 40 11 | ---Рум со содржина на испарливи материи освен етил и метил алкохол еднаква или поголема од 225 г/хектолитар на чист алкохол (со 10% толеранција) |
| | ---Друго: |
| 2208 40 31 | ----Со вредност над 7,9 евра по литар на чист алкохол |
| 2208 40 39 | ----Друго |
| | --Во амбалажа над 2 литри: |
| 2208 40 51 | ---Рум со содржина на испарливи материи освен етил и метил алкохол еднаква или поголема од 225 г/хектолитар на чист алкохол (со 10% толеранција) |
| | ---Друго: |
| 2208 40 91 | ----Со вредност над 2 евра по литар на чист алкохол |
| 2208 40 99 | ----Друго |
| 2208 90 | -----Друго |
| | --Неденатуриран етил алкохол со алкохолна јачина 80% зафатнина, во амбалажа: |
| 2208 90 91 | --- До 2 литри |
| 2208 90 99 | --- Над 2 литри |
| 2402 | Пури, цигарилоси и цигари, од тутун или од замени за тутун: |
| 2402 10 00 | -Пури и цигарилоси, што содржат тутун |
| 2402 20 | -Цигари што содржат тутун : |
| 2402 20 10 | --Што содржат каранфилче |
| 2402 20 90 | --Друго |
| 2402 90 00 | -Друго |
| 2403 | Други преработки од тутун и производи за замена на тутун; "хомогенизиран" или "реконституиран" тутун; екстракти и сокови од тутун: |
| 2403 10 | -Тутун за пушење со додаток или без додаток на замена за тутун во кој и да било сооднос: |
| 2403 10 10 | --Во пакување до 500 грама |
| 2403 10 90 | --Друг |
| | -Друго: |
| 2403 91 00 | --"Хомогенизиран" или "реконструиран" тутун |
| 2403 99 | --Друго: |
| 2403 99 10 | ---Тутун за џвакање и тутун за шмркање |
| 2403 99 90 | ---Друго |
| 2905 | Ациклични алкохоли и нивни халогени сулфо, нитро или нитрозо деривати: |
| | -Други полихидроксилни алкохоли: |
| 2905 43 00 | --Манитол |
| 2905 44 | --Сорбитол: |
| | ---Во воден раствор: |
| 2905 44 11 | ----Со содржина до 2% по маса на Д-манитол, пресметан на содржина на Д-глицитол |
| 2905 44 19 | ----Друго |
| | ---Друго: |
| 2905 44 91 | ----Со содржина до 2% по маса на Д-манитол, пресметан на содржина на Д-глицитол |
| 2905 44 99 | ----Друго |
| 2905 45 00 | --Глицерол |
| 3301 | Етерични масла (без терпени или со терпени), вклучувајќи тнр. "concretes" и чисти масла; резиноиди; екстрахирани олеосмоли; концентрати на етерични масла во масти, неетерски масла, восоци или слично, добиени со постапка на екстракција на етерични масла со помош на маст или со мацерација; споредни терпенски производи добиени со |

| | |
|---|---|
| 3301 90<br>3301 90 21 | детерпенација на етерични масла; водни дестилати и водни раствори на етерични масла:<br>-Друго:<br>---Од сладок корен и хмељ |
| 3302<br><br><br><br>3302 10<br><br><br>3302 10 10<br><br>3302 10 21<br><br><br>3302 10 29 | Мешаници на миризливи материи и мешаници (вклучувајќи и алкохолни раствори) врз база на една или повеќе од тие материи, што се употребуваат како суровини во индустријата; други препарати врз база на миризливи материи, од вид што се употребуваат при производство на пијалоци:<br>-За употреба во индустријата на храна и пијалаци:<br>--За употреба во индустријата на пијалаци:<br>---Препарати кои ги содржат сите миризливи средства кои го карактеризираат пијалокот:<br>----Со акохолна јачина над 0,5% по зафатнина<br>----Друго:<br>-----Без содржина на млечни маснотии, сахароза, изоглкоза, гликоза или скроб, или што содржат по маса, до 1,5% млечна маснотија, 5% сахароза или изогликоза, 5% гликоза или скроб<br>-----Друго |
| 3501<br>3501 10<br>3501 10 50<br>3501 10 90<br>3501 90<br>3501 90 90 | Казеин, казинати и други деривати на казеинот; лепила од казеин:<br>-Казеин:<br>--За индустриски потреби, освен за производство на храна или сточна храна<br>--Друго<br>-Друго:<br>--Друго |
| 3505<br><br><br>3505 10<br>3505 10 10<br><br>3505 10 90<br>3505 20<br>3505 20 10<br>3505 20 30<br><br>3505 20 50<br><br>3505 20 90 | Декстрини и други модификувани скробови (на пр, прежелатинизирани или естерифкувани скробови); лепила врз база на скробови, или врз база на декстрини или други модификувани скробови:<br>-Декстрини и други модификувани скробови:<br>--Декстрин<br>--Други модификувани скробови:<br>---Друго<br>-Лепила:<br>--Со содржина до 25% по маса на скроб или декстрини или друг модификуван скроб<br>--Со содржина од 25% до 55% по маса на скроб или декстрини или друг модификуван скроб<br>--Со содржина од 55% до 80% по маса на скроб или декстрини или друг модификуван скроб<br>--Со содржина 80% или повеќе по маса на скроб или декстрини или друг модификуван скроб |
| 3809<br><br><br><br>3809 10<br>3809 10 10<br>3809 10 30<br>3809 10 50<br>3809 10 90 | Средства за доработка, носачи на бои кои служат за забрзување на бојосувањето или за фиксирање на материите за бојосување и други производи и препарати (на пр, средства за апертура и нагризување), што се употребуваат во индустријата на текстил, хартија, кожа или во слични индустрии, на друго место неспомнати ниту опфатени:<br>-Врз база на скробни материи:<br>--Со содржина по маса на такви материи до 55%<br>--Со содржина по маса на такви материи од 55% до 70%<br>--Со содржина по маса на такви материи од 70% до 83%<br>--Со содржина по маса на такви материи од 83% или повеќе |
| 3823<br><br><br><br>3823 11 00<br>3823 12 00<br>3823 13 00<br>3823 19<br>3823 19 10<br>3823 19 30<br>3823 19 90<br>3823 70 00 | Индустриски монокарбоксилни масни киселини; киселински масла добиени од рафинирање; индустриски масни алкохоли:<br>-Индустриски монокарбоксилни масни киселини; киселински масла добиени од рафинирање:<br>--Стеаринска киселина<br>--Олеинска киселина<br>--Масни киселини на тал масло<br>--Друго :<br>---Дестилирани масни киселини<br>---Дестилат на масна киселина<br>---Друго<br>-Индустриски масни алкохоли |
| 3824<br><br><br><br><br>3824 60 | Подготвени врзивни средства за леарски калапи или леарски јадра; хемиски производи и препарати на хемиската индустрија или на сродни индустрии (вклучувајќи ги и оние што се состојат од мешаници на природни производи), на друго место неспомнати или опфатени; остаточни производи на хемиската индустрија или на сродни индустрии, на друго место неспомнати или опфатени:<br>-Сорбитол, освен сорбитол од тар. подброј 2905 44 |
| <br>3824 60 11<br>3824 60 19<br><br>3824 60 91<br>3824 60 99 | --Во воден раствор:<br>---Со содржина до 2% по маса на Д-манитол, пресметан на содржина на Д-глицитол<br>---Друго<br>--Друго:<br>---Со содржина до 2% по маса на Д-манитол, пресметан на содржина на Д-глицитол<br>---Друго |

# АНЕКС II

**Давачки кои се применуваат на стоки со потекло од Заедницата при увозот во Република Македонија**

| Тарифен код | Опис | Стапка (%) 2001 | 2002 | 2003 и потоа |
|---|---|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) | (4) | (5) |
| 0501 00 00 | Човечка коса, сурова, испрана или неиспрана, одмастена или неодмастена; отпадоци од човечка коса | 0 | 0 | 0 |
| 0502 | Четини од питоми или диви свињи; влакна од јазовци и други влакна за изработка на четки; отпадоци од тие четини или влакна: | 0 | 0 | 0 |
| 0503 00 00 | Коњски влакна и отпадоци од коњски влакна, подготвени во слоеви или не, со подлога или без подлога | 0 | 0 | 0 |
| 0505 | Кожи и други делови од птици, со нивното перје и пердув, перје и делови од перје (со потсечени или непотсечени рабови) и пердув, понатаму необработувани, освен со чистење, дезинфицирање или третирање заради конзервирање; прав и отпадоци од перје или делови од перје: | 0 | 0 | 0 |
| 0506 | Коски и срцевина од рогови, сурови, одмастени, просто подготвени (но неисечени во форми), третирани со киселина или дежелатинирани; прав и отпадоци од овие производи: | 0 | 0 | 0 |
| 0507 | Слонова коска, желковина, коска од кит, влакна од китова коска, рогови, еленски рогови, копита, нокти, канџи и клунови, сурови или просто приготвени, но неисечени во форми; прав и отпадоци од овие производи: | 0 | 0 | 0 |
| 0508 00 00 | Корали и слични материјали, сурови или просто приготвени но поинаку необработени; черупки на мекотелци, черупкари или трнокожци, коски на сипа, сурови или просто приготвени но неисечени во форми; прав и отпадоци од овие производи | 0 | 0 | 0 |
| 0509 00 | Природни сунѓери од животинско потекло: | 0 | 0 | 0 |
| 0510 00 00 | Сива амбра, кастореум, цибет и мошус; кантариди; жолчки, сушени или несушени; жлезди и други животински материи, свежи, разладени или замрзнати или поинаку привремено конзервирани, што се употребуваат во производството на фармацевтски производи | 0 | 0 | 0 |
| 1212 | Рокчиња, морски и други алги, шеќерна репка и шеќерна трска, свежи, разладени, замрзнати или суви, вклучувајќи и мелени; голушки и јатки од овошје и други растителни производи (вклучувајќи корен од цикорија, непржен, од видот Cichorium intybus sativum), вид што првенствено се употребува за човечка исхрана, на друго место неспомнати ниту вклучени: | | | |
| 1212 20 00 | -Морски алги и други алги | 0 | 0 | 0 |
| 1302 | Растителни сокови и екстракти; пектински материи, пектинати и пектати; агар-агар и други слузи и средства за згуснување, добиени од растителни производи, модификувани или немодификувани: | | | |
| | -Растителни сокови и екстракти: | | | |
| 1302 12 00 | --Од сладок корен | 0 | 0 | 0 |
| 1302 13 00 | --Од хмељ | 0 | 0 | 0 |
| 1302 14 00 | --Од див пелин или од растителни корења што содржат ротенон | 0 | 0 | 0 |
| 1302 19 | --Друго: | | | |
| 1302 19 30 | ---Меѓумешаници од растителни екстракти, за производство на пијалоци или производи за исхрана | 0 | 0 | 0 |
| | ---Друго: | | | |
| 1302 19 91 | ----Медицински | 0 | 0 | 0 |
| 1302 20 | -Пектински материи, пектинати и пектати: | 0 | 0 | 0 |
| | -Слузи и средства за згуснување, добиени од растителни производи, модификувани или немодификувани: | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1302 31 00<br>1302 32<br><br><br>1302 32 10 | --Агар-агар<br>--Слузи и средства за згуснување екстрахирани од рокчиња, семе од рокчиња или семе од гиар, модификувани или немодификувани:<br>---Од рокчиња или од семе од рокчиња | 0<br><br><br><br>0 | 0<br><br><br><br>0 | 0<br><br><br><br>0 |
| 1401 | Растителни материјали што првенствено се употребуваат за плетарство (на пр: бамбус, шпанска трска, трска, рогоз, врбови прачки, рафија, слама од жита исчистена, белена или бојосана и кора од липа): | 0 | 0 | 0 |
| 1402 | Растителни материјали што првенствено се употребуваат како материјал за полнење или тапацирање (на пр: капок, растителни влакна, морска трева), вклучувајќи ги и оние што се приготвени во форма на слоеви со подлога или без подлога од други материјали: | 0 | 0 | 0 |
| 1403 | Растителни материјали што првенствено се употребуваат за производство на метли или четки (на пр, сорго, пиасава, пиревина), дури и во форма на врзопи или снопови: | 0 | 0 | 0 |
| 1404<br><br>1404 10 00<br><br>1404 90 00 | Растителни производи неспомнати ниту опфатени на друго место:<br>-Сурови растителни материјали што првенствено се употребуваат за бојосување или штавење<br>-Друго | 0 | 0 | 0 |
| 1505 | Маснотии од волна и масни материи добиени од тие маснотии (вклучувајќи ланолин): | 0 | 0 | 0 |
| 1506 00 00 | Други масти и масла од животинско потекло и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани | 0 | 0 | 0 |
| 1515<br><br><br>1515 60 00 | Други растителни масти и масла, неиспарливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани:<br>-Масло од јојоба и негови фракции | <br><br><br>0 | <br><br><br>0 | <br><br><br>0 |
| 1516<br><br><br><br><br>1516 10<br>1516 20<br>1516 20 10 | Масти и масла од животинско или растително потекло и нивни фракции, делумно или наполно хидрогенизирани, интерестерификувани, реестерификувани или елеидинизирани, пречистени или непречистени , но понатаму неприготвени:<br>-Животински масти и масла и нивни фракции:<br>-Растителни масти и масла и нивни фракции:<br>--Хидрогенизирано рицинусново масло, тнр."опал-восок" | <br><br><br><br><br><br><br>0 | <br><br><br><br><br><br><br>0 | <br><br><br><br><br><br><br>0 |
| 1518 00 | Животински или растителни масти и масла и нивни фракции, варени, оксидирани, дехидрирани, сулфурирани, дувани, полимеризирани со загревање во вакум или во инертен гас или поинаку хемиски модификувани, исклучувајќи ги оние од тар. број 1516; мешаници и препарати од животински и растителни масти и масла или од фракции на различни масти или масла од оваа глава, непогодни за јадење, на друго место неспомнати ниту опфатени: | 0 | 0 | 0 |
| 1520 00 00 | Глицерин, суров; глицерински води и глицерински бази | 0 | 0 | 0 |
| 1521 | Растителни восоци (освен триглицериди), восок од пчели, восоци од други инсекти и спермацети, пречистени или непречистени, бојосани или небојосани: | 0 | 0 | 0 |
| 1522 00<br><br>1522 00 10 | Дегра; остатоци добиени при преработка на масни материи или восоци од животинско или растително потекло:<br>-Дегра | <br><br>0 | <br><br>0 | <br><br>0 |
| 1702<br><br><br><br><br>1702 50 00 | Други шеќери, вклучувајќи хемиски чиста лактоза, малтоза, гликоза и фруктоза, во цврста состојба; шеќерни сирупи без додатни средства за ароматизација или материи за бојосување; вештачки мед и мешаница на вештачки и природен мед; карамел:<br>-Хемиски чиста фруктоза | <br><br><br><br><br>0 | <br><br><br><br><br>0 | <br><br><br><br><br>0 |
| 1704<br><br>1704 10<br><br>1704 90 | Производи од шеќер (вклучувајќи бела чоколада), без какао:<br>-Гуми за џвакање, вклучувајќи ги и оние превлечени со шеќер:<br>-Друго: | <br><br>80% од MFN<br><br>80% од | <br><br>65% од MFN<br><br>65% од | <br><br>50% од MFN<br><br>50% од |

| | | MFN | MFN | MFN |
|---|---|---|---|---|
| 1803 | Какао маса, одмастена или неодмастена: | 0 | 0 | 0 |
| 1804 00 00 | Путер, маснотии и масло од какао | 0 | 0 | 0 |
| 1806 | Чоколада и други прехранбени производи што содржат какао: | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 1901 | Екстракт на слад; прехранбени производи од брашно, гриз, скроб или екстракт на слад, без додаток на какао или со содржина помалку од 40% по маса на какао пресметано на потполно одмастена основа, на друго место неспоменати ниту опфатени; прехранбени производи од стоки од тар. број 0401 до 0404, без додаток на какао или со содржина помалку од 5% по маса на какао пресметано на потполно одмастена основа, на друго место неспомнати ниту опфатени: | | | |
| 1901 10 00 | -Производи за исхрана на деца, во пакување за продажба на мало | 0 | 0 | 0 |
| 1902 | Теста, варени или неварени или полнети (со месо или со други материи) или поинаку приготвени, како што се шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони; кускус, приготвен или неприготвен: | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 1903 00 00 | Тапиока и замени за тапиока, приготвени од скроб, во форма на лушпички, зрнца, монистра или слични форми | 0 | 0 | 0 |
| 1905 | Леб, печива, колачи, бисквити и други пекарски производи, со додаток на какао или без додаток на какао; нафора, капсули за фармацевтска употреба, обланди, оризова хартија и слични производи: | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 2105 00 | Сладолед и друг јастив мраз, со додаток или без додаток на какао: | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 2106 | Прехранбени производи на друго место неспомнати или опфатени: | | | |
| 2106 10 | -Концентрати на белтачини и текстуирани белтачинести материи: | 0 | 0 | 0 |
| 2106 90 | -Друго: | | | |
| 2106 90 10 | --Cheese fondues | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 2106 90 20 | --Сложените алкохолни препарати, освен оние врз база на мирисливи материи, од вид којшто се користи за производство на пијалаци | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| | --Друго: | | | |
| 2106 90 92 | ---Без млечни маснотии, сахароза, изогликоза, гликоза или скроб или кои содржат помалку од 1,5% млечна маснотија, 5% сахароза или изогликоза, 5% гликоза или скроб | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 2106 90 98 | ---Друго: | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 2201 | Вода, вклучувајќи природна или вештачка минерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или на други средства за засладување или ароматизација; мраз и снег: | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 2202 | Вода, вклучувајќи минерална вода и газирана вода, со додаток на шеќер или други средства за засладување или ароматизација, и други безалкохолни пијалаци, освен сокови од овошје и зеленчук што се распоредуваат во тар. број 2009: | 80% од MFN | 65% од MFN | 50% од MFN |
| 2203 00 | Пиво добиено од слад: | 90% од MFN | 80% од MFN | 70% од MFN |
| 2402 | Пури, цигарилоси и цигари, од тутун или од замени за тутун: | 90% од MFN | 80% од MFN | 70% од MFN |
| 2905 | Ациклични алкохоли и нивни халогени сулфо, нитро или нитрозо деривати: | | | |
| | -Други полихидроксилни алкохоли: | | | |
| 2905 43 00 | --Манитол | 0 | 0 | 0 |
| 2905 44 | --Сорбитол: | 0 | 0 | 0 |
| 2905 45 00 | --Глицерин | 0 | 0 | 0 |
| 3301 | Етерични масла (без терпени или со терпени), вклучувајќи тнр. "concretes" и чисти масла; резиноиди; екстрахирани олеосмоли; концентрати на етерични масла во масти, неетерски масла, восоци или слично, добиени со постапка | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на екстракција на етерични масла со помош на маст или со мацерација; споредни терпенски производи добиени со детерпенација на етерични масла; водни дестилати и водни раствори на етерични масла: | | | |
| 3301 90 | -Друго: | | | |
| 3301 90 21 | ---Екстрахирани олеосмоли од сладок корен и хмељ | 0 | 0 | 0 |
| 3301 90 29 | ---Екстрахирани олеосмоли од од пиретрум или од корења на растенија кои содржат ротенон; мешавини на растителни екстракти, за подготовка на пијалоци или храна | 0 | 0 | 0 |
| | ---Друго | | | |
| 3301 90 31 | ----Медицински | 0 | 0 | 0 |
| 3302 | Мешаници на миризливи материи и мешаници (вклучувајќи и алкохолни раствори) врз база на една или повеќе од тие материи, што се употребуваат како суровини во индустријата; други препарати врз база на миризливи материи, од вид што се употребуваат при производство на пијалоци: | | | |
| 3302 10 | -За употреба во индустријата на храна и пијалаци: | | | |
| | --За употреба во индустријата на пијалаци: | | | |
| | ---Препарати кои ги содржат сите миризливи средства кои го карактеризираат пијалокот: | | | |
| 3302 10 10 | ----Со акохолна јачина над 0,5% по зафатнина | 0 | 0 | 0 |
| | ----Друго: | | | |
| 3302 10 21 | -----Без содржина на млечни маснотии, сахароза, изоглкоза, гликоза или скроб, или што содржат по маса, до 1,5% млечна маснотија, 5% сахароза или изогликоза, 5% гликоза или скроб | 0 | 0 | 0 |
| 3302 10 29 | -----Друго | 0 | 0 | 0 |
| 3501 | Казеин, казинати и други деривати на казеинот; лепила од казеин: | | | |
| 3501 10 | -Казеин: | 0 | 0 | 0 |
| 3501 90 | --Друго: | | | |
| 3501 90 90 | --Друго | 0 | 0 | 0 |
| 3505 | Декстрини и други модификувани скробови (на пр, прежелатинизирани или естерификувани скробови); лепила врз база на скробови, или врз база на декстрини или други модификувани скробови: | | | |
| 3505 10 | -Декстрини и други модификувани скробови: | | | |
| 3505 10 10 | --Декстрин | 0 | 0 | 0 |
| | --Други модификувани скробови: | | | |
| 3505 10 90 | ---Друго | 0 | 0 | 0 |
| 3505 20 | -Лепила: | 0 | 0 | 0 |
| 3809 | Средства за доработка, носачи на бои кои служат за забрзување на бојосувањето или за фиксирање на материите за бојосување и други производи и препарати (на пр, средства за апаратура и нагризување), што се употребуваат во индустријата на текстил, хартија, кожа или во слични индустрии, на друго место неспомнати ниту опфатени: | | | |
| 3809 10 | -Врз база на скробни материи: | 0 | 0 | 0 |
| 3823 | Индустриски монокарбоксилни масни киселини; киселински масла добиени од рафинирање; индустриски масни алкохоли: | 0 | 0 | 0 |
| 3824 | Подготвени врзивни средства за леарски калапи или леарски јадра; хемиски производи и препарати на хемиската индустрија или на сродни индустрии (вклучувајќи ги и оние што се состојат од мешаници на природни производи), на друго место неспомнати или опфатени; остаточни производи на хемиската индустрија или на сродни индустрии, на друго место неспомнати или опфатени: | | | |
| 3824 60 | -Сорбитол, освен сорбитол од тар. подброј 2905 44 | 0 | 0 | 0 |

[1]Како што е дефинирано во Законот за царинска тарифа на Република Македонија од 31 јули 1996 година (Службен весник 38/96)

# ПРОТОКОЛ 4

## Дефиниција на поимот "производи со потекло" и методите на управна соработка

**(објаснети во член 42)**

СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| **ГЛАВА 1** | ОПШТИ ОДРЕДБИ |
| - Член 1 | Дефиниции |
| **ГЛАВА 2** | ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМОТ "ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО" |
| - Член 2 | Општи услови |
| - Член 3 | Кумулирање во Европската заедница |
| - Член 4 | Кумулирање во Република Македонија |
| - Член 5 | Целосно добиени производи |
| - Член 6 | Доволно обработени или преработени производи |
| - Член 7 | Недоволен степен на обработка или преработка |
| - Член 8 | Единица за квалификација |
| - Член 9 | Прибор, резервни делови и алати |
| - Член 10 | Сетови |
| - Член 11 | Неутрални елементи |
| **ГЛАВА 3** | ТЕРИТОРИЈАЛНИ УСЛОВИ |
| - Член 12 | Принцип на територијалност |
| - Член 13 | Директен транспорт |
| - Член 14 | Изложби |
| **ГЛАВА 4** | ПОВРАТ ИЛИ ОСЛОБОДУВАЊЕ |
| - Член 15 | Забрана на враќање или ослободување од царини |
| **ГЛАВА 5** | ДОКАЗ ЗА ПОТЕКЛО |
| - Член 16 | Општи услови |
| - Член 17 | Постапка за издавање на уверението за движење ЕУР1 |
| - Член 18 | Дополнително издадени уверенија за движење ЕУР1 |
| - Член 19 | Издавање на дупликат на уверението за движење ЕУР1 |
| - Член 20 | Издавање на уверенија за движење ЕУР.1 врз основа на претходно издадениот или изготвен доказ за потекло |

- Член 21 Услови за изготвување на изјава во фактура
- Член 22 Одобрен извозник
- Член 23 Времетраење на доказот за потекло
- Член 24 Поднесување на доказот за потекло
- Член 25 Сукцесивен увоз
- Член 26 Исклучоци во однос на доказот за потекло
- Член 27 Придружни документи
- Член 28 Чување на доказот за потекло и придружни документи
- Член 29 Несовпаѓања и формални грешки
- Член 30 Износи изразени во ЕВРА

**ГЛАВА 6** МЕТОДИ НА УПРАВНА СОРАБОТКА
- Член 31 Заемна помош
- Член 32 Верификација на доказот за потекло
- Член 33 Решавање на спорови
- Член 34 Казни
- Член 35 Слободни зони

**ГЛАВА 7** **ЦЕУТА И МЕЛИЛА**
- Член 36 Примена на Протоколот
- Член 37 Посебни услови

**ГЛАВА 8** КРАЈНИ ОДРЕДБИ
- Член 38 Амандами на Протоколот

## ГЛАВА I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Член 1*

**Дефиниции**

За целите на овој Протокол:

(а) "производство" значи каков било вид обработка или преработка, вклучувајќи и составување или специфични операции;

(б) "материјал" значи која било состојка, суровина, компонета или дел, итн., користена во производството на производот;

(ц) "производ" значи производ што се произведува, дури и ако е наменет за подоцнежна употреба во друга производствена операција;

(д) "стока" значи и материјали и производи;

(е) "царинска вредност" значи вредност определена во согласност со Договорот од 1994 година за примена на член VII од Општата спогодба за царини и трговија (СТО Договор за царинско вреднување);

(ф) "цена франко фабрика" значи цена платена за производ на производувач од Заедницата или од Република Македонија кој ја извршува последната обработка или преработка, под услов во цената да е вклучена вредноста на сите користени материјали, без внатрешните давачки што се, или што можат да бидат вратени кога добиениот производ е извезен;

(г) "вредност на материјали" значи царинска вредност во времето на увозот на употребените материјали без потекло, или, ако таа не е позната или не може да се утврди, првата цена платена за материјали во Заедницата или во Република Македонија која може да се утврди;

(х) "вредност на материјали со потекло" значи вредност на таквите материјали дефинирана во точката (г) применета mutatis mutandis;

(и) "глави" и "тарифни броеви" ги означуваат главите и тарифните броеви (четирицифрени шифри), употребени во номенклатурата која го сочинува Хармонизираниот систем на именување и шифрени ознаки, означен во понатамошниот текст на овој Протокол како "Хармонизиран систем" или "ХС";

(к) "распореден" се однесува на распоредувањето на производ или материјал во одреден тарифен број;

(л) "пратка" подразбира производи кои се пратени истовремено од еден извозник до еден примач или кои се опфатени со еден транспортен документ кој ја опфаќа нивната испорака од извозникот до примачот или, ако нема таков документ, со една фактура;

(m) "територии" ги вклучува и територијалните води.

## ГЛАВА II

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМОТ "ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО"

*Член 2*

**Општи услови**

1. Заради примена на овој Договор, следниве производи ќе се сметаат дека потекнуваат од Заедницата:

(а) целосно добиени производи во Заедницата во рамките на значењето на член 5 од овој Протокол;

(б) производи добиени во Заедницата кои вклучуваат материјали кои не се целосно добиени таму, под услов овие материјали да биле доволно обработени или преработени во Заедницата во рамките на значењето на член 6 од овој Протокол;

2. Заради примената на овој Договор, следниве производи ќе се сметаат дека потекнуваат од Република Македонија:

(а) целосно добиени производи во Република Македонија во рамките на значењето на член 5 од овој Протокол;

(б) производи добиени во Република Македонија кои вклучуваат материјали кои не се целосно добиени таму, под услов овие материјали да биле доволно обработени или преработени во Република Македонија во рамките на значењето на член 6 од овој Протокол;

*Член 3*

**Билатерална кумулација во Европската заедница**

Материјалите кои потекнуваат од Република Македонија ќе се сметаат за материјали кои потекнуваат од Заедницата кога тие ќе бидат вклучени во производ добиен оттаму. За овие материјали нема да биде потребно да бидат доволно обработени или преработени, под услов тие да биле обработени или преработени во поголема мера од онаа на која се однесува член 6(1).

*Член 4*

**Билатерална кумулација во Република Македонија**

Материјалите кои потекнуваат од Заедницата ќе се сметаат за материјали кои потекнуваат од Република Македонија кога тие ќе бидат вклучени во производ добиен оттаму. За овие материјали нема да биде потребно да бидат доволно обработени или преработени, под услов тие да биле обработени или преработени во поголема мера од онаа на која се однесува член 6(1).

*Член 5*

**Целосно добиени производи**

1. Следниве производи ќе се сметаат за целосно добиени во Заедницата или во Република Македонија:

(а) минерални производи извлечени од нивната почва или од нивното морско дно;

(б) растителни производи набрани или ожнеани таму;

(ц) живи животни накотени и одгледувани таму;

(д) производи од живи животни одгледувани таму;

(е) производи добиени од тамошен лов или риболов;

(ф) производи од морски риболов и други производи извадени од морето, надвор од територијалните води на Заедницата или на Република Македонија, со нивни пловила;

(г) производи изработени на бродовите-фабрики исклучително од производи споменати во ставот (ф);

(х) таму собрани користени предмети, погодни само за рециклирање на суровини, вклучувајќи и користени гуми што можат да се употребат само за протектирање или како отпаден материјал;

(и) отпаден материјал и остатоци од производните операции извршени во таа држава;

(ј) производи извлечени од морското дно или од подземјето надвор од нивните територијални води, под услов тие да имаат ексклузивно право да го обработуваат тоа дно или подземје;

(к) стоки произведени таму исклучително од производите специфицирани во ставовите од (а) до (ј).

2. Термините "нивните пловила" и "нивните бродови-фабрики" споменати во точките 1(ф) и (г) се применуваат само за пловилата и бродовите-фабрики:

(а) кои се регистрирани или пријавени во земја членка на ЕЗ или во Република Македонија;

(б) кои пловат под знамето на земја членка на ЕЗ или во Република Македонија;

(ц) од кои барем 50 проценти се во сопственост на државјани на земја членка на ЕЗ или на Република Македонија, или на компанија со седиште во една од овие држави во која директорот или директорите, претседателот на управниот одбор или на надзорниот одбор, како и мнозинството членови на тие одбори, се државјани на земја членка на ЕЗ или на Република Македонија, и во кои во случај на друштва со неограничена одговорност, друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва, најмалку половината од капиталот им припаѓа на државата Договорна страна или на јавни тела или на државјани на таа Договорна страна;

(д) чиј капетан и офицери се државјани на земја членка на ЕЗ или на Република Македонија; и

(е) кај кои најмалку 75 проценти од посадата се државјани на земја членка на ЕЗ или на Република Македонија.

### *Член 6*

### Доволно обработени или преработени производи

1. За целите на член 2, производите што не се целосно добиени се сметаат за доволно обработени или преработени кога се исполнети условите наведени на списокот во Анекс II.

   За сите производи опфатени со овој Договор горе споменатите услови укажуваат на степенот на обработка или преработка што мора да е извршена врз материјалите без потекло користени во производството и кои се однесуваат само на таквите материјали. Согласно со тоа, произлегува дека до колку производот што се здобил со статус на производ со потекло преку исполнување на условите наведени во списокот, се користи за производство на друг производ, условите не се однесуваат на производот во кој тој е внесен и нема да се земат предвид материјалите без потекло кои можеле да бидат користени за негово производство.

2. Без оглед на ставот 1, материјалите без потекло, кои според условите наведени во списокот не треба да се користат во производството на определениот производ, сепак можат да бидат користени под услов:

   (а) нивната вкупна вредност да не надминува 10 проценти од цената на производот франко фабрика;

   (б) со примена на овој став, да не е надминат кој било од процентите дадени во списокот како максимална вредност на материјали без потекло.

   Овој став нема да се применува на производите опфатени со Главите 50 до 63 од Хармонизираниот систем.

3. Ставовите 1 и 2 ќе се применуваат, освен во случаите наведени во член 7.

*Член 7*

## Недоволен степен на обработка или преработка

1. Без прејудицирање на ставот 2 и без оглед на тоа дали се исполнети условите од член 6, следниве операции ќе се сметаат како недоволна обработка или преработка за да се добие статус на производ со потекло:
   (а) операции за обезбедување заштита на производите во текот на транспортот и складиштењето;
   (б) отворање и собирање на амбалажи;
   (ц) перење, чистење, бришење на прашина, оксидирање, премачкување, фарбање и друга заштита;
   (д) пеглање или притискање на текстили;
   (е) фарбање и полирање;
   (ф) отстранување на лушпи, делумно или целосно избледување, прочистување и ставање глазури на житарки и ориз;
   (г) боење на шеќер или формирање на шеќерни коцки;
   (х) лупење, отстранување на кори на овошје, ореви и зеленчук;
   (и) острење, едноставно мелење или едноставно сечење;
   (ј) просејување, сортирање, класифицирање, спојување, споредување (вклучувајќи и спојување во сетови);
   (к) едноставно полнење во шишиња, конзерви, мали шишиња, ставање во кеси, сандаци, кутии, прицврстување на картони или плочи, и сите други едноставни операции на пакување;
   (л) ставање или печатење на знаци, ознаки и други слични знаци за распознавање на производите или нивната амбалажа;
   (м) едноставно мешање на производи, беа оглед на тоа дали се или не се од различни видови;
   (н) едноставно составување на делови на производи за да се добие комплетен производ или разделување на производите на делови;
   (о) комбинација на две или повеќе операции опишани во точките од (а) до (н);
   (п) колење на животни.

2 Сите операции извршени на одреден производ било во земја членка на ЕЗ или во Република Македонија, ќе бидат разгледани заедно при одредувањето дали обработката или преработката на тој производ ќе се смета за недоволна во смисла на ставот 1.

*Член 8*

## Единица за припадност

1. Единица за припадност при примената на одредбите на овој Протокол ќе биде одреден производ што се смета за основна единица за распоредување со користење на номенклатурата на Хармонизираниот систем.

   Во согласност со тоа произлегува дека:
   (а) кога производот што се состои од група или составени делови, се распоредува според правилата на Хармонизираниот систем во еден тарифен број, целината ќе претставува единица за припадност;
   (б) кога пратката се состои од определен број на идентични производи распоредени во ист тарифен број на Хармонизираниот систем, секој производ мора посебно да биде разгледуван при примената на одредбите од овој Протокол.

2. Во случај кога, според основното правило 5 на Хармонизираниот систем, амбалажата се распоредува заедно со производот, таа ќе биде вклучена при одредување на потеклото.

*Член 9*

**Прибор, резервни делови и алати**

Приборите, резервните делови и алатите испратени заедно со дел од опрема, машина, апарат или возило, што се дел од вообичаената опрема и се вклучени во цената или кои не се посебно фактурирани, ќе се сметаат како составен дел од таа опрема, машина, апарат или возило.

*Член 10*

**Сетови**

Сетовите дефинирани со основното правило 3 на Хармонизираниот систем, ќе се сметаат за производи со потекло, кога сите составни производи се со потекло. Меѓутоа, кога сетот се состои од производи со и без потекло, сетот како целина се смета со потекло, под услов вредноста на производите без потекло да не надминува 15 проценти од цената франко фабрика на целиот сет.

*Член 11*

**Неутрални елементи**

Со цел да се одреди дали производот е со потекло не е неопходно да се одреди потеклото на следниве елементи што можат да се користат во приоизводството:

(а) енергија и гориво;

(б) постројки и опрема;

(ц) машини и алати;

(д) стоки што не влегуваат и кои не се наменети да влезат во финалниот состав на производот.

**ГЛАВА III**

**ТЕРИТОРИЈАЛНИ УСЛОВИ**

*Член 12*

**Принцип на територијалност**

1. Условите за добивање на статусот производ со потекло одредени во Глава 2, во земјата членка на ЕЗ или во Република Македонија мораат да бидат исполнувани без прекин.
2. До колку извезената стока со потекло од земјата членка на Заедницата или од Република Македонија во некоја трета држава е вратена, таа мора да се смета за стока без потекло, до колку на царинските органи не може да им се докаже дека:
   (а) вратената стока е иста со стоката што била извезена; и дека
   (б) таа не била предмет на каква и да е операција, освен оние кои се неопходни за да се сочува во добра состојба додека била во таа држава или додека била извезувана.

*Член 13*

**Директен транспорт**

1. Преференцијалниот третман што го обезбедува Договорот се применува само на производите што ги задоволуваат условите поставени со овој Протокол и кои директно се транспортираат меѓу Заедницата и Република Македонија. Меѓутоа, производите што сочинуваат една пратка можат да бидат транспортирани преку други подрачја, и до колку постои таква потреба, тие можат да бидат претоварени или привремено ускладиштени на тие подрачја под услов да останат под надзор на царинските органи во државата на транзитот или складиштењето и да не бидат предмет на операции, освен растовар, претовар или која било друга операција наменета за нивно зачувување во добра состојба.

   Производите со потекло можат да се транспортираат со цевовод преку други територии кои не се територии на Заедницата или на Република Македонија.

2. Доказ за исполнување на условите дадени во став 1 ќе им биде доставен на царинските органи на државата увозник, со поднесување на:

   (а) единствен транспортен документ со кој е опфатен преминот од државата извозник преку државата на транзитот; или

   (б) уверение издадено од страна на царинските органи на државата на транзитот:

   (i) во кое се дава точен опис на производите;

   (ii) во кое се наведуваат датумите на растовар и претовар на производите и, кога тоа е потребно, имињата на бродовите или другите користени транспортни средства; и

   (iii) во кое се потврдуваат условите под кои производите останале во државата на транзитот; или

   (ц) какви било доказни документи, доколку горенаведеното не се обезбеди.

*Член 14*

**Изложби**

1. На производите со потекло испратени на изложба надвор од Заедницата или од Република Македонија и продадени по изложбата за увоз во земјата членка на ЕФТА или во Македонија ќе се примени овој Договор до колку на царинските органи им се докаже дека:

   (а) извозникот ги испратил овие производи од Заедницата или од Република Македонија во држава во која се одржува изложбата и дека таму биле изложени;

   (б) извозникот ги продал или на некој друг начин ги пренел производите на лице од Заедницата или од Република Македонија;

   (ц) во текот на изложбата или веднаш по неа производите се испратени такви како што биле пратени на изложба; и

   (д) откако биле испратени на изложбата, производите не се користени за други цели освен како експонати на изложбата.

2. Доказот за потеклото мора да биде издаден или изготвен во согласност со одредбите од Глава 5 и поднесен на царинските органи на државата увозник на вообичаениот начин. Тој мора да ги содржи името и адресата на изложбата. Ако е потребно, можат да бидат побарани дополнителни доказни документи за условите под кои тие се изложени.

3. Ставот 1 се однесува на секој вид трговски, индустриски, земјоделски или занаетчиски изложби, саеми и слични јавни презентации кои не се организирани за приватни цели во продавници или деловни простории за продавање на странски производи, а во текот на кои производите се под царински надзор.

## ГЛАВА IV

## ВРАЌАЊЕ ИЛИ ОСЛОБОДУВАЊЕ

*Член 15*

### Забрана на враќање на царини или ослободување од царини

1. Материјали без потекло користени во производството на производи што потекнуваат од земја членка на ЕЗ или од Република Македонија, а за кои доказот за потеклото е издаден или направен во согласност со одредбите од Глава 5 од овој Протокол, нема да подлежат на враќање, или ослободување од плаќање царина од каков и да е вид во земјата членка на ЕЗ или во Република Македонија.

2. Забраната од став 1 ќе се применува на сите аранжмани за рефундирање, намалување или неплаќање, делумно или целосно, на царината и царинските давачки со еквивалентно дејство, а кои се применуваат во земјата членка на ЕЗ или во Република Македонија во поглед на материјалите користени во производството и производите опфатени во горенаведениот параграф 1(б), и тоа кога такво рефундирање, намалување или неплаќање се применува стриктно или во практика и кога производите произведени од споменатите материјали се извезуваат, а не кога тие останугаат за употреба во државата на производството.

3. Во секој момент и по барање на царинските органи, извозникот на производите покриени со доказот за потеклото треба да биде подготвен да ги поднесе во секое време сите потребни документи со кои се докажува дека немало повратување во поглед на користење на материјали без потекло во производството на соодветни производи и дека сите царини или царински давачки со еквивалентно дејство кои се применуваат на таквите материјали се навистина платени.

4. Одредбите од ставовите 1 до 3 ќе се применуваат и на амбалажата во смисла на член 8(2), помошните средства, резервните делови и алатите како што се наведени во член 9, како и на производите во сет наведени во член 10 и тоа кога тие се без потекло.

5. Одредбите од ставовите 1 до 4 ќе се применуваат само на материјали од таков вид на кои се однесува Договорот. Тие нема да претставуваат пречка за примена на системот за рефундирање на извозот на земјоделските производи што инаку се применува при извозот како што тоа е одредено со Договорот.

6. Без оглед на параграф 1, Република Македонија може да промени повлекување, или ослободување од плаќање на царина или наплатите кои имаат исто влијание, за материјалите кои се користат во производство на производите со потекло кои подлежат на следниве одредби:

   (а) 5% од царината ќе бидат задржани за производите кои спаѓаат во Поглавјата 25 до 49 и 64 до 97 од Хармонизираниот систем, или слични пониски проценти кои се во сила во Република Македонија;

   (б) 10% од царината ќе бидат задржани за производите кои спаѓаат во Поглавјата 50 до 63 од Хармонизираниот систем, или слични пониски проценти кои се во сила во Република Македонија;

   Одредбите од овој член ќе се применуваат од 1 јануари 2003 г. и може да се разгледаат со заедничка согласност.

# ГЛАВА V

# ДОКАЗ ЗА ПОТЕКЛО

*Член 16*

**Општи услови**

1. Производите со потекло од Заедницата, при увоз во Република Македонија, и производите со потекло од Република Македонија при увоз во Заедницата, ќе имаат корист од овој Договор при поднесенување на:
   (а) уверение за движење ЕУР 1, чијшто примерок е даден во Анекс III; или
   (б) во случаи определени во член 21 (1), изјава, изготвена од страна на извозникот и чијшто текст е даден во Анекс IV, фактура, испратница или некој друг трговски документ во кој детално се опишуваат производите за кои станува збор за да можат да бидат идентификувани (во натамошниот текст "изјава во фактура")
2. Без оглед на став 1, производите со потекло во смисла на овој Протокол ќе имаат олеснувања според овој Договор без да биде потребно да се поднесува горespоменатиот документ, во случаи определени со член 26.

*Член 17*

**Постапка за издавање на уверение за движење ЕУР.1**

1. Уверението за движење ЕУР.1 го издаваат царинските органи на државата извозник по барање доставено во писмена форма од страна на извозникот или, со одговорност на извозникот, од страна на неговиот овластен претставник.
2. За оваа цел извозникот или неговиот овластен претставник го пополнува уверението за движење ЕУР.1 и формуларот за барање, чиишто примери се дадени во Анекс III. Овие формулари се пополнуваат на еден од јазиците на Договоров и во согласност со одредбите на домашното законодавство на земјата извозник. Доколку формуларите се пополнети на рака, тие ќе се пополнуваат со мастило и со печатни букви. Описот на производите мора да биде даден во рубриката резервирана за таа цел, без да се оставаат празни редови. Ако рубриката не е целосно пополнета мора да се повлече хоризонтална линија под последниот ред од описот, со тоа што празниот простор ќе се прецрта.
3. Извозникот кој поднесува барање за издавање на уверение за движење ЕУР.1, ќе биде подготвен во секое време, на барање на царинските органи на државата извозник каде што се издава уверението за движење ЕУР.1, да им ги даде на увид сите потребни документи со кои се докажува дека производот потекнува од некоја држава од Договорот и дека ги исполнува другите услови пропишани со овој Протокол.
4. Уверението за движење ЕУР.1 ќе го издаваат царинските органи на земјата членка на ЕЗ или на Република Македонија ако производите за кои се работи можат да се сметаат за производи со потекло од земјата членка на ЕЗ или од Република Македонија и ги исполнуваат сите други услови од овој Протокол.
5. Царинските органи што го издаваат уверението ќе ги преземат сите потребни чекори за проверка на потеклото на производот и исполнувањето на другите условите од овој Протокол. За таа цел, тие имаат право да бараат секаков вид доказ и да извршат секаква контрола на сметките на извозникот, или која било друга проверка што ја сметаат за потребна. Царинските органи што го издаваат уверението ЕУР.1 ќе се погрижат формуларите споменати во став 2 да бидат правилно пополнети. Тие посебно ќе проверат дали просторот резервиран за опис на производите е пополнет на таков начин кој исклучува можност за невистинити дополнувања.

6. Датумот на издавањето на уверението за движење ЕУР.1 ќе биде назначен во рубриката 11 од уверението.
7. Уверението за движење ЕУР.1 ќе биде издадено од страна на царинските органи и ќе му биде ставено на располагање на извозникот штом извозот е обезбеден или извршен.

*Член 18*

**Дополнително издадени уверенија за движење ЕУР.1**

1. Без оглед на член 17 (7), уверението за движење ЕУР.1 може, во исклучителни случаи, да биде издадено по извршениот извоз на производите на кои се однесува до колку:
   (а) тоа не било издадено за време на извозот поради грешки или ненамерни пропусти или посебни околности; или
   (б) ако на царинските органи им се докаже дека уверението за движење ЕУР.1 било издадено, но при увозот не било прифатено од технички причини.
2. За примената на став 1, во своето барање извозникот мора да ги наведе местото и датумот на извозот на производите на кои се однесува уверението за движење ЕУР.1, и да ги наведе причините за неговото барање.
3. Царинските органи можат дополнително да издадат уверение за движење ЕУР.1 само откако ќе утврдат дека податоците доставени во барањето на извозникот се совпаѓаат со податоците од сопствената евиденција.
4. Дополнително издаденото уверение за движење ЕУР.1 мора да содржи една од следниве забелешки:

   «NACHTRAGLICH AUSGESTELLT», «DELIVRE A POSTERIORI»,

   «RILASCIATO A POSTERIORI», «AFGEGEVEN A POSTERIORI»,

   «ISSUED RETROSPECTIVELY», «UDSTEDT EFTERFOLGENDE»,

   «ЕКДО+EN EK T+N Y+TEP+N», «ODPEDIDO A POSTERIORI»,

   «EMITIDO A POSTERIORI», «ANNETTU JALKIKATEEN»,

   «UTFARDAT I EFTERHAND», «ДОПОЛНИТЕЛНО ИЗДАДЕНО»

5. Забелешката спомената во став 4 ќе биде запишана во рубриката "Забелешки" од уверението за движење ЕУР.1.

*Член 19*

**Издавање на дупликат на уверението за движење ЕУР.1**

1. Во случај на кражба, губење или уништување на уверението за движење ЕУР.1, извозникот може да им се обрати на царинските органи што го издале за да добие дупликат кој ќе биде направен врз основа на извозните документи што тие ги поседуваат.
2. Вака издадениот дупликат мора да носи една од следниве напомени:

   «DUPLIKAT», «DUPLICATA», «DUPLICATO»,

   «DUPLICAAT», «DUPLICATE»,

   «ANTIГРАФО », «DUPLICADO», «SEGUNDO VIA»,

   «KAKSOISKAPPALE», «ДУПЛИКАТ»

3. Забелешката спомената во став 2 ќе биде запишана во рубриката "Забелешки" од дупликатот н: уверението за движење ЕУР.1.

4. Како датум на издавање на дупликатот ќе стои датумот на издавање на оригиналното уверени за движење ЕУР. 1 и ќе важи од тој датум.

*Член 20*

**Издавање на уверенија за движење ЕУР.1 врз основа на претходно издаден или изготвен доказ за потекло**

Кога производите со потекло се наоѓаат под царински надзор во земја членка на ЕЗ или во Република Македонија, оригиналниот доказ за потеклото ќе може да се замени со едно или повеќе уверенија за движење ЕУР.1 со цел сите или дел од овие производи да се пратат на некое друго место во рамките на земјата членка на ЕЗ или на Република Македонија. Уверението/уверенијата за движење ЕУР.1 што ќе служат како замена, ќе бидат издадени од страна на царинарницата под чија контрола се наоѓаат производите за кои се работи.

*Член 21*

**Услови за изготвување на изјава во фактура**

1. Изјавата спомената во член 16(1)(б) може да биде подготвена:
   (а) од страна на одобрениот извозник во смисла на член 22; или
   (б) од страна на кој било извозник за која било пратка што се состои од еден или повеќе пакети со производи со потекло чијашто вкупна вредност не надминува 6000 пресметковни единици.
2. Изјавата во фактурата може да се подготви до колку производите за коишто се работи можат да се сметаат за производи кои потекнуваат од земја членка на ЕЗ или од Република Македонија и ако тие ги исполнуваат другите услови од овој Протокол.
3. Извозникот кој ја дава изјавата во фактурата ќе биде подготвен во секое време, по барање на царинските власти на земјата извозник, да ги поднесе сите потребни документи со кои се докажува статусот на производот со потекло на дадените производи, како и исполнувањето на други услови пропишани со овој Протокол.
4. Извозникот ќе ја отчука или испечати изјавата, или ќе стави печат на фактурата, на испратницата или на некој друг трговски документ; текстот на изјавата е даден во Анекс IV. Притоа ќе се користи една од јазичните верзии изложени во спменатиот Анекс, а во согласност со одредбите од домашното право на земјата извозник. До колку изјавата е пишувана со рака, таа треба да биде напишана со мастило и со печатни букви.
5. Изјавите во фактурите ќе имаат оригинален потпис на извозникот во ракопис. Меѓутоа, од одобрениот извозник во смисла на член 22, нема да се бараат такви изјави под услов тој да се обврзе пред царинските власти на земјата извозник, во писмена форма, дека ја прифаќа целосната одговорност за сите изјави што го идентификуваат како потписник.
6. Изјавата во фактурата може да биде издадена од страна на извозникот кога производите на кои таа се однесува се извезуваат, или по извршениот извоз, под услов таа да биде предадена во земјата извозник, најмногу две години по увозот на производите на коишто се однесува.

*Член 22*

**Одобрен извозник**

1. Царинските власти на земјата извозник можат да овластат кој било извозник што има чести пратки на производи, опфатени со овој Договор, да издава изјави во фактурите без оглед на вредноста на односните производи. Извозникот кој бара такво овластување мора на царинските власти да им ги поднесе сите нужни гаранции за верификување на статусот на производите со потекло за коишто станува збор, како и исполнувањето на другите услови од овој Протокол.
2. Царинските власти можат да доделат статус на одобрен извозник според условите кои тие ги сметаат за соодветни.
3. На одобрениот извозник царинските власти ќе му доделат број на царинско овластување кој ќе се наведува на изјавата во фактурата.
4. Царинските власти ќе ја надгледуваат употребата на овластувањето од страна на одобрениот извозник.
5. Царинските власти можат во секое време да го повлечат овластувањето. Тие тоа ќе го сторат кога одобрениот извозник веќе не ги дава гаранциите споменати во став 1, не ги исполнува условите споменати во став 2 или на некој друг начин неправилно го користи овластувањето.

*Член 23*

**Времетраење на доказот за потекло**

1. Доказот за потекло ќе важи четири месеци од датумот на неговото издавање во државата извозник и во тој рок мора да биде поднесен до царинските органи на државата увозник.
2. Доказот за потекло поднесен до царинските органи на државата увозник по истекот на рокот за поднесување определен во став 1, може да биде прифатен за примена на преференцијален третман, во случај кога неподнесувањето на уверението пред истекот на крајниот рок е предизвикано од вонредни околности.
3. Во други случаи на задоцнето поднесување, царинските органи на државата увозник можат да го прифатат доказот за потекло кога производите се испратени пред гореспоменатиот датум.

*Член 24*

**Поднесување на доказот за потекло**

Доказот за потекло се поднесува до царинските органи на државата увозник од Договорните страни во согласност со постапките што се применуваат во таа држава. Споменатите органи можат да побараат доказот за потекло да биде преведен и, исто така, можат да бараат увозната декларација да биде проследена со изјава на увозникот дека производите ги задоволуваат условите пропишани за примена на овој Договор.

*Член 25*

**Сукцесивен увоз**

Кога, на барање на увозникот и според условите утврдени од страна на царинските органи на државата увозник од Договорот, сукцесивно се увезуваат разглобени или несоставени производи во смисла на основното правило 2(а) од Хармонизираниот систем, опфатени во Оддел XVI и XVII или со тарифните броеви 7308 и 9406 од Хармонизираниот систем, на царинските органи за овие производи им се поднесува само едно уверение за движење и тоа при увозот на првата пратка.

*Член 26*

**Исклучоци во однос на доказот на потекло**

1. Производи кои приватни лица како мали пакети ги праќаат на приватни лица или кои претставуваат дел од личниот багаж на патникот ќе бидат прифатени како производи со потекло без барање за доставување на доказ за потекло, под услов таквите производи да не се увезени за трговски цели и да се декларирани дека ги задоволуваат условите од овој Протокол и каде што нема сомневање во веродостојноста на таквото декларирање. Во случаи на производи пратени по пошта, ова декларирање мора да биде дадено на царинска декларација CN22/CN23 или на хартија приложена кон тој документ.
2. Повремените увози кои се состојат единствено од производи за лична употреба на примателот, патникот или нивните семејства нема да се сметаат за трговски увози ако од природата и количината на производите е очигледно дека тие не се наменети за комерцијални цели.
3. Вкупната вредност на тие производи, во случај на мали пакети, нема да биде поголема од 500 евра, а во случај на производи што се дел од личниот багаж на патникот, вкупната вредност нема да надминува 1200 евра.

*Член 27*

**Придружни документи**

Документите споменати во член 17(3) и 21(3) што се користат за докажување дека производите опфатени со уверението за движење ЕУР.1, или со изјава во фактурата, можат да се сметаат за производи со потекло од Заедницата или од Република Македонија и дека ги исполнуваат другите услови од овој Протокол, можат да се состојат, меѓу другото, и од:

(а) директен доказ за постапките извршени од страна на извозникот или доставувачот за добивање на односната стока, содржани на пример, во неговите сметки или во неговото интерно сметководство;

(б) документи со кои се докажува потеклото на материјалите кои се употребени, издадени или пополнети во земја членка на ЕФТА или во Македонија каде што овие документи се употребуваат во согласност со домашното законодавство;

(ц) документи со кои се докажува степенот на обработка или преработка на материјалите од земја членка на ЕЗ или од Република Македонија, кои се користат, издаваат или пополнуваат во земја членка на ЕЗ или во Република Македонија и каде што овие документи се употребуваат во согласност со домашното законодавство;

(д) уверение за движење ЕУР.1, или изјави во фактурите, со кои се докажува потеклото на употребените материјали, издадени или изготвени во земја членка на ЕЗ или во Република Македонија во согласност со овој Протокол.

*Член 28*

**Чување на доказот за потекло и придружните документи**

1. Извозникот што поднесува барање за издавање на уверението за движење ЕУР.1, ќе ги чува документите наведени во Член 17 (3) најмалку три години.
2. Извозникот што ја изготвува изјавата во фактурата ќе чува копија од изјавата во фактурата, како и документите наведени во Член 21(3), најмалку три години.
3. Царинските органи на државата извозник што го издаваат уверението за движење ЕУР.1, ќе ги чуваат барањата наведени во Член 17(2) најмалку три години.
4. Царинските органи на државата увозник ќе ги чуваат уверенијата за движење ЕУР.1 и изјавите во фактурите што им се поднесени, најмалку три години.

*Член 29*

**Несовпаѓања и формални грешки**

1. Откривањето на мали несовпаѓања меѓу изјавите со кои се докажува потеклото и оние поднесени во документите до царинските органи за да можат да се извршат формалностите за увоз на производи, нема ipso facto да значи дека доказот за потеклото е неважечки ако се утврди дека тој документ навистина одговара на соодветните производи.

2. Очигледните формални грешки, како печатните грешки на доказот за потекло, нема да повлечат со себе отфрлање на документот, ако овие грешки не се од вид кој може да предизвика сомневање во точноста на изјавите во документот.

*Член 30*

**Износи изразени во евра**

1. За примената на одредбите од член 21(1) (б) и член 26(3) во случај кога за производите има фактура која не е во евра, износот на националната валута на Република Македонија еквивалентен на износот изразен во евра треба да се утврдува годишно.

2. Одредена пратка треба да има корист од одредбите на член 21(1) (б) или член 26(3) во врска со валутата со која е направена фактурата, според износот утврден од Заедницата или од Република Македонија.

3. Износите што ќе бидат изразени во која било национална валута ќе бидат еквивалентни со валутата на износите изразени во евра, кои важат на првиот работен ден од октомври. Европската комисија ќе биде известена за износот до 15 октомври и ќе се користи од 1 јануари наредната година. Европската комисија ќе ја извести Република Македонија за соодветната сума.

4. Заедницата или Република Македонија може да ја заокружи или намали сумата која ќе се појави како резултат на промената на државната валута во евра. Заокружената сума може да не се разликува од резултатот при менувањето на валутите повеќе од 5%. Република Македонија може да не го смени еквивалентот на државната валута во однос на еврото ако, во време на годишните приспособувања одредени во параграф 3, сменувањето на таа сума, пред какво било заокружување, резултира со зголемување поголемо од 15 % во државната валута. Еквивалентот на државната валута може да остане непроменет ако конверзијата резултира со намалување во еквивалентната валута.

5. Износот изразен во евра треба да се прегледа од Комитетот за стабилизација и асоцијација по барање на Заедницата или на Република Македонија. Кога ќе се врши прегледот, Комитетот за стабилизација и асоцијација треба да ја разгледа пожелноста да се задржат ефектите на ограничувањата во вистински услови. Заради ова, тој може да одлучи да ја промени сумата изразена во евра.

## ГЛАВА VI

## МЕТОДИ НА УПРАВНА СОРАБОТКА

*Член 31*

**Заемна помош**

1. Царинските органи на земјите членки на ЕЗ и на Република Македонија заемно ќе си доставаат, преку Европската комисија, отпечатени примероци од печатите што се употребуваат во нивните

царински испостави кои издаваат уверенија за движење ЕУР.1, како и адресите на царинск органи задолжени да ги проверуваат уверенијата.

2. Со цел да се обезбеди правилна примена на овој Протокол, земјите членки на ЕЗ и Републи Македонија заемно ќе си помагаат, преку надлежните царински управи, при проверката автентичноста на уверенијата за движење ЕУР.1, или изјавите во фактурите и точноста податоците дадени во овие документи.

*Член 32*

**Верификација на доказот за потеклото**

1. Дополнителните верификации на доказот за потекло треба да се извршуваат без одреде распоред или во кој било момент кога царинските органи на државата увозник имаат основан сомнение околу автентичноста на таквите документи, за статусот на потеклото на соодветнит производи или за исполнувањето на другите услови содржани во овој Протокол.
2. За спроведување на одредбите од став 1, кога е тоа потребно, царинските органи на држават увозник ќе го вратат уверението за движење ЕУР.1 и фактурата, ако била поднесена, изјавата во фактурата или копиите од овие документи до царинските органи на Договорната стран извозник наведувајќи ги причините за проверката. Сите добиени документи и податоци што укажуваат дека податоците наведени во доказот за потекло се неточни ќе бидат доставени како поткрепа на барањето за верификација.
3. Верификацијата ја вршат царинските органи на Договорната страна извозник. За таа цел, тие имаат право да побараат какви било докази и да ја контролираат сметката на извозникот или каква било друга проверка која се смета за потребна.
4. Ако царинските органи на земјата увозник решат да го суспендираат доделувањето на преференцијален третман на соодветните производи додека тие ги чекаат резултатите од верификацијата, на увозникот може да му биде понудено производите да ги преземе под услов да се обезбедат сите неопходни мерки за заштита.
5. Царинските органи кои бараат верификација, ќе бидат известени за резултатите од оваа верификација што е можно поскоро. Од овие резултати мора јасно да произлегува дали документите се автентични и дали соодветните производи можат да се сметаат како производи со потекло од земја членка на ЕЗ или од Република Македонија и дали ги исполнуваат другите услови од овој Протокол.
6. Ако за случаите за кои постои основано сомнение не биде добиен одговор во рок од десет месеци од датумот на барањето за верификација, или ако одговорот не содржи информации доволни за да се определи автентичноста на документот за којшто станува збор или вистинското потекло на производите, царинските органи кои бараат верификација ќе одбијат да доделат преференцијален третман, освен во исклучителни околности.

*Член 33*

**Решавање на спорови**

Ако настанат спорови во врска со постапките за верификација наведени во член 32, кои не можат да бидат решени меѓу царинските органи кои бараат верификација и царинските органи одговорни да ја спроведат истрагата, или ако споровите се во врска со толкувањето на овој Протокол, таквите спорови ќе му бидат поднесени на Комитет за стабилизација и асоцијација.

Во сите случаи решавањето на споровите меѓу увозникот и царинските органи на Договорната страна увозник ќе биде во согласност со законите на таа Договорна страна.

*Член 34*

**Казни**

Ќе се казни секое лице што ќе изготви или даде на изготвување документ кој содржи неточни податоци со цел да се добие преференцијален третман за производите.

*Член 35*

**Слободни зони**

1. Земјите членки на ЕЗ и Република Македонија ќе ги преземат сите неопходни чекори за да се осигураат дека производите со коишто се тргува, опфатени со доказот за потекло, а кои во текот на транспортот користат слободна зона сместена на нивнато подрачје, нема да бидат заменети со друга стока и нема да бидат предмет на друго ракување, освен вообичаените операции неопходни за да се спречи расипување на производите.
2. Изземајќи ги одредбите содржани во став 1, ако производите што потекнуваат од земја членка на ЕЗ и од Република Македонија се увезуваат во слободна зона, и се опфатени со доказ за потекло и подлежат на преработка или доработка, односните органи ќе издадат ново уверение ЕУР.1 по барање на извозникот, во случај ако доработката или извршената преработка е во согласност со одредбите на овој Протокол.

## ГЛАВА VII

## ЦЕУТА И МЕЛИЛА

*Член 36*

**Примена на Протоколот**

1. Терминот «Заедница» употребен во член 2 не се однесува на Цеута и Мелила.
2. Производите кои потекнуваат од Република Македонија, при увоз во Цеута или Мелила, во секој поглед ќе имаат исти царински режими како и за производите кои потекнуваат од царинската територија на Заедницата според Протокол 2 од Законот за пристапување на кралството Шпанија и Република Португалија во Европската заедница. Република Македонија треба да дозволи увоз на производи од овој Договор кои потекнуваат од Цеута и Мелила со ист царински режим како и оној на производите увезени од Заедницата и кои потекнуваат од неа.
3. За целите на примената на параграф 2 во врска со производите кои потекнуваат од Цеута и Мелила, овој Протокол ќе применува mutatis mutandis, во зависност од посебните услови одредени во член 37.

*Член 37*

**Посебни услови**

1. Под услов директно да се транспортирани во согласност со одредбите од член 13, ќе треба да се разгледа следново:

   (1) производи кои потекнуваат од Цеута и Мелила:

   (а) целосно добиени производи од Цеута и Мелила;

(б) производи добиени од Цеута и Мелила во чие производство се користени поинакви производи од оние на кои се однесува (а), под услов:

(i) споменатите производи да се доволно обработени или преработени во рамките на значењето на член 6 од овој Протокол, или пак

(ii) оние производи кои потекнуваат од Република Македонија или од Заедницата во рамките на значењето на овој Протокол, под услов тие да не биле обработени или преработени во поголема мера од недоволната обработка или преработка на која се однесува член 7(1).

(2) производи кои потекнуваат од Република Македонија

(а) целосно добиени производи од Република Македонија;

(б) производи добиени во Република Македонија, во чие производство се користени поинакви производи од оние наведени во (а), под услов:

(i) наведените производи да се доволно обработени или преработени во рамките на значењето на член 6 од овој Протокол; или пак

(ii) оние производи кои потекнуваат од Цеута или Мелила или од Заедницата во рамките на значењето на овој Протокол, под услов тие да не биле обработени или преработени во поголема мера од недоволната обработка или преработка на која се однесува член 7(1).

2. Цеута и Мелила ќе се сметаат за единствена територија.

3. Извозникот или неговиот овластен претставник треба да внесе «Република Македонија» и «Цеута и Мелила» во рубриката 2 од уверението за движење ЕУР 1 или на изјавата на фактурата. Покрај ова, ако производот потекнува од Цеута и Мелила, ова ќе биде покажано и во рубриката 4 од уверението за движење ЕУР 1 или на изјавата на фактурата.

4. Шпанските царински органи ќе бидат одговорни за примената на овој Протокол во Цеута и Мелила.

## ГЛАВА VIII

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

***Член 38***

**Амандмани на Протоколот**

Советот за стабилизација и асоцијација може да одлучи да ги смени одредбите од овој Протокол.

# АНЕКС I

## УВОДНИ ЗАБЕЛЕШКИ ВО ВРСКА СО СПИСОКОТ ОД АНЕКС II

**Забелешка 1:**

Списокот ги одредува условите што треба да се исполнети за сите производи да се сметаат за доволно преработени или обработени како што е одредено со член 6.

**Забелешка 2:**

2.1 Првите две колони од списокот го опишуваат добиениот производ. Првата колона ги дава тарифните броеви или броевите на главите од Хармонизираниот систем, а втората колона дава опис на стоките употребен во тој систем за соодветниот тарифен број или глава. За секој внес во првите две колони правилото е одредено во колоните 3 или 4. Кога во некои случаи, на внесот во првата колона му претходи ознаката "од", тоа значи дека правилата во колоните 3 или 4 се однесуваат само на дел од тој тарифен број како што е опишано во колоната 2.

2.2 Кога неколку тарифни броеви се групирани во колоната 1 или кога е даден бројот на главата, а описот на производот во колоната 2 е даден со општи термини, соседните правила во колоните 3 или 4 се однесуваат на сите производи кои, според Хармонизираниот систем, се распоредени во тарифните броеви од главата или во кој и да е од тарифните броеви групирани во колоната 1.

2.3 Кога во списокот постојат различни правила што се однесуваат на различни производи во некој тарифен број, во секој ред е содржан описот на тој дел од тарифниот број опфатен со соседните правила во колоните 3 или 4.

2.4 Кога за внесот во првите две колони, постои правило и во колоната 3 и во колоната 4, извозникот може како алтернатива да одбере примена или на правилото дадено во колоната 3 или на правилото дадено во колоната 4. Ако во колоната 4 не е дадено правило за потеклото, мора да се примени правилото дадено во колоната 3.

**Забелешка 3:**

3.1 Одредбите на член 6 од овој Протокол, за производи што се здобиле со статус на производи со потекло и кои се употребуваат во производството на други производи, се применуваат без оглед на тоа дали производите статусот го добиле во фабриката каде што тие производи се употребувани или во некоја друга фабрика во Република Македонија или во Заедницата.

*Пример:*

Мотор од тарифниот број 8407, за кој правилата велат дека вредноста на сите употребени материјали што се без потекло и кои можат да се вградат во него, не смее да надмине 40 проценти од цената на производот франко фабрика, е изработен од "друг легиран челик грубо обликуван со ковење" од тарифниот број od 7224.

Ако тоа ковење е направено во Република Македонија од ингот без потекло, тој веќе го добил статусот на потекло со употреба на правилото од списокот за тарифниот број од 7224. Кованиот материјал во тој случај може да се смета како материјал со потекло во пресметковната вредност на моторот, без оглед на тоа дали тој е произведен во истата или во друга фабрика во Република Македонија. Вредноста на инготот без потекло со ова не се зема предвид при собирање на вредноста на материјалите без потекло што се употребени.

3.2 Правилото од списокот за преработка претставува минимален потребен степен на преработка или обработка, па со преземање повисок степен на обработка или преработка се стекнува статус на производ со потекло; и спротивно на тоа, со помал степен на преработка или обработка не може да се стекне статус на производ со потекло. Така, ако правилото предвидува дека при одредена етапа на изработка може да се користи материјал без потекло, користењето на тој материјал во претходна етапа на изработка е дозволено, додека користењето на тој материјал во подоцнежна етапа на изработка не е дозволено.

3.3 Без прејудицирање на забелешката 3.2, каде што правилото гласи дека можат да бидат употребени "материјали од кој било тарифен број", можат да бидат, исто така, употребени материјали од истиот тарифен број во кој се распоредува и производот, согласно со кое било конкретно ограничување опфатено во правилото. Меѓутоа, изразот "производство од материјали од кој било тарифен број, вклучувајќи и други материјали од тарифен број ...." значи дека можат да се користат само материјали кои се распоредуваат во ист тарифен број како производ со опис кој се разликува од оној наведен во списокот во колоната 2.

3.4 Кога правилото во списокот одредува дека производот може да биде произведен од повеќе од еден материјал, тоа значи дека може да се употребува еден или повеќе материјали. Тоа не предвидува дека сите ќе бидат употребени.

*Пример:*

Правилото за ткаенини од ХС 5208 до 5212 одредува дека може да се користат природни влакна и покрај другите материјали може да се употребат и хемиски материјали. Тоа не значи дека е потребно да се употребат двата, може да се употреби едниот или другиот или и двата.

3.5 Кога правилото во списокот одредува дека производот мора да биде произведен од посебни материјали, условот очигледно не спречува употреба на други материјали кои, поради нивната блиска природа, не го задоволуваат правилото. (Види ја и забелешката 6.2 подолу, во врска со текстилот.)

*Пример:*

Правилото за приготвена храна од тарифниот број 1904 кое посебно ја исклучува употребата на житарки или преработки од житарки, не спречува употреба на минерални соли, хемиски или други адитиви кои не се производи од житарки.

Меѓутоа, ова не се однесува на производи кои, кога не можат да бидат произведени од конкретно наведените материјали во списокот, можат да бидат произведени од материјали од иста природа во некоја претходна етапа на производството.

*Пример:*

Во случај на производ за облекување од od Глава 62 изработен од неткаен материјал, ако за оваа класа на производ е дозволено користење само на предено без потекло, не може да се започне од неткаен материјал – дури и ако неткаените материјали не можат да бидат направени од предено. Во такви случаи почетниот материјал треба да биде на степен на обработка пред предено – а тоа е степен на влакно.

3.6 Кога во некои правила од списокот се наведуваат два процента за максималната вредност на материјалите без потекло што можат да бидат употребени, тогаш тие проценти не смеат да се собираат заедно. Со други зборови, максималната вредност на сите употребени материјали без потекло никогаш не смее да го надмине највисокиот даден процент. Поединечните проценти не смеат да се надминат во однос на материјалите за кои се применуваат.

**Забелешка 4:**

4.1 Терминот "природни влакна" во списокот е употребен за да означи влакна што не се вештачки или синтетички. Тој е лимитиран на степените пред предење, вклучувајќи и отпадоци, и, ако тоа не е поинаку означено, во него се вклучени влакна што биле влачени, чешлани или обработени на друг начин, но не впредени.

4.2 Терминот "природни влакна" вклучува коњски влакна од тарифен број 0503, свила од тар. број 5002 и 5003, како и волнени влакна, фини животински влакна од тар. број 5101 до 5105, памучни влакна од тар. број 5201 до 5203 и други растителни влакна од тар. број 5301 до 5305.

4.3 Терминот "текстилна пулпа", "хемиски материјали" и "материјали за производство на хартија" се употребени во списокот да опишат материјали што не се распоредуваат во Главите 50 до 63, и кои можат да бидат употребени за производство на вештачки, синтетички или хартиени влакна или предено.

4.4 Терминот "вештачки сечени влакна" во списокот е употребен за означување на синтетички или вештачки филаменти, сечени влакна или отпадоци, од тар. број 5501 до 5507.

**Забелешка 5:**

5.1 Кога за даден производ во списокот се бара консултирање на овие забелешки, условите наведени во колоната 3 нема да се употребат на ниту еден основен текстилен материјал, употребен во производството на тој производ, кој, земен заедно, претставува 10 проценти или помалку од вкупната маса на сите употребени основни текстилни материјали. (Види ги забелешките 5.3 и 5.4 подолу.)

5.2 Меѓутоа, отстапувањата наведени во забелешката 5.1 можат да се применат единствено на мешани производи направени од два или повеќе основни текстилни материјали.

Основни текстилни материјали се следниве:

- свила
- волна
- груби животински влакна
- фини животински влакна
- коњски влакна
- памук
- материјали за правење хартија и хартија
- лен
- вистински коноп
- јута и други текстилни влакна
- сисал и други текстилни влакна од видот Агава
- кокос, абака, рамија и други растителни текстилни влакна
- синтетички филаменти
- вештачки филаменти
- синтетички вештачки сечени влакна од полипропилен
- синтетички вештачки сечени влакна од полиестер
- синтетички вештачки сечени влакна од полиамид
- синтетички вештачки сечени влакна од полиакрилонитрил
- синтетички вештачки сечени влакна од полиимид
- синтетички вештачки сечени влакна од политетрафлуороетилен
- синтетички вештачки сечени влакна од полифенилен сулфид
- синтетички вештачки сечени влакна од поливинилхлорид
- други синтетички вештачки сечени влакна
- вештачки сечени влакна од вискоза
- други вештачки сечени влакна
- предено од полиуретан сегментиран со флексибилни сегменти од полиетер, обвиткано или необвиткано
- предено од полиуретан сегментиран со флексибилни сегменти од полиестер, обвиткано или необвиткано

- производи од тарифен број 5605 (метализирано предено) што содржи лента од алуминиумс фолија или од пластичен слој обложени или необложени со прав од алуминум, со широчи до 5 мм, поврзани со проѕирни или обоени атхезиви меѓу два слоја од пластична фолија
- други производи од тарифен број 5605.

*Пример:*

Предeното од тарифен број 5205 изработено од памучни влакна од тарифен број 5203 синтетички сечени влакна од тарифен број 5506 е мешано предено. Така, синтетичките сечен влакна без потекло, кои не ги задоволуваат правилата за потеклото (кои бараат прозиводство о хемиски материјали или текстилна пулпа), можат да бидат употребени до висина од 10 проценти о масата на предeното.

*Пример:*

Волнена ткаенина од тарифен број 5112 изработена од волнено предено од тар. број 5107 и синтетичко предено од сечени влакна од тарифен број 5509 претставува мешана ткаенина. Оттука, синтетичкото предено што не ги задоволува правилата за потекло (кое бара производство од хемиски материјали или текстилна пулпа) или волненото предено што не ги задоволува правилата за потекло (кое бара производство од природни влакна, невлачени или нечешлани ниту поинаку преработени за предење), или комбинацијата од двете предена може да биде употребена под услов нивната вкупна маса да не надминува 10 проценти од масата на ткаенината.

*Пример:*

Тафтуваните текстилни ткаенини од тарифен број 5802 изработени од памучно предено од тарифен број 5205 и памучна ткаенина од тарифен број 5210 претставуваат мешан производ само ако памучната ткаенина е самата по себе мешана ткаенина, којашто е изработена од предена кои се распоредуваат во два посебни тарифни броеви или ако употребените памучни предена сами по себе претставуваат смеси.

*Пример:*

Ако тафтуваната текстилна ткаенина за којашто станува збор е изработена од памучно предено од тарифен број 5205 и синтетичка ткаенина од тарифен број 5407, тогаш, очигледно, употребените предена се два различни основни текстилни материјали и тафтуваната текстилна ткаенина, во согласност со тоа, е мешан производ.

5.3 Во случај на производи кои содржат "предено направено од полиуретан сегментирано со флексибилни сегменти од полиетер, обвиткано или необвиткано" оваа толеранција е 20 проценти во однос на ова предено.

5.4 Во случај на производи кои содржат "ленти од алуминиумска фолија или од пластичен слој обложени или необложени со прав од алуминиум, со широчина до 5 мм, поврзани со атхезив меѓу два слоја пластика", оваа толеранција е 30 проценти во однос на лентата.

**Забелешка 6:**

6.1 Во случај на текстилните производи кои во списокот се означени со фуснота која бара да се консултира оваа забелешка, текстилните материјали, со исклучок на поставите и меѓупоставите, кои не ги задоволуваат правилата наведени во списокот во колоната 3 за готови производи, можат да бидат употребени под услов тие да се распоредуваат во тарифен број различен од тарифниот број на производот и нивната вредност да не надминува 8 проценти од цената на производот франко фабрика.

6.2 Без прејудицирање на забелешката 6.3, материјалите што не се распоредуваат во Глава 50 до 63 можат слободно да се употребуваат во производство на текстилни производи, било тие да содржат или да не содржат текстилни материјали.

*Пример:*

Ако правилото во списокот наведува дека за посебни текстилни артикли, како панталони, може да биде употребено предено, тоа не спречува употреба на метални артикли, како копчиња, затоа што копчињата не се распоредуваат во Глава 50 до 63. Од истите причини, тоа не е пречка за употреба на патенти иако патентите, во принцип, содржат текстил.

6.3 Онаму каде што се применува правилото за процентите, вредноста на материјалите што не се распоредуваат во Глава 50 до 63 мора да биде земена предвид кога се пресметува вредноста на содржаните материјали без потекло.

**Забелешка 7:**

7.1 Во смисла на тар. броеви од 2707, 2713 до 2715, од 2901, од 2902 и од 3403, "специфичните процеси" се следниве:.

(а) вакуумска дестилација

(б) редестилација со продлабочен фракционен процес[1]

(ц) кракинг

(е) екстракција со помош на селективни растворувачи

(ф) процес кој ги опфаќа следниве операции: обработка со концентрирана сулфурна кисслина, олеум или сулфурен анхидрид; неутрализација со алкални агенси; деколоризација и пречистување со природна активна земја, активна земја, активен јаглен или боксит

(г) полимеризација

(х) алкилација

(и) изомеризација

7.2 За целите на тарифните броеви 2710, 2711 и 2712, "специфичните процеси" се следниве:

(а) вакуумска дестилација

(б) редестилација со продлабочен фракционен процес[2]

(ц) кракинг

(д) реформирање

(е) екстракција со помош на селективни растворувачи

(ф) процес кој ги подразбира следниве операции: обработка со концентрирана сулфурна киселина, олеум или сулфурен анхидрид; неутрализација со алкални агенти; деколоризација и пречистување со природна активна земја, активна земја, активен јаглен или боксит

(г) полимеризација

(ж) алкилација

(иј) изомеризација

(к) во однос на тешките масла кои се распоредуваат во тарифниот број од 2710, десулфуризацијата со водород резултира со намалување на барем 85 проценти од содржината на сулфурот на обработениот производ (метод ASTM D 1266-59 T)

(л) во однос на производите кои се распоредуваат само во тарифниот број 2710, депарафинирање со друг процес освен филтрирање

(м) во однос на тешките масла кои се распоредуваат во тарифниот број од 2710, третманот со водород под притисок од над 20 бари и температура од над 250°C со употреба на катализатор, освен ефектот на десулфуризација, кога водородот сочинува активен елемент во хемиската реакција. Натамошниот третман со водород на маслата за подмачкување од тарифниот број од 2710 (на пример, хидрофинализација или деколоризација) со цел посебно да се подобри бојата или стабилноста, сепак нема да се смета за специфичен процес.

[1] Види го објаснувањето 4(б) во Поглавјето 27 на Комбинираната номенклатура

[2] Види го објаснувањето 4(б) во Поглавјето 27 на Комбинираната номенклатура

(н) во смисла на маслата за гориво кои се распоредуваат во тарифниот број од 2710, атмосферската дестилација, под услов помалку од 30 проценти од овие производи да дестилираат, по зафатнина, вклучувајќи ги и загубите, на температура од 300°C според методот ASTM D 86.

(о) во однос на тешките масла, освен гасните масла и маслата за горење кои се распоредуваат само во тарифниот број од 2710, обработка со помош на високофреквентно празнење на електрична четка.

7.3 Во смисла на тарифните броеви од 2707, 2713 до 2715, од 2901, од 2902 и од 3403 едноставните операции, како чистење, декантирање, отсолување, отстранување вода, филтрирање, бојадисување, означување, добивање на сулфурна содржина како резултат на мешање на производи со различна содржина на сулфур, која било комбинација од овие операции или слични операции кои не даваат потекло.

# АНЕКС II

## СПИСОК НА ОБРАБОТКА ИЛИ ПРЕРАБОТКА ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗВРШАТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ БЕЗ ПОТЕКЛО ЗА ПРОИЗВОДОТ ДА СЕ ЗДОБИЕ СО СТАТУС НА ПРОИЗВОД СО ПОТЕКЛО

| Тарифен број на ХС | Опис на производот | Обработка или преработка, што треба да се изврши на материјалите без потекло,за да имаат статус со потекло | |
|---|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) или | (4) |
| Глава 01 | Живи животни | Сите употребени животни од Глава 1 мора целосно да преовладуваат | |
| Глава 02 | Месо и месни остатоци за јадење | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 1 и 2 мора целосно да преовладуваат | |
| Глава 03 | Риби и черупкари, мекотелци и други водени без'рбетници | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 3 мора целосно да преовладуваат | |
| од Глава 04 | Млечни производи; птичји јајца; природен мед; производи од животинско потекло за јадење што не се споменати ниту опфатени на друго место; освен: | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 4 мора целосно да преовладуваат | |
| 0403 | Маштеница, кисело млеко и павлака, јогурт, кефир и друго ферментирано или закиселено млеко и павлака, концентрирани или неконцентрирани, со додаден шеќер или други материи за засладување или ароматизирани со додадено овошје, јатчесто овошје или какао | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали од Глава 4 мора целосно да преовладуваат;<br>- сите употребени овошни сокови од тар. број 2009 (освен од ананас, лимета или од грејпфрут) мора да се од домашно потекло;<br>- вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 да не надминува 30% од фабричката цена на производот | |
| од Глава 05 | Производи од животинско потекло, што не се споменати ниту опфатени на друго место; освен: | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 5 мора целосно да преовладуваат | |
| од 0502 | Преработени четини и влакно од питоми или диви свињи | Чистење, дезинфекција, сортирање и исправување на четини и влакно | |
| Глава 06 | Живи дрвја и други растенија; луковици, корења и сл.; сечено цвеќе и украсни лисја | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали од Глава 6 мора целосно да преовладуваат;<br>-вредноста на сите | |

| | | |
|---|---|---|
| | | употребени материјали да не надминува 50% од фабричката цена на производот |
| Глава 07 | Зеленчук и некои корења и грутки за јадење | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 7 мора целосно да преовладуваат |
| Глава 08 | Овошје и јатчесто овошје за јадење; кори од агруми или од дињи и лубеници | Производство во кое:<br>- сето употребено овошје и јатчесто овошје мора целосно да преовладува;<br>-вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 да не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| од Глава 09 | Кафе, чај, мате-чај и мирудии; освен: | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 9 мора целосно да преовладуваат |
| 0901 | Кафе, печено или непечено, со или без кофеин; лушпи и ципи од кафе; замени за кафе што содржат кафе во кој и да е процент | Производство од материјали од кој и да е тар. број |
| 0902 | Чај, ароматизиран или неароматизиран | Производство од материјали од кој и да е тар. број |
| од 0910 | Смеси на мирудии | Производство од материјали од кој и да е тар. број |
| Глава 10 | Жита | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 10 мора целосно да преовладуваат |
| од Глава 11 | Производи од мелничката индустрија; слад; скроб; инулин; глутен од пченица; освен: | Производство во кое сите употребени жита, зеленчук, корења и грутки за јадење, од тар. број 0714 или овошје мора целосно да преовладуваат |
| од 1106 | Брашно, гриз и прав од сушен мешункаст зеленчук од тар. број 0713 | Сушење и мелење на мешункаст зеленчук од тар. број 0708 |
| Глава 12 | Маслодајни семиња и плодови; разни зрна, семиња и плодови; индустриски или медицински растенија; слама и добиточна храна | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 12 мора целосно да преовладуаат |
| 1301 | Шелак, природни гуми, смоли, гуми-смоли и маслени смоли (на пр. балсами) | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали од тар. број 1301 не надминува 50% од фабричката цена на производот |
| 1302 | Растителни сокови и | |

| | | |
|---|---|---|
| | екстракти; пектински материи, пектинати и пектати, агар-агар и други слузови и средства за згуснување; модификувани или немодификувани, добиени од растителни производи: | |
| | - Слузови и средства за згуснување, модификувани, добиени од растителни производи | Производство од немодификувани слузови и средства за згуснување |
| | - Други | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од фабричката цена на производот |
| Глава 14 | Растителни материјали за плетарство; растителни производи што не се споменати ниту опфатени на друго место | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 14 мора целосно да преовладуваат |
| од Глава 15 | Животински или растителни масла и маснотии и производи од нивно разлагање; преработени маснотии за јадење; животински или растителни восоци; освен: | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |
| 1501 | Свинска маст (вклучувајќи и сало) живинска маст, освен оние од тар. број 0209 или 1503: | |
| | - Маснотии од коски или отпадоци | Производство од материјали од кој и да е тар. број, освен од оние од тар. број 0203, 0206 или 0207 или од коски од тар. број 0506 |
| | - Други | Производство од месо или отпадоци за јадење од свинско месо од тар. број 0203 или 0206 или од месо и отпадоци за јадење од живинско месо од тар. број 0207 |
| 1502 | Маснотии од животни од видовите говеда, кози и овци, освен оние од тар. број 1503 | |
| | - Маснотии од коски или отпадоци | Производство од материјали од кој и да е тар. број, освен од оние од тар. број 0201, 0202, 0204 или 0206 или од коски од тар. број 0506 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Други | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 2 мора целосно да преовладуваат |
| 1504 | Маснотии и масла и нивни фракции, од риби или морски цицачи, рафинирани или нерафинирани, но хемиски немодификувани | |
| | - Цврсти фракции | Производство од материјали од кој и да е тар. број, вклучително и др. материјали од тар. број 1504 |
| | - Други | Производство во кое сите употребени материјали од Главите 2 и 3 мора целосно да преовладуваат |
| од 1505 | Рафиниран ланолин | Производство од маснотии од сурова волна од тар. број 1505 |
| 1506 | Други животински маснотии и масла и нивни фракции, рафинирани или нерафинирани, но хемиски немодификувани | |
| | - Цврсти фракции | Производство од материјали од кој и да е тар. број, вклучувајќи и др. материјали од тар. број 1506 |
| | - Други | Производство во кое сите употребени материјали од Глава 2 мора целосно да преовладуваат |
| 1507 до 1515 | Растителни масла и нивни фракции | |
| | - Соино масло, масло од кикиритки, палмово масло, масло од кокосов орев, од палмов орев, бабасу, тунгово масло и масло од оитицица, восок од мирта и јапонски восок, фракции од масло од јојоба и масла за технички или индустриски потреби од кои не се произведуваат прехранбени производи за човечка исхрана | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |
| | - Цврсти фракции, освен оние на маслото од јојоба | Производство од др. материјали од тар. број 1507 до 1515 |
| | - Други | Производство во кое сите употребени растителни материјали мора целосно да преовладуваат |

| | | |
|---|---|---|
| 1516 | Животински или растителни маснотии и масла и нивни фракции, делумно или целосно хидрогенизирани, интерестерификувани, реестерификувани или елеидинизирани, рафинирани или нерафинирани, но понатаму неприготвени | Производство во кое: - сите употребени материјали од Глава 2 мора целосно да преовладуваат: - сите употребени растителни материјали мора целосно да преовладуваат. Меѓутоа, може да се користат материјали од тар. број 1507, 1508, 1511 и 1513 |
| 1517 | Маргарин, смеси или препарати од животински или растителни масти или масла или од фракции на различни масти или масла од оваа Глава, погодни за јадење, освен мастите или маслата за јадење или нивните фракции од тар. број 1516 | Производство во кое: - сите употребени материјали од Главите 2 и 4 мора целосно да преовладуваат; - сите употребени растителни материјали мора целосно да преовладуваат. Меѓутоа, може да се користат материјали од тар. број 1507, 1508, 1511 и 1513 |
| Глава 16 | Преработки од месо, риби или черупкари, мекотелци или други водени безрбетници | Производство од животни од Глава 1. Сите употребени материјали од Глава 3 мора целосно да преовладуваат |
| од Глава 17 | Шеќер и производи од шеќер; освен: | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |
| од 1701 | Шеќер од шеќерна трска или шеќерна репка и хемиски чиста сахароза, во цврста состојба, ароматизиран или обоен | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 1702 | Други шеќери, вклучувајќи и хемиски чиста лактоза, малтоза, гликоза и фруктоза, во цврста состојба; шеќерни сирупи без додадени средства за ароматизација или боење; вештачки мед, помешан или непомешан со природен мед, карамела: | |
| | - Хемиски чиста малтоза и фруктоза | Производство од материјали од кој и да е тар. број, вклучувајќи и др. материјали од тар. број 1702 |
| | Други шеќери во цврста состојба, ароматизирани или обоени | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| | - Други | Производство во кое сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | употребени материјали мораат да бидат од домашно потекло |
| од 1703 | Меласи добиени при екстракција или рафинирање на шеќер, ароматизирани или обоени | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 1704 | Производи од шеќер (вклучувајќи и бело чоколадо) без какао | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот;<br>- вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| Глава 18 | Какао препарати од какао | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот;<br>- вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 1901 | Екстракт на слад; прехранбени производи од брашно, гриз, скроб или екстракт од слад што не содржат какао или содржат помалку од 40% по маса какао пресметано врз основа на целосна обезмастеност, што не се спомената ниту содржани на друго место; прехранбени производи од стоки од тар. број 0401 до 0404, што не содржат какао или содржат помалку од 5% маса какао пресметано врз основа на целосна обезмастеност, што не се споменати ниту содржани на друго место: | |
| | - Екстракт на слад | Производство од жита од Глава 10 |
| | - Други | Производство во кое<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот;<br>- вредноста на сите употребени материјали од |

| | | |
|---|---|---|
| | | Главите 4 и 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 1902 | Теста, варени или неварени или полнети (со месо или др. материи) или поинаку приготвени, како шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони; кус-кус, приготвени или неприготвени | |
| | - Со содржина од 20% или помалку месо по маса, месни отпадоци, риби, черупкари или мекотелци | Производство во кое сите употребени жита и деривати (освен тврдата пченица и нејзините деривати) мора целосно да преовладуваат |
| | - Со содржина од повеќе од 20% месо по маса, месни отпадоци, риби, черупкари или мекотелци | Производство во кое:<br>- сите употребени жита и деривати (освен тврдата пченица и нејзините деривати) мора целосно да преовладуваат;<br>- сите употребени материјали од Главите 2 и 3 мора целосно да преовладуваат |
| 1903 | Тапиока и замени за тапиока приготвени до скроб во форма на лушпи, зрнца, мониста и сл. форми | Производство од материјали од кој и да е тар. број, освен скроб од компир од тар. број 1108 |
| 1904 | Подготвени производи за исхрана добиени со барење или пржење на жита или производи од жита (на пр. пченкарни снегулки), жита, освен пченка во зрно или во форма на снегулки или други обработени жита (освен брашно и гриз) варени или поинаку приготвени, што не се споменати ниту вклучени на друго место | Производство:<br>- од материјали што не се распоредуваат во тар. број 1806;<br>- во кое сите употребени жита и брашно (освен тврдата пченица и нејзините деривати и пченката Zea indurata) мора целосно да преовладуваат[3];<br>- во кое вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 1905 | Леб, печива, колачи, бисквити и др. пекарски производи, со или без какао; нафора, празни капсули за фармацевтски производи; обланди, оризова хартија и сл. производи | Производство од материјал од кој и да е тар. број освен Глава 11 |
| од Глава 20 | Производи од зеленчук, овошје, јатчесто овошје или други делови на растенија; освен: | Производство во кое сето употребено овошје, јатчесто овошје или зеленчук мора целосно да преовладуваат |

[3] Исклучок во однос на "Zea indurata" во употреба е до 31.12.2002.

| | | |
|---|---|---|
| од 2001 | Сладок компир и сл. делови на растенијата погодни за јадење што по маса содржат 5% скроб или повеќе, приготвени или конзервирани во оцет или оцетна киселина | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |
| од 2004 и од 2005 | Компири во форма на брашно, гриз или снегулки, подготвени или конзервирани на друг начин освен во оцет или оцетна киселина | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |
| 2006 | Зеленчук, овошје, јатчесто овошје, кори од овошје и други делови од растенија, конзервирани во шеќер (сушени, кандирани или кристализирани) | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 2007 | Овошни џемови, желеа, мармелади, піреа или пасти од овошје или јатчесто овошје, добиени со варење, со или без додаден шеќер или други средства за засладување | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот;<br>- вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| од 2008 | Јатчесто овошје што не содржи додаток на шеќер или алкохол | Производство во кое вредноста на употребеното јатчесто овошје и маслодајно семе од домашно потекло од тар. број 0801, 0802, и 1202 до 1207 не надминува 60% од фабричката цена на производот |
| | - Путер од кикиритки; смеси од жита; палмини јатки, пченка | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е соджан производот |
| | - Други, освен овошје и јатчесто овошје подготвени на друг начин освен на пареа или со вриење во вода, без додаден шеќер, замрзнати | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот;<br>- вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 2009 | Овошни сокови и сокови од зеленчук (вклучувајќи и шира од грозје), | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се |

| | | |
|---|---|---|
| | неферментирани и без додаден алкохол, со или без додаток на шеќер или други средства за засладување | распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот; - вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| од Глава 21 | Разни производи за исхрана; освен: | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |
| 2101 | Екстракти, есенции и концентрати на кафе, чај, мате-чај, и преработки со основа од овие производи или со основа од кафе, чај, мате-чај ,пржена цикорија и други пржени замени за за кафе, или екстракти, есенции и концентрати од нив | Производство во кое: - сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот; - сите употребени цикории мора целосно да преовладуваат |
| 2103 | Сосови и препарати за сосови; мешани мирудии и мешани зачински средства; брашно и гриз од сенф и приготвен сенф | |
| | - Сосови и препарати за сосови, мешани мирудии и мешани зачински средства | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот. Меѓутоа, може да се користат брашно или гриз од сенф или приготвен сенф |
| | - Брашно и гриз од сенф и приготвен сенф | Производство од материјали од кој и да е тар. број |
| од 2104 | Супи и чорби и препарати за тие производи | Производство од материјали од кој и да е тар. број, освен од подготвен или конзервиран зеленчук од тар. број 2002 до 2005 |
| 2106 | Прехранбени производи што не се споменати ниту опфатени на друго место | Производство во кое: - сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот; - вредноста на сите употребени материјали од Глава 17 не надминува 30% од фабричката цена на производот |

| | | |
|---|---|---|
| од Глава 22 | Пијалаци, алкохоли и оцет; освен: | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот;<br>- сето употребено грозје или деривати од грозје мора целосно да преовладуваат |
| 9109 | Механизми за часовници, комплетни и составени | Производство во кое:<br>- вредноста на сите употребени материјали не надминува 40% од фабричката цена на производот<br>- вредноста на сите употребени материјали што не се од домашно потекло не ја надминува вредноста на употребените материјали со потекло | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 9110 | Комплетни механизми за часовници (лични и други) несоставени или делумно составени (механизми во сетови); некомплетни механизми за часовници (лични и други), составени; недовршени механизми за часовници (лични и други) | Производство во кое:<br>- вредноста на сите употребени материјали не надминува 40% од фабричката цена на производот<br>- во кое, во рамките на горенаведеното ограничување, материјалите кои се распоредуваат во тар. број 9114 се користат единствено до вредноста од 10% од фабричката цена на производот | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 9111 | Кутии за лични часовници и делови од кутии | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот<br>-вредноста на сите употребени материјали не надминува 40% од фабричката цена на производот | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 9112 | Кутии за часовници и кутии од сличен вид за други производи од оваа глава и делови од кутии | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот<br>-вредноста на сите употребени материјали не надминува 40% од фабричката цена на производот | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| 9113 | Ремени, синџирчиња и | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | гривни за рачни часовници и делови за ремени, синџирчиња и гривни | | |
| | - Од неблагородни метали, никлувани или нениклувани, или преслечени со благороден метал | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 40% од фабричката цена на производот | |
| | - Други | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од фабричката цена на производот | |
| Глава 92 | Музички инструменти; делови и прибор за овие производи | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 40% од фабричката цена на производот | |
| Глава 93 | Оружје и муниција; нивни делови и прибор | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од фабричката цена на производот | |
| Глава 94 | Мебел, постела, мадраци, носачи на мадраци, перници и слични полнети производи; ламби и други светлечки тела, што не се споменати ниту вклучени на друго место; осветлени знаци, осветлени плочки со имиња и сл.; монтажни згради; освен: | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 40% од фабричката цена на производот |
| od 9401 и od 9403 | Мебел од неблагородни метали што содржи неполнет памучен материјал со тежина од 300 гр/м$^2$ или помалку | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот<br>или<br>Производство од памучен материјал што е веќе изработен во форма готова за употреба во тар. број 9401 или 9403, под услов:<br>- неговата вредност да не надминува 25% од фабричката цена на производот;<br>- сите други употребени материјали да бидат од домашно потекло и да не се распоредуваат во тар. број 9401 или 9403 | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 40% од фабричката цена на производот |
| 9405 | Ламби и светлечки тела, вклучувајќи и рефлектори и спот-рефлектори и нивни делови што не се споменати | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од | |

| | | |
|---|---|---|
| | ниту опфатени на друго место; осветлени знаци, осветлени плочки со имиња и слично, со постојано фиксиран светлосен извор и нивни делови, што не се споменати ниту опфатени на друго место | фабричката цена на производот |
| 9406 | Монтажни згради | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од фабричката цена на производот |
| od Глава 95 | Играчки, реквизити за друштвени игри и спорт; нивни делови и прибор; освен: | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |
| 9503 | Други играчки; смалени модели и слични модели за игра, со или без погон; сложувалки од сите видови | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот<br>-вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од фабричката цена на производот |
| od 9506 | Палки за голф и нивни делови | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот. Меѓутоа, за правење на глави на палките за голф може да се користат грубо обликувани парчиња |
| od Глава 96 | Разни производи; освен: | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |
| od 9601 и od 9602 | Производи од материјали од животинско, растително или минерално потекло за резбарење | Производство од "обработени" материјали за резбарење од истиот тар. број |
| od 9603 | Метли и четки (освен метли од шибје и слично и четки од крзно од куна или верверица), механички направи за чистење на под што се држат в рака, без мотор, влошки и валјаци за бојадисување, бришачи за подови со сунѓер и мопи | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од фабричката цена на производот |
| 9605 | Патни сетови за лична тоалета, шиење или | Секој предмет во сетот мора да го задоволува правилото |

| | | |
|---|---|---|
| | чистење на чевли или облека | кое би се применувало врз него до колку тој не е вклучен во сетот. Меѓутоа, може да се вклучат и предмети што не се со потекло, под услов нивната вкупна вредност да не надминува 15% од фабричката цена на сетот. |
| 9606 | Копчиња, конци, дрикери и копчиња за преслекување, калапи за копчиња и други делови од овие производи; недовршени копчиња | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот<br>-вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од фабричката цена на производот |
| 9608 | Пенкала; фломастери и маркери со врв од филц или од друг порозен материјал; налив-пера и слични пера; пера за копирање; патент-моливи; перодршки, држалки за моливи и слични држалки; делови (вклучувајќи и капи и клипсови) на наведените производи, освен оние од тар. број 9609; | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тарифен број во кој не е содржан производот. Меѓутоа, во истиот тар.број можат да бидат употребени перца или перодршки |
| 9612 | Ленти за машини за пишување и слични ленти, натопени со мастило или поинаку подготвени за правење отпечатоци, на калеми или во патрони; перничиња за жигови, натопени или ненатопени, со или без кутија | Производство во кое:<br>- сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот<br>-вредноста на сите употребени материјали не надминува 50% од фабричката цена на производот |
| od 9613 | Запалки со пиезо-палење | Производство во кое вредноста на сите употребени материјали од тар. број 9613 не надминува 30% од фабричката цена на производот |
| od 9614 | Лулиња за пушење и глави од лулиња | Производство од грубо оформени парчиња |
| Глава 97 | Уметнички предмети, уметнички колекции и антиквитети | Производство во кое сите употребени материјали се распоредуваат во тар. број во кој не е содржан производот |

# А Н Е К С I I I

## УВЕРЕНИЕ ЗА ДВИЖЕЊЕ ЕУР.1 И БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА ДВИЖЕЊЕ ЕУР.1

1. Секој формулар мора да изнесува 210 х 297 мм, со дозволени отстапувања од минус 5 мм или плус 8 мм по должината. Треба да се употреби бела бездрвна хартија што не е полесна од 25 г/м$^2$. На подлогата мора да има отпечатен зелен знак "guilloche" така што секое фалсификување со механички или хемиски средства да биде видливо.

2. Надлежните органи од договорните страни можат да си го задржат правото самите да ги печатат формуларите или да ги дадат на печатење кај одобрени печатници. Во последниот случај, секој формулар мора да содржи ознака за таквото одобрување. На секој формулар мора да стои името и адресата на печатницата или знак преку кој печатницата може да биде идентификувана. Формуларот, исто така, треба да носи сериски број, отпечатен или означен на друг начин, со кој ќе може да биде идентификуван.

## УВЕРЕНИЕ ЗА ДВИЖЕЊЕ

| | |
|---|---|
| 1. **Извозник** (име, полна адреса, земја) | **ЕУР.1 Бр. А 000 000**<br><br>Пред да се пополни види ги забелешките подолу |
| 3. **Примач** (име, полна адреса, земја)<br>(по избор) | 2. **Уверението се користи во преференцијалната трговија помеѓу**<br>____________________<br>и<br>____________________<br>**(наведи земји, групи земји или територии)**<br><br>4. **Земја, група земји или територија од каде што се смета дека потекнуваат производите**<br><br>5. **Земја, група земји или територија на дестинацијата** |
| 6. **Детали за транспортот**<br>(по избор) | 7. **Забелешка** |
| 8. **Број на предмети; ознаки и броеви: бр. и вид на пакувања** [93]**; опис на стоката** | 9. **Бруто-маса (кг) или друга мерка (л, м$^3$, итн.)**<br><br>10. **Фактури**<br>(по избор) |
| 11. **СЕ ПОПОЛНУВА ОД ЦАРИНАТА**<br>Се потврдува декларацијата **Печат**<br>Извозен документ [94]:<br>Формулар _____ бр. ______<br>Царинарница: __________<br>Земја или територија на Издавање: ___________<br>____________________<br>____________________<br>Датум: _______________<br><br>____________________<br>(потпис) | 12. **ИЗЈАВА НА ИЗВОЗНИКОТ**<br>Јас, долупотпишаниот, изјавувам дека погоре опишаните стоки ги задоволуваат потребите за издавање на ова уверение<br><br>Место и датум: ____________________<br><br>____________________<br>(потпис) |

[93] За стоката без амбалажа да се означи бројот на предмети или да се стави "Во растурена состојба".

[94] Се пополнува само ако интерните прописи на земјата или територијата на извозот тоа го бараат.

| | |
|---|---|
| 13. **БАРАЊЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА,**<br>до | 14. **РЕЗУЛТАТ ОД ВЕРИФИКАЦИЈА**<br><br>Извршената верификација покажува дека ова уверение (1)<br>е издадено од наведената царинарница и содржаните информации се точни<br>не ги задоволува барањата за автентичност и точност (види ги приложените забелешки) |
| Се бара верификација за автентичноста и точноста на ова уверение<br>____________________<br>(место и датум)<br>печат | (место и датум)<br>печат |
| (потпис) | (потпис)<br>____________<br>(1) впиши X во соодветниот квадрат |

## ЗАБЕЛЕШКИ

1. Уверенијата не смеат да се пречкртуваат или да содржат зборови напишани еден врз друг. Секоја измена мора да се направи со бришење на неточните детали и додавање на потребните корекции. Ваквите измени треба да бидат означени со иницијалите на лицето што го пополнило уверението и да бидат потврдени од царинските власти на земјата или територијата што го издаваат.

2. Меѓу ставките наведени во уверението не смее да се остава простор и пред секоја мора да стои бројот на ставката. Веднаш под последната ставка мора да се повлече хоризонтална линија. Секој неискористен простор мора да се пречкрта за да се оневозможат секакви подоцнежни додавања.

3. Стоката мора да се опише согласно со трговската практика и со доволно детали за да се овозможи нејзина идентификација.

# БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА ДВИЖЕЊЕ

<table>
<tr><td>1. Извозник (име, полна адреса, земја)</td><td colspan="2">ЕУР.1 Бр. А 000 000<br><br>Пред да се пополни види ги забелешките подолу</td></tr>
<tr><td rowspan="2">3. Примач (име, полна адреса, земја)<br>(по избор)</td><td colspan="2">2. Уверението се користи во преференцијалната трговија помеѓу<br>____________________<br>и<br>____________________<br>(наведи земји, групи земји или територии)</td></tr>
<tr><td>4. Земја, група земји или територија од каде што се смета дека потекнуваат производите</td><td>5. Земја, група земји или територија на дестинацијата</td></tr>
<tr><td>6. Детали за транспортот<br>(по избор)</td><td colspan="2">7. Забелешка</td></tr>
<tr><td>8. Број на предмети; ознаки и броеви: бр. и вид на пакувања[95]; опис на стоката</td><td>9. Бруто-маса (кг) или друга мерка<br>(лит, м³, итн.)</td><td>10. Фактури<br>(по избор)</td></tr>
</table>

[95] За стоката без амбалажа да се означи бројот на предмети или да се стави "Во растурена состојба".

# ИЗЈАВА ОД ИЗВОЗНИКОТ

Јас, долупотпишаниот, извозник на стоката опишана на претходниот лист,

ИЗЈАВУВАМ дека стоката ги задоволува условите неопходни за издавање на приложеното уверение;

ГИ НАВЕДУВАМ, како што следува, околностите кои овозможиле оваа стока да ги задоволи горните услови:

.....................................................................................................................................

.....................................................................................................................................

.....................................................................................................................................

....................

ГИ ДОСТАВУВАМ следниве документи како потврда (1):

.....................................................................................................................................

.....................................................................................................................................

.......................................................................... СЕ ОБВРЗУВАМ да ги доставам, по барање на надлежните власти, сите потребни документи кои може да ги побараат овие власти со цел да се издаде приложеното уверение и се обврзувам, ако е потребно, да прифатам секаква инспекција на моите сметки и секаква проверка на процесите за производство на горенаведената стока, од страна на горенаведените власти;

БАРАМ издавање на приложеното уверение за таа стока.

.....................................................................................................................

(место и датум)

.....................................................................................................................

(потпис

............................................

(1) На пример: увозни документи, уверенија за движење, фактури, декларации на производителот итн.; кои се однесуваат на производите употребени за производство или за стоката реекспортирана во истата држава.

# АНЕКС IV

## Изјава во фактурата

Изјавите во фактурата, чиј текст е даден подолу, мораат да бидат направени во согласност со фуснотите. Сепак, фуснотите не треба да бидат репродуцирани.

Македонска верзија:

Извозникот на производите што ги покрива овој документ (царинска дозвола бр.........(1) изјавува дека, освен ако тоа не е јасно поинаку назначено, овие производи имаат преференцијално потекло (2).

Француска верзија :

L'exportateur des produits couverts par le présent document (autorisation douanière n° ... (1)) déclare que, sauf indication claire du contraire, ces produits ont l'origine préférentielle ... (2)

Шпанска верзија

El exportador de los productos incluidos en el presente documento (autorización aduanera n° ...(1)) declara que, salvo indicación en sentido contrario, estos productos gozan de un origen preferencial ...(2)

Данска верзија

Eksportøren af varer, der er omfattet af nærværende dokument, (toldmyndighedernes tilladelse nr. ...(1)), erklærer, at varerne, medmindre andet tydeligt er angivet, har præferenceoprindelse i ...(2)

Германска верзија :

Der Ausführer (Ermächtigter Ausführer; Bewilligungs-Nr. ... (1)) der Waren, auf die sich dieses Handelspapier bezieht, erklärt, dass diese Waren, soweit nicht anderes angegeben, präferenzbegünstigte ... (2) Ursprungswaren sind.

Англиска верзија:

The exporter of the products covered by this document (customs authorization No ...[1]) declares that, except where otherwise clearly indicated, these products are of ....[2] preferential origin.

Италијанска верзија :

L'esportatore delle merci contemplate nel presente documento (autorizzazione doganale n. ... (1)) dichiara che, salvo indicazione contraria, le merci sono di origine preferenziale ... (2).

Холанска верзија:

De exporteur van de goederen waarop dit document van toepassing is (douanevergunning nr. ... (1)), verklaart dat, behoudens uitdrukkelijke andersluidende vermelding, deze goederen van preferentiële ... oorsprong zijn (2).

Португалска верзија

O abaixo assinado, exportador dos produtos cobertos pelo presente documento (autorização aduaneira n°. ... (1)), declara que, salvo expressamente indicado em contrário, estes produtos são de origem preferencial ... (2).

Финска верзија

Tässä asiakirjassa mainittujen tuotteiden viejä (tullin lupan:o ... (1)) ilmoittaa, että nämä tuotteet ovat, ellei toisin ole selvästi merkitty, etuuskohteluun oikeutettuja ... alkuperätuotteita (2).

Шведска верзија

Exportören av de varor som omfattas av detta dokument (tullmyndighetens tillstånd nr. ... (1)) försäkrar att dessa varor, om inte annat tydligt markerats, har förmånsberättigande ... ursprung (2).

Грчка верзија

Ο εξαγωγέας των προϊόντων που καλύπτονται από το παρόν έγγραφο (άδεια τελωνείου υπ΄αριθ. ... (1)) δηλώνει ότι, εκτός εάν δηλώνεται σαφώς άλλως, τα προϊόντα αυτά είναι προτιμησιακής καταγωγής ...(2).

.......................................................(3)

(Место и датум)

.......................................................(4)

(Потпис на извозникот;
името на лицето
што ја потпишува изјавата
мора да биде означено
со јасни букви)

---

(1) Кога изјавата во фактура е направена од страна на одобрен извозник како што е назначено во член 21 од овој Протокол, бројот на овластувањето на одобрениот извозник мора да биде вметнат на ова место. Ако изјавата во фактура не е направена од страна на овластен извозник, зборовите во заграда ќе бидат испуштени или местото ќе биде оставено празно.

(2) Потеклото на производите мора да биде означено. Кога изјавата на фактурата се однесува во целина или делумно на производи со потекло од Цеута и Мелила, извозникот мора, вп документот за кој се прави декларацијата, да ги означи јасно со симболот "CM"

(3) Овие информации можат да бидат изоставени ако тие веќе се наоѓаат во самиот документ.

(4) Види член 20 (5) од Протоколот. Во случај кога извозникот не е потребно да потпише, непотребата од потпис повлекува и непотреба од наведување на името на потписникот.

# ПРОТОКОЛ 5
# ЗА ЗАЕМНА ПОМОШ ВО ЦАРИНСКИ РАБОТИ

## ЧЛЕН 1
## Дефиниции

За целите на овој Протокол:

(а) "царинско законодавство" значи секоја правна или регулативна одредба која се применува на територијата на Европската заедница и Република Македонија во врска со увозот, извозот и транзитот на стоки и нивно ставање под друг царински режим или постапка, вклучувајќи ги и мерките за забрана, ограничување и контрола;

(б) "орган молител" значи надлежен административен орган назначен од Договорната страна за оваа цел, кој поднесува барање за помош врз основа на овој Протокол;

(ц) "замолен орган" значи надлежен административен орган назначен од Договорната страна за оваа цел, кој прима барање за помош врз основа на овој Протокол;

(д) "лични податоци" значат сите информации за идентификувано лице или лице кое може да се идентификува;

(е) "кршење на царинското законодавство" значи секое прекршување или обид за прекршување на царинското законодавство.

## ЧЛЕН 2
## Делокруг

1. Договорните страни си помагаат една на друга во рамките на нивната надлежност, на начин и под услови дадени во овој Протокол, за да се обезбеди правилна примена на царинското законодавство, особено во спречувањето, истрагите и борбата против кршењето на тоа законодавство.

2. Помошта за царински прашања, која се обезбедува со овој Протокол, се однесува на секој административен орган на Договорните страни надлежен за примената на овој Протокол. Таа нема да ги исклучи правилата во врска со заемна помош за криминални работи, ниту пак треба да ги опфати информациите добиени со овластувањата применети по барање од судски орган, освен кога давањето на таквите информации се одобрени од тој орган.

3. Со овој Протокол не се опфаќа помошта за враќање на царина, даноци или казни.

## ЧЛЕН 3
## Помош по барање

1. На барање на органот молител, замолениот орган ги обезбедува сите релевантни информации со кои може да се осигура правилна примена на царинското законодавство, како и информации за забележани или планирани активности кои се, или можат да претставуваат кршење на царинското законодавство.

2. На барање на органот молител, замолениот орган треба да го информира за тоа:

   (а) дали стоките извезени од територијата на една од Договорните страни се правилно увезени на територијата на другата Договорна страна, и кога е можно да се определи применетата царинската постапка на стоките;
   (б) дали стоките увезени на територијата на една од Договорните страни се правилно извезени од територијата на другата Договорна страна, и кога е можно да се посочи применетата царинската постапка на стоките;

3. По барање на органот молител, замолениот орган, во рамките на своите правни или регулативни одредби, ќе ги преземе потребните чекори за да се обезбеди посебен надзор врз:

   (а) физички или правни лица за кои постои реална основа да се верува дека тие се, или биле вклучени во кршење на царинското законодавство;
   (б) места каде што биле или можеби биле составувани стоки на начин што дава реална основа да се верува дека овие стоки се наменети за користење при кршењето на царинското законодавство;
   (ц) стоките кои се, или можат да бидат транспортирани на начин што дава реална основа да се верува дека тие се наменети за користење при кршење на царинското законодавство;
   (д) превозни средства кои се, или можат да бидат искористени на начин што дава реална основа да се верува дека тие се наменети за кршење на царинското законодавство.

## ЧЛЕН 4
## Самоиницијативна соработка

Договорните страни си помагаат заемно, самоиницијативно и во согласност со своите правни и регулативни одредби, ако сметаат дека тоа е потребно за правилна примена на царинското законодавство, особено со обезбедување информации добиени во врска со:

- активности со кои се крши, или изгледа дека се крши царинското законодавство и кои можат да бидат од интерес за другата Договорна страна;
- нови средства или методи во кршењето на царинското законодавство;
- стоки за кои се предмет на активности за кршење на царинското законодавство;
- физички или правни лица за кои има реална основа да се верува дека се, или биле вклучени во активности за кршење на царинското законодавство;
- превозни средства во врска со кои има реална основа да се верува дека биле, или можат да се користат за кршење на царинското законодавство.

ЧЛЕН 5

Доставување, известување

На барање на органот молител, замолениот орган, во согласност со правните или регулативни одредби кои ги применува, ги презема неопходните мерки за:

- да достави секаков документ или
- да извести за секоја одлука,

кои произлегуваат од органот молител и кои спаѓаат во делокругот на овој Протокол, до лице кое живее или правно лице кое е формирано на територијата на замолениот орган. Барањата за доставување на документи или известувања за одлуки треба да бидат во писмена форма и на службениот јазик на замолениот орган или на јазик прифатлив за тој орган.

ЧЛЕН 6

Формат и содржина на барањата за давање помош

1. Барањата во врска со овој Протокол треба да бидат во писмена форма. Тие треба да бидат придружени со потребните документи за овозможување на исполнување на барањето. Кога барањето е итно, може да се прифати усно барање, но тоа веднаш мора да биде потврдено во писмена форма.

2. Барањата во врска со став 1 ги содржат следните податоци:
   (а) орган молител;
   (б) мерки кои се бараат;
   (ц) предмет и причина за барањето;
   (д) правните и регулативни одредби и други правни елементи;
   (е) што поточни и подетални податоци за физичките или правните лица кои се предмет на истрагата;
   (ф) краток опис на релевантните факти и на веќе извршените истраги.

3. Барањата се доставуваат на службениот јазик на замолениот орган или на јазик прифатлив за тој орган. Ова барање не се однесува на сите документи кои го придружуваат барањето од став 1.

4. Ако барањето не ги задоволува формалните барања поставени погоре, може да се побара негова исправка или дополнување. Во меѓувреме може да се побараат мерки за претпазливост.

ЧЛЕН 7

Извршување на барањата

1. Со цел да се одговори на барањето за помош, замолениот орган постапува, во рамките на своите надлежности и расположливите средства, како да настапува во свое име или по барање на други органи на истата Договорна страна, со давање на информации во свој посед, со водење на соодветни истраги или со нивно

организирање. Оваа одредба се применува и од кој било друг орган до кој е испратено барањето од замолениот орган кога тој не може самостојно да го исполни.

2. Барањата за помош се вршат во согласност со правните и регулативните одредби на замолената Договорна страна.

3. Овластените службени лица на едната Договорна страна, со согласност на другата Договорна страна и во согласност со услови поставени од неа, можат да престојуваат во простории на замолениот орган или на кој било друг орган во согласност со став 1, за добивање на информации за активностите кои го кршат, или може да го кршат царинското законодавство, а кои му се потребни на органот молител за целите на овој Протокол.

4. Овластените службени лица на едната Договорна страна можат, со согласност на другата вклучена Договорна страна и во согласност со условите одредени од неа, да присуствуваат на истраги кои се водат на нејзината територија.

## ЧЛЕН 8
## Формат во кој се доставуваат информациите

1. Замолениот орган ги доставува резултатите од истрагите до органот молител во писмена форма заедно со соодветните документи, заверени копии или други работи.
2. Овие информации можат да бидат во компјутеризирана форма.
3. Оригиналните документи се доставуваат само по барање, во случаи кога заверените копии не се доволни. Овие оригинали треба да се вратат што поскоро.

## ЧЛЕН 9
## Исклучоци на обврските за давање помош

1. Помошта може да се одбие или да зависи од исполнувањето на одредени услови или барања, во случаи кога една Страна смета дека помошта од овој Протокол:

   (а) најверојатно ќе има предрасуди за суверенитетот на Република Македонија или на земјите членки од кои се бара да обезбедат помош според овој Протокол; или
   (б) најверојатно ќе има предрасуди за јавното мислење, безбедноста или други важни интереси, особено во случаите споменати во член 10(2); или
   (ц) претставува повреда на индустриска, комерцијална или професионална тајна.

2. Помошта може да биде одложена од замолениот орган со образложение дека таа може да ѝпопречи на тековна истрага, судење или судска постапка која е во тек. Во таков случај, замолениот орган се советува со органот молител за да одлучи дали помошта може да се даде под такви услови или околности каква што бара замолениот орган.

3. Кога органот молител бара помош која тој самиот не е во можност да ја даде ако тоа се бара од него, тоа треба да го нагласи во своето барање. Тогаш од замолениот орган ќе зависи како ќе одговори на ова барање.

4. За случаите споменати во ставовите 1 и 2, одлуката на замолениот орган и причините за неа мора да се достават до органот молител без одолжување.

## ЧЛЕН 10

### Размена на информации и доверливост

1. Секоја доставена информација пренесена во каков било облик со овој Протокол, е доверлива и од рестриктивна природа, во зависност од правилата кои се применуваат во секоја од Договорните страни. Таа ќе биде опфатена со обврската за службена тајна и ќе биде заштитена како и други слични добиени информации со соодветни закони на Договорната страна, како и соодветните одредби кои се однесуваат на органите на Заедницата.

2. Личните податоци можат да се разменат само кога Договорната страна која може да ги прими презема должност да ги заштити овие податоци на ист начин како и онаа која се применува во одредени случаи кај Договорната страна која може да ги даде податоците. Заради тоа, Договорните страни треба да си даваат информации за нивните правила, како и, кога е можно, за правните одредби кои се на сила во земјите членки на Заедницата.

3. Користењето на информации добиени со овој Протокол, во судски или управни постапки во врска со кршење на царинското законодавство, се смета дека е за целите на овој Протокол. Заради тоа, Договорните страни можат, во нивните регистри, извештаи и сведочења и во судските постапки и обвинителни постапки пред судовите, да ги користат добиените докази и консултираните документи во согласност со одредбите на овој Протокол. Надлежните органи кои ги дале тие информации или кои дале пристап кон тие документи ќе бидат известени за таквата употреба.

4. Добиените информации треба да се користат само за целите на овој Протокол. Кога една од Договорните страни сака да ги искористи овие информации за други цели, таа однапред треба да добие писмена согласност од органот на власта кој ги доставил информациите. Таквата употреба потоа ќе биде предмет на секакви ограничувања поставени од тој орган.

## ЧЛЕН 11

### Стручни лица и сведоци

Одредено службено лице на замолениот орган може да биде овластено да се појави, во рамките на добиеното овластување, како стручно лице или сведок во судски или управни постапки во врска со прашањата опфатени со овој Протокол, и да достави документи или заверени копии, што можат да бидат потребни за постапките. Во барањето за појавување мора особено да е назначено пред кој судски или управен орган треба да се појави службеното лице, за кои прашања и врз основа на кое звање или квалификација службеното лице ќе биде испрашувано.

## ЧЛЕН 12

### Трошоци за помош

Договорните страни се откажуваат од сите меѓусебни барања за надоместок на трошоците настанати со овој Протокол, освен, соодветно, за трошоците за стручни лица и сведоци, како и оние за преведувачи кои не се државни службеници.

ЧЛЕН 13
Примена

1. Примената на овој Протокол се доверува од една страна на Царинските органи на Република Македонија и од друга страна на надлежните служби на Комисијата на Европските заедници и царинските органи на земјите членки, соодветно. Тие одлучуваат за сите практични мерки и активности неопходни за неговата примена, земајќи ги предвид правилата што се во сила, особено во областа на заштитата на податоци. Тие можат да им препорачаат на надлежните тела амандмани кои сметаат дека треба да се направат на овој Протокол.

2 Договорните страни меѓусебно се консултираат и последователно се информираат за деталните правила за примена кои се усвоени во согласност со одредбите на овој Протокол.

ЧЛЕН 14
Други договори

1. Земајќи ги предвид соодветните надлежности на Европската заедница и земјите членки, одредбите на овој Протокол :

- не влијаат врз обврските на Договорните страни од други меѓународни договори или конвенции;
- се сметаат за дополнителни одредби кон спогодбите за заемна помош кои се или можат да бидат потпишани меѓу одделни земји членки и Република Македонија,
- не влијаат врз одредбите на Европската заедница за комуникацијата меѓу надлежните служби на Комисијата на Европските заедници и царинските органи на земјите членки за секоја информација добиена со овој Протокол која ќе биде од интерес за Заедницата.

2. Без оглед на одредбите од став 1, одредбите на овој Протокол имаат предност пред одредбите на која било билатерална спогодба за заемна помош која е, или може да биде склучена меѓу одделни земји членки и Република Македонија, уште повеќе ако одредбите на вториве се несоодветни со оние од овој Протокол.

3. Во врска со прашањата поврзани со применливоста на овој Протокол, Договорните страни меѓусебно се консултираат за разрешување на прашањата во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација формиран со членот 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација.

# ЗАВРШЕН АКТ

Ополномоштените на :

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,

од една страна, и

ополномоштените на :

КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА,
КРАЛСТВОТО ДАНСКА,
СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА,
РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА,
КРАЛСТВОТО ШПАНИЈА,
ФРАНЦУСКАТА РЕПУБЛИКА,
ИРСКА,
ИТАЛИЈАНСКАТА РЕПУБЛИКА,
ГОЛЕМОТО ВОЈВОДСТВО ЛУКСЕМБУРГ,
КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА,
РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА,
ПОРТУГАЛСКАТА РЕПУБЛИКА,
РЕПУБЛИКА ФИНСКА,
КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА,
ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА,

договорните страни во Договорот за основање на Европската заедница, Договорот за основање на Европската заедница за јаглен и челик, Договорот за основање на Европската заедница за атомска енергија и Договорот за Европската унија,

во натамошниот текст "земји-членки" и

ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА, ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ЈАГЛЕН И ЧЕЛИК, ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА АТОМСКА ЕНЕРГИЈА,

во натамошниот текст "Заедница",

од друга страна,

на состанокот во Луксембург на 9 април 2001 година при потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија, од една страна и Европските заедници и нивните земји членки, од друга страна, во натамошниот текст "Спогодбата", ги усвоија следниве текстови :

Спогодбата, нејзините анекси од I до VII и тоа :

**Анекс I** - Увоз во Република Македонија на помалку чувствителни индустриски стоки со потекло од Заедницата

**Анекс II** - Увоз во Република Македонија на чувствителни индустриски стоки со потекло од Заедницата

**Анекс III** - Дефиниција на Заедницата за телешко месо "Baby-beef"

**Анекс IVa** - Увоз во Република Македонија на земјоделски стоки со потекло од Заедницата (без царина)

**Анекс IVб** - Увоз во Република Македонија на земјоделски стоки со потекло од Заедницата (без царина во рамки на квоти)

**Анекс IVц** - Увоз во Република Македонија на земјоделски стоки со потекло од Заедницата (концесии во рамки на квоти)

**Анекс Va** - Увоз во Заедницата на риби и рибни производи со потекло од Република Македонија

**Анекс Vб** - Увоз во Република Македонија на риби и рибни производи со потекло од Заедницата

**Анекс VI** - Основање "Финансиски услуги"

**Анекс VII** - Права на интелектуална, индустриска и трговска сопственост

и следниве протоколи :

**Протокол 1** - за текстилни и конфекциски производи

**Протокол 2** - за производи од челик

**Протокол 3** - за трговијата меѓу Република Македонија и Заедницата со преработени земјоделски производи

**Протокол 4** - за дефиницијата на концептот "потекло на производите" и за методите на административна соработка

**Протокол 5** - за взаемната помош меѓу администартивните власти за царински прашања

Ополномоштените од Република Македонија и ополномоштените од земјите членки и од Заедницата ги усвоија текстовите на заедничките декларации наведени подолу и приклучени кон Завршниот акт :

Заедничка декларација за членот 34 од Спогодбата

Заедничка декларација за членот 40 од Спогодбата

Заедничка декларација за членот 44 од Спогодбата

Заедничка декларација за членот 46 од Спогодбата

Заедничка декларација за членот 57 од Спогодбата

Заедничка декларација за членот 71 од Спогодбата

Заедничка декларација во однос на членот 118 од Спогодбата

Ополномоштените од Република Македонија се запознаа со долунаведените Декларации кои се приклучени кон Завршниот акт :

Унилатерална декларација на Заедницата и на нејзините земји членки за членовите 27 и 29

Унилатерална декларација на Заедница за член 76

Направено во Луксембург, 9 април 2001 година

За Советот
Претседател

## Заедничка декларација за Членот 34

Европските заедници и Република Македонија, свесни за влијанието што може да го има брзото отстранувањета на давачката од 1% применета за намените на царинската постапка на увезените стоки врз буџетот на Република Македонија, се согласни, како посебна мерка, дека давачката ќе се задржи се' до 1 јануари 2002 или до стапувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, во зависност од тоа кој настан ќе настапи прв.

Доколку оваа давачка во меѓувреме, во однос на трета земја биде намалена или отстранета, Република Македонија се обврзува веднаш да го примени истиот третман врз стоките со европско потекло.

Содржината на оваа Заедничка декларација нема да ја влијае врз позицијата на Европските заедници во преговорите за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација.

## Заедничка декларација во однос на Членот 40

Декларацијата за намери на Договорните страни за трговските аранжмани меѓу земјите кои настанаа од поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија:

1. Европската Заедница и Република Македонија сметаат дека е важно економската и трговската соработка меѓу земјите кои настанаа од поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија повторно да се воспостават што е можно поскоро, штом политичките и економските околности тоа го дозволат.

2. Заедницата е подготвена да додели кумулација на потеклото на земјите кои настанаа од поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои ја обновиле нормалната економска и трговска соработка штом ќе се воспостави административната соработка потребна за соодветно функционирање на кумулацијата.

3. Имајќи го ова предвид, Република Македонија изјавува подготвеност да започне преговори што е можно поскоро, со цел да воспостави соработка со другите држави кои настанаа од поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

## Заедничка декларација во однос на Членот 44

Се подразбира дека терминиот "децата" е дефиниран во согласност со националното законодаство на засегнатата земја-домаќин.

## Заедничка декларација во однос на Членот 46

Се подразбира дека терминот членови на нивните семејства е дефиниран во согласност со националното законодаство на засегнатата земја-домаќин.

## Заедничка декларација за прашањата од областа на сообраќајот во однос на Член 57

Страните се согласуваат да бараат применување, најбрзо што е можно на членот 12.3 (б) од Спогодбата во областа на сообраќајот меѓу Европската заедница и Република Македонија, врз основа на систем на екопоени преку склучување релевантна спогодба, во форма на размена на писма, што е можно поскоро и најдоцна до склучувањето на Времената спогодба.

Заедничка декларација во однос на Членот 71Страните се согласуваат за целите на оваа Спогодба, интелектуалната, индустриската и трговската сопственост, вклучуваат особено преиздавање, вклучително и преиздавање на компјутерските програми и сродните права, права поврзани со бази на податоци, патенти, индустриски дизајн, трговски и услужни марки, топографии на интегрирани кола, географски индикации, вклучувајќи географски марки, како и заштита против нелојална конкуренција, како што е наведено во член 10 а од Париската конвенција за заштита на индустриската сопственост и заштита на откривање информации за *кноњ-хоњ.*

## Декларација на Заедницата и нејзините земји-членки во однос на Членовите 27 и 29

Имајќи ги предвид вонредните трговски мерки дадени од страна на Европската Заедница на земјите-учеснички или земјите поврзани со Процесот на стабилизација и асоцијација, вклучувајќи ја и Република Македонија, врз основа на Регулативата (ЕЗ) 2007/2000, дополнета со Регулативата на Советот 2563/2000, Европската комисија и нејзините земји-членки изјавуваат:

- дека, при примената на член 29(2) од оваа Спогодба, оние автономни унилатерални трговски мерки што се поповолни, ќе се применуваат како дополнување на договорните трговски концесии, понудени од Заедницата во оваа Спогодба се´ додека Регулативата на Советот (ЕЗ) 2007/2000 се применува онака како што е дополнета;

- дека, особено, за производите покриени од Главите 7 и 8 од Комбинираната номенклатура, за кои Заедничката царинска тарифа предвидува примена на царински давачки на вредноста и специфични царински давачки, отстранувањето ќе се применува исто така врз специфичните царински давачки при изземање од релевантните одредби од Членот 27(1).

## Декларација на Европската Заедница за Членот 76

Што се однесува до реадмисијата од страна на Република Македонија на државјани на други држави или лица без државјанство, политиката за репатријација на Европската Заедница се заснова на следниве главни елементи:

- приоритет се дава на доброволното враќање;

- преовладува принципот на репатријација во земјата на потекло.

**Заедничка декларација во однос на Членот 118**

а) За потребите интерпретација и практична примена на Спогодбата, страните се согласни дека случаите на посебна ургентност, споменати во Членот 118 на Спогодбата, значат случаи на материјално кршење на Спогодбата од една од двете Страни. Материјално кршење на Спогодбата се состои од:

- непризнавање на Спогодбата што не е санкционирана со општите правила на меѓународното право

- кршење на основните елементи на Спогодбата утврдени со Член 2

б) Страните се согласни дека "соодветни мерки", споменати во Член 118, се мерки кои се преземаат согласно меѓународното право. Доколку едната Страна преземе мерка во случај на посебна ургентност, според Член 118, другата Страна може да отпочне постапка за решавање на спорот.

**ЛИСТА НА АНЕКСИ**

**Анекс I** (член 18.2) Увоз во Република Македонија на помалку чувствителни индустриски стоки со потекло од Заедницата

**Анекс II** (член 18.3) Увоз во Република Македонија на чувствителни индустриски стоки со потекло од Заедницата

**Анекс III** (член 27, 32) Дефиниција на Заедницата за телешко месо "Baby-beef"

**Анекс IVa** (член 27.3(а), 32) Увоз во Република Македонија на земјоделски стоки со потекло од Заедницата (без царина)

**Анекс IVб** (член 27.3(б), 32) Увоз во Република Македонија на земјоделски стоки со потекло од Заедницата (без царина во рамки на квоти)

**Анекс IVц** (член 27.3(ц), 32) Увоз во Република Македонија на земјоделски стоки со потекло од Заедницата (концесии во рамки на квоти)

**Анекс Va** (член 28.1, 32) Увоз во Заедницата на риби и рибни производи со потекло од Република Македонија

**Анекс Vб** (член 28.2, 32) Увоз во Република Македонија на риби и рибни производи со потекло од Заедницата

**Анекс VI** (Глава V, Поглавје II, член 47,49) Основање "Финансиски услуги"

**Анекс VII** (член 71) Права на интелектуална, индустриска и трговска сопственост

## ЛИСТА НА ПРОТОКОЛИ

**Протокол 1** - за текстилни и конфекциски производи

**Протокол 2** - за производи опфатени во Договорот за формирање на Заедницата за јаглен и челик

**Протокол 3** - за трговијата меѓу Република Македонија и Заедницата со преработени земјоделски производи

**Протокол 4** - за дефиницијата на концептот "потекло на производот" и за методите на административна соработка

**Протокол 5** - за заемната помош меѓу административните власти за царински прашања

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".